# Број 1
# 02.02.2026 година
# Службен гласник на општина Делчево

Уредува

Одделение за правни и општи работи

Јануари, 2026

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, 84/20, 202/24) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, **на ден 31.01.2026** година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од Четвртата седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите донесени на **Четвртата** седница одржана на **30.01.2026**година:

1.**Програм**а за работа на Советот на Општина Делчево за 2026 година;

2. **Решение** за назначување ликвидатор на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-ДЕЛЧЕВО;

3. **Измени** и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош;

4. **Решение** за именување членови во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево;

5. **Решение** за именување членови во Управен одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево;

6.**Одлука** за давање на трајно користење на недвижни ствари-службени простории на национална установа центар за култура (НУЦК) „Никола Јонков Вапцаров“-Делчево;

7. **Одлука** за давање на времено користење движна ствар –ФАП ТОВАРНО СПЕЦИЈАЛНО ПРОТИВПОЖАРНО возило на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“-Делчево;

8.**Програма** за извршување на јавни работи за 2026 година;

9.**Одлука**за ослободување од партиципација на деца Роми на возраст од 3-6 години за престој во детските градинки што се во социјален ризик за учебната 2025/2026 година;

10.**Програма** за социјална заштита на Општина Делчево за 2026 година;

11. **Одлука** за именување на членови на Совет за социјална заштита на Општина Делчево;

12. **Програма** за еднакви можности на мажите и жените на Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности за 2026 година;

13. **Одлука** за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2026 година;

14.**Програма** за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2026 година;

15.**Заклучок** во врска со Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите;

16.**Одлука** за формирање на Совет за јавно здравје;

17. **Одлука** за формирање на Совет за заштита на потрошувачите;

18. **Одлука** за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево;

19. **Одлука** за финансиска поддршка на Дарко Тасевски;

20.**Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Стојне Величков;

21. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа

зграда бр.2 по барање на Стојне Величков;

22. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект со намена Ф5- други објекти на земјоделско земјиште зграда бр.1 по барање на Горанчо Иванов;

24. **Одлука** за усвојување на Годишна Програма за работа на Младински центар Делчево за 2026 година;

25. **Одлука**за парична помош по барање бр.21-161/1 од 20.01.2026 година;

26. Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2026 година;

27.**Програма** за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2026 година;

28.**Програма** за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево за 2026 година;

29. **Програма** за активностите на Општина Делчево од областа на превенција, заштита и спасување од елементарни и други непогоди;

30.**Решение**за именување членови на Управниот одбор на Општинска јавнаустанова за деца- Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“Делчево;

31. **Одлука** за прифаќање донација од Друштво за трговија и услуги „М-Д РЕНТАЛС“-ДООЕЛ Скопје на нова вакумска метларка (машина за чистење на улици);

32. **Одлука** за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на Општина Делчево за 2026 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08-336 /1

02.02.2026 год.

Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Градоначалник,

Иван Гоцевски ,с.р.

**1.**Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), член 22 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Делчево (“Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 I 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 4.седница, одржана на ден .2026 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за работа на Советот на Општина Делчево за 2026 година

### ВОВЕДЕН ДЕЛ

Надлежностите на Единиците на локалната самоуправа, утврдени во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот на Советот претставуваат основа за донесување на Програмата за работа на Советот на Општината Делчево за 2026 година.

Со цел да обезбеди услови за остварување на надлежностите и извршување на својата функција, како и обезбедување на пристап на сите заинтересирани субјекти, Советот ја програмира својата работа, при тоа на транспарентен начин презентирајќи ги основните насоки по кои ќе се раководи

во текот на 2026 година.

Програмата во текот на целата година ќе биде отворена за секој нов предлог и истиот ќе биде добродојден, ако тоа значи збогатување и подобрување на нејзиниот квалитет.

Врз основа на доставените предлози од овластени органи кои се јавуваат како изготвувачи и предлагачи на работен материјал од својата област, секоја година се изготвува Програма за работа на Советот на Општина Делчево. Така е изготвена Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2025 година.

Во текот на годината ќе бидат разгледани и други материјали кои во оваа Програма не се вклучени од кои било причини. Програмата претставува насока за работа на Советот и истата е отворена за теми кои се во надлежност на локалната самоуправа. Но, исто така пред Советот може да бидат разгледани извештаи и информации кои се од важност за граѓаните на подрачјето на општина Делчево, а ги изготвуваат и предлагаат подрачните единици на државни органи.
Врз основа на напред наведеното, дадените предлози и согледувањата на стручните служби во Општината Делчево, Програмата за работа на Советот за 2026 година е како што следува:

ПОСЕБЕН ДЕЛ

| Ред.бр | Назив на актот | Предлагач | Изготвувач | Рок за донесување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Квартален изештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година за квартал 4; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Јануари/Февруари |
| 2 | Годишна сметка и годишен извештај на општина Делчево за 2025 година | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Од 1 до 15 Март |
| 3 | Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2026 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Јануари |
| 4 | Програма за изградба, реконструкција и одржување на општински патишта и улици во општина Делчево за 2026 година; | Градоначалник | Декември | Јануари |
| 5 | Програма за управување со отпад во општина Делчево за 2026 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Јануари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2026 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Јануари |
| 7 | Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за 2026 година | Директор | ЈПКД „Брегалница“-Делчево | Јануари /Февруари |
| 8 | Програма за социјална заштита за 2026 година | Градоначалник | Одделение за правни и општи работи | Јануари |
| 9 | Програма за одржување на јавната чистота во Општина Делчево за 2026 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам | Јануари |
| 10 | Полугодишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | Директор на ООУ „В.Прке“ | Сметководител, Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | Февруари |
| 11 | Годишна сметка за 2025 година на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | Директор на ООУ „Ванчо Прке“ | Сметководител, Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | Февруари |
| 12 | Годишна/завршна сметка (Извештај за реализација на материјално-финансиското работење) за 2025 година | Сметководител на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | Сметководител на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | Најдоцна до 28.02.2026 година |
| 13 | Полугодишен извештај за работата на ООУ „ Св.Климент Охридски“-Делчево; | Сметководител на ООУ „Св.Климент Охридски““ | Сметководител,Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево | Февруари-Март |
| 14 | Годишна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево; | Сметководител на ООУ „Св.Климент Охридски | Сметководител,Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево | Февруари-Март |
| 15 | Годишна сметка на СОУ „Методи Митевски Брицо-Делчево; | Сметководител на ООУ „Св.Климент Охридски | Сметководител,Директор на СОУ „М.М.Брицо“ Делчево | Февруари-Март |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16 | Годишен план за вработување во Општина Делчево за 2026 година; | Градоначалник | Одделение за човечки ресурси | Февруари/Март |
| 17 | Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација; | Градоначалник | Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | По потреба |
| 18 | Одлука за утврдување на висината на бодот за пресметување на плата во ОЈУДГ „Весели Цветови“ | Директор УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | Февруари |
| 19 | Одлука за утврдување на почеток и завршеток на работно време детската градинка; | Директор УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | По потреба |
| 20 | Одлука за усвојување на Годишна сметка на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за 2025 година; | Директор, УО на ЈПКД „Брегалница“-Делчево | ЈПКД „Брегалница“-Делчево | Март |
| 21 | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на ЈПКД „Брегалница“-Делчево; | Директор, УО на ЈПКД „Брегалница“-Делчево | ЈПКД „Брегалница“-Делчево | Март |
| 22 | Одлука за усвојување на Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2026-31.03.2026; | Директор, УО на ЈПКД „Брегалница“-Делчево | ЈПКД „Брегалница“-Делчево | Април |
| 23 | Одлука за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца; | Директор УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | Септември/Октомври |
| 24 | Одлуки за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка документација; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај и заштита на ЖС | Тековно и по потреба |
| 25 | Одлуки за утврдување на потреба за изработка и донесување на ЛУПД за потребите на општина Делчево и на заинтересирани странки; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај и заштита на ЖС | Февруари-Декември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 26 | Одлуки за поддршка на проекти од програма ИПА прекугранична соработка Македонија-Бугарија преку Министерство за финансии | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | По објавен повик |
| 27 | Одлуки за поддршка на проекти од Агенцијата за поддршка на земјоделството и рурален развој | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | По потреба |
| 28 | Одлуки за поддршка на проекти од Бирото за регионален развој; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | По потреба |
| 29 | Одлуки за поддршка на проекти преку Канцеларијата на Источно-планскиот регион; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | По потреба |
| | | | | |
| 30 | Програма за управување со отпад; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Мај-Декември |
| 31 | Одлука за определување на општинските патишта на подрачјето на општина Делчево; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Мај-Декември |
| 32 | Програма за јавно осветлување | Градоначалник | Оделение за урбанизам | Март |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | |
| 33 | Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за втор квартал; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Јуни-Јули |
| 34 | Годишна програма за работата на ООУ „Ванчо Прке“ | УО на ООУ „Ванчо Прке“ | Директор | Јули |
| 35 | Годишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке“; | УО на ООУ | Директор | Јули-Август |
| 36 | Годишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“; | УО на ООУ | Директор | Јули- Август |
| 37 | Годишна програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“; | УО на ООУ | Директор | Јули- Август |
| 38 | Годишна програма за работа на СОУ „М.М.Брицо“ | УО на СОУ | Директор | Јули- Август |
| 39 | Одлука за усвојување на Шестмесечен извештај за финансиското работење на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2026-30.06.2026; | Директор,<br>УО на ЈПКД „Брегалница“-Делчево | ЈПКД „Брегалница“-Делчево | Јули |
| 40 | Ребаланс на Буџетот на општина Делчево; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Септемри/Октомври |
| 41 | Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за трет квартал; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Октомври-Ноември |
| 42 | Одлука за усвојување на измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Септември-Ноември |
| 43 | Годишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“ | УО на СОУ | Директор | Септември |
| 44 | Годишната програма за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“ | УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“ | Директор | Најдоцна до 30 Септември |
| 45 | Годишен извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево | УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“ | Директор | Најдоцна до 30 Септември |
| 46 | План на Програми за развој на | Градоначалник на | Одделение за | До крај на месец |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Општина Делчево за 2027 | Општина Делчево | урбанизам и Одделение за финансиски прашања | Ноември |
| 47 | Буџетски календар за 2027 година; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Декември |
| 48 | Буџет на Општина Делчево за 2027 година; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Декември |
| 49 | Одлука за извршување на Буџет на Општина Делчево за 2027; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Декември |
| 50 | Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2027 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Декември |
| 51 | Програма за изградба, реконструкција и одржување на општински патишта и улици во општина Делчево за 2027 година; | Градоначалник | Декември | Декември |
| 52 | Програма за управување со отпад во општина Делчево за 2027 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Декември |
| 53 | Одделно мислење за секоја програма за изведување на екскурзии и др.слободни активности на ООУ и СОУ; | УО на ООУ | Одделение за прави и општи работи и јавни дејности | По потреба |
| 54 | Програма за одбележување настани и културни манифестации на Општина Делчевоза 2027 година; | Градоначалник | Комисија за организирање настани и културни манифестации | Декември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 55 | Програма за промоција и комуникација со јавноста на Општина Делчево за 2027 г. | Градоначалник | Комисија за организирање настани и културни манифестации | Декември |
| 56 | Програма за спорт на општина Делчево за 2027 година; | Градоначалник | Одделение за прави и општи работи и јавни дејности | Декември |
| 57 | Програма за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2027 година | Градоначалник | Одделение за прави и општи работи и јавни дејности | Декември |
| 58 | Програма за извршување на јавни работи во Општина Делчево за 2027 година | Градоначалник | Одделение за прави и општи работи и јавни дејности | Декември |
| 59 | Програма за образование на Општина Делчево за 2027 година | Градоначалник | Одделение за прави и општи работи и јавни дејности | Декември |
| 60 | Извештај за реализација на своите надлежности (член 50 став 1 точка 10 од ЗЛС) | Градоначалник | | Периодично |

Советот на Општина Делчево во текот на 2026 година, зависно од потребата за усогласување со законската регулатива, дава согласност на статутите на установите кои се во надлежност на Советот (ЈПКД „Брегалница“, СОУ „М.М.Брицо“, ООУ „В.Прке“, ООУ „Св.Климент Охридски“, ЈЛБ „Илинден“ и ОЈУДГ „Весели Цветови“.

Исто така, Советот на Општина Делчево именува и разрешува членови во органите на управување и донесува одлуки за начинот на располагање со средствата на истите. Советот на Општина Делчево го усвојува Полугодишниот и Годишниот извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патишата на подрачјето на општина Делчево.

Во тековната година, согласно согледувањата и потребата, Советот одлучува по барања за дополнувања на блок (наменските) дотации на корисниците од сопствени извори на Општината.

Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2026 година не е затворена и може да се надополнува доколку се јави потреба за тоа, согласно член 2 од Одлуката за формирање на Комисијата за изработка на Програма за работа на советот и член 134 од Деловникот.

НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на Општината Делчево ја регулира нормативната дејност на Советот во 2026 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивното усогласување со новите прописи што ќе бидат донесени во текот на 2026 година.

ЗАВРШЕН ДЕЛ

За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите, предлагачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени во истата. Во текот на 2026 година Советот на Општината Делчево ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Програмата ќе се објави во „Службен гласник на Општината Делчево".

**Број 09- 285/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.01.2025 год.** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Николчо Стојменовски,с.р.**

**2.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 35 став 3 од Законот за установи („Службен весник на Република Македонија" бр.32/2005, 120/2005 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.99/20220), а во врска со член 3 од Одлуката за престанок со работа на Локален историски, арехеолошки, етнолошки и природно-научен –МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-ДЕЛЧЕВО („Службен гласник на Општина Делчево" бр.22/2025) Советот на Општина Делчево, на својата 4.седница, одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За назначување ликвидатор на Локален историски, арехеолошки, етнолошки и природно-научен –МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-ДЕЛЧЕВО**

Член 1

Се назначува Ванчо Новоселски од с.Ѕвегор, Делчево, досегашно овластено лице за застапување како ликвидатор на Локален историски, арехеолошки, етнолошки и природно-научен –МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-ДЕЛЧЕВО.

Член 2

Ликвидаторот од член 1 на ова Решение е должен:

1. да ја спроведе постапката на ликвидација согласно Законот за установи, Законот за облигациони односи и другите важечки прописи;
2. да ги утврди имотот, обврските и побарувањата;
3. да ја изготви поребната документација;
4.да го организира преносот на музејските предмети;
5. да достави завршен ликвидациски извештај.

Член 3

Ликвидаторот ја претставува установата во постапката до нејзино конечно бришење.

Член 4

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр.09- 286/1**
**30.01.2026**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Николчо Стојменовски,с.р.**

**3.**Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 11 и член 306 став 2 од Законот за социјална заштита („Службен Весник на Република Северна Македонијабр.104/19,146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022, 2 36/2022 и 273/2022, 65/23, 32/24,192/25) и член 15 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево “ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а во врска со Програмата за социјална заштита на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на својата четврта седница, одржана на ден 30.01.2026 година, го донесе следниот

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ, УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

**Член 1**

ВоПравилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.1/23 и 21/25), во член 3 став 1 точка 9 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 10. точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка

По точката 10 се додаваа две нови точки 11 и 12, кои гласат:

11.Еднократна парична помош за онколошки пациенти и

12. Еднократна парична помош за ученици со мускулна дистрофија.

**Член 2**

По членот 5 се додаваат два нови член 5-а и 5-б кои гласат:

Член 5-а

Еднократна парична помош за онколошки пациенти

Право на еднократна помош за онколошки пациенти *имаат* физички лица жители на општината, заболени од малигни заболувања кои се наоѓаат во активен процес на лекување, односно примање на онколошка терапија, со цел ублажување на трошоците поврзани со лекување и рехабилитација.

Висината на паричната помош изнесува 10.000 денари.

Постапката за доделување парична помош за онколошки пациенти се поведува

соподнесување писмено барање до архивата на Општина Делчево.

Потребна документација за остварување на правото на еднократна парична помош за онколошки пациенти е:

- важечка лична карта на барателот;
- Медицинска документација (специјалистички упати,наоди од специјалист, извештај за историјат на болеста,отпусни листи, медицински потврди од соодветни здравствени установи дека во моментот на поднесување на барањето прима или ќе прима онколошка терапија и слично);
- трансакциона сметка на барателот.

Со поднесувањето на барањето подносителот ја доставува целокупната документацијата пропишана во став 4 од истиот член и потпишува изјава за користење на неговите личниподатоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Правото на оваа помош може да се оствари еднаш во текот на календарската година.

Доколку барателот ги исполнува пропишаните услови, Градоначалникот на Општина Делчево донесува Решение за доделување еднократна парична помош за онколошки пациенти.

Член 5-б

Еднократна парична помош за ученици со мускулна дистрофија

Право на еднократна помош имаат ученицисо постојано живеалиште на подрачјето на општината, на кои им е дијагностицирана мускулна дистрофија, со цел поддршка во покривање на трошоците за придружба при процесот на бањско лекување кој е неопходен за нивна медицинска рехабилитација.

Висината на паричната помош изнесува 20.000 денари.

Постапката за доделување парична помош за ученици со мускулна дистрофија се поведува соподнесување писмено барање од родител/старател до архивата на Општина Делчево.

Потребна документација за остварување на правото на еднократна парична помош за ученици со мускулна дистрофија:

- важечка лична карта на барателот;
- Потврда за запишан ученик заверена од основните или средното училиште;
- медицинска документација со потврдена дијагноза и препорака за рехабилитациски третман,
- трансакциона сметка на барателот.

Со поднесувањето на барањето подносителот ја доставува целокупната документацијата пропишана во став 4 од истиот член и потпишува изјава за користење на неговите личниподатоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Правото на оваа помош може да се оствари еднаш во текот на календарската година.

Доколку барателот ги исполнува пропишаните услови, Градоначалникот на Општина Делчево донесува Решение за доделување еднократна парична помош за ученици со мускулна дистрофија.

**Член 3**

Член 14 се менува и гласи:

По поднесени барања за доделување на парична помош од член 4, член 5, член 5-а, член 5-б член 6, член 7, член 11, член 11-а и член 12 на овој Правилник одлучува Градоначалникот на Општината по претходен предлогна Комисијата за доделување на парична помош.

**Член 4**

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на

критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 287/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.01.2026 годинаПретседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**4.**Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а во врска со член 26 став (5) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Делчево на својата четврта седница одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на матријалнофинансиско работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево**

**Член 1**

За членови на Надзорниот одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево, се именуваат:
- **Сања Атанасова** од областа на финансиско работење;
- **Николче Трајановски** од областа на правните работи и
- **Лидија Јовановска** од областа на дејноста на јавното претпријатие.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 -288/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.01.2026 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

5.Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а во врска со член 17 став (3) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09,

97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Делчево на својата четврта седница одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови на Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево**

**Член 1**

За членови на Управниот одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево, се именуваат:
- Илчо Илиев
- Татјана Стојковска
- Даниела Стоичова
- Наташа Спасевска Ристова, од областа на финансиско работење и
- Дејан Димитровски, од областа на правни работи.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

Бр. 09-289/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.01.2026 година — Претседател
Делчево — Николчо Стојменовски,с.р.

**6.**Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/2002), член 3 став 2 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен Весник на Република Македонија“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Службен Гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата четврта седница одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на трајно користење на недвижни ствари-службени простории на Национална установа центар за култура (НУЦК) „Никола Јонков Вапцаров“ Делчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука на НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ Делчевосе даваат на трајно користење службени простории во Спомен-домот „АСНОМ“ и тоа:
- Просторија 1 со површина од 34.11 м2;
- Просторија 3 со површина од 5.87 м2;
- Просторија 4 со површина од 7.4 м2;
- Просторија 5 со површина од 19.28 м2;
- Просторија 6 со површина од 3.43 м2;
- Просторија 7 со површина од 28.34 м2 и
- Просторија 20

**Член 2**

Недвижните ствари опишани во член 1 на оваа Одлука се наоѓаат во Спомен-домот „АСНОМ“, тие се сопственост на Општина Делчево и се даваат на трајно користење без надоместок наНУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ Делчево.

Член 3

Врз основа на оваа Одлука ќе се склучи Договор за користење помеѓу Општина Делчево и НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ Делчево со дефинирање на правата и обврските на двете договорни страни.

Член 4

Составен дел на оваа Одлука е графички прилог на недвижните ствари.

Член 5

Користењето на недвижните ствари може да престане со Одлука на Советот на Општина Делчево согласно закон, како и во случаи кога стварите се користат спротивно на намената и извршувањето на работите за кои се дадени.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање на користење ствари без надоместок на НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“- Делчево број 07-547/1 од 23.02.2011 година донесена од Советот на Општина Делчево.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

Бр. 09- 290/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30/01.2026 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски, с.р.

7.Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/2002), член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен Весник на Република Македонија“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Службен Гласник на Општина Делчево “ број 15/2013, 2/2019), Советот на Општина Делчево на својата четврта седница, одржана на ден 30.01.2026 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

## за давање на времено користење движна ствар- ФАП ТОВАРНО СПЕЦИЈАЛНО ПРОТИВПОЖАРНО возило на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево

Член 1

Со оваа Одлука на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево се дава на времено користење ФАП ТОВАРНО СПЕЦИЈАЛНО ПРОТИВПОЖАРНО возило, тип 13 цистерна за вода, регистарски број DE 0148 AC; сила на моторот 145 kw (возило на ТППЕ) сопственост на Општина Делчево.

Член 2

Движната ствар од член 1 на оваа Одлука се дава на времено користење без надомест за службени потреби и извршување на надлежностите на претпријатието.

Член 3

Трошоците за користење и одржување, сервисирање, осигурување и регистрација се на товар на Општина Делчево.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09- 291/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.01.2026 година** **Претседател**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

8.Врз основа на член 36,став 1,точка 1 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на Република Македонија бр.5/2002)а согласно член 42 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Делчево(Службен гласник бр.15/2013,15/2013,2/2019 и 1/2021) и член 83,член 84 и член 85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност-Пречистен текст („Службен весник на Република Македонија" бр.37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/2010, 88/2010, 51/2011, 11/2012, 80/2012, 114/2012, 39/2014, 44/2014, 113/2014, 56/2015, 129/2015, 147/2015, 154/205, 27/2016, 119/2016, 21/2018, 113/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.124/2019), Советот на Општина Делчево на својата 4.редовна седница одржана на ден 30.01.2026 година, ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**За извршување на јавни работи на Општина Делчево**
**за 2026 година**

Општина Делчево согласно законската регулатива со процесот на децентрализација и делигирањето на надлежности имплементира секоја година Програма за извршување на јавни работи во координацијасо Јавното Комунално Претпријатие "Брегалница"Делчево.

1.<u>Цели на програмата</u>
Оваа програма има за цел да го подобри квалитетот на живеење на граѓаните кои живеат на територијата на општината преку ангажирање на невработените лица од социјален ризик на возраст од 30 години до 64 години преку нивно директно извршување на задачи од областа на заштитата на животната средина и природата,како и одржување на јавната инфраструктура и локалните патишта и улици на територијата на Општина Делчево,планирање и чистење на банкини,патни канали,патниот појас на локалната мрежа во Општина Делчево,кастрење на вегетацијата,чистење на наноси од земја и песок.

Горе наведените работи се од јавен интерес за граѓаните од општината,заради што се планира нивно извршување со времено ангажирање на работници согласно член 84 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

2.<u>Корисници</u>
Вкупниот број на ангажирани лица за 2026 година се вкупно дваесет(20) лица директни корисници,додека индиректни корисници се семејствата на директните корисници, граѓаните на општината.

3.Период на имплементација

Периодот на имплементација на ова програма е во временски период од 11(единаесет) месеци, имено од месец **Февруари,2026 година** до месец **Декември,2026 година**.

За извршување на неведените програмски работи ќе бидат ангажирани најмногу 20(дваесет) лица со скратено работно време од 4(четири)часа дневно односно 20 часа неделно. За времето и бројот на ангажираните лица ќе одлучи Градоначалникот во зависност од потребите за вршење на јавните работи.

Ангажираните лица ќе бидат невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување кои ќе бидат избрани врз основа на посредување,преку формирање на Комисија за селекција која се состои од вработени лица во Општина делчево,Агенцијата за вработување-Центар Делчево и ЈМУЦентар за социјална работа град Делчево.

Општина Делчево како организатор на јавните работи од Буџетот на општината ќе ги финансира сите трошоци за извршување на јавните работи кои се однесуваат мал алат и опрема,ситен потрошена материјал и надоместок за извршување на јавните работи.

Лицата кои се ангажирани потпишуваат Договор за финасиска поддршка на невработено лице вклучено во јавни работи кој за еден месец работа изнесува **17.600 денари** за четири часа работно ангажирање секој работен ќе им се исплатува 800,00 денари на дневна основа **,** осигурани се во случај на несреќа преку економски оператор кој го има изберено Општина Делчево за вршење на ваков вид на услуги во висина од 100,00 МКД, и пресметаниот персоналниот данок се на товар на Општина Делчево.

4.Активности

***ЈКП"Брегалница"Делчево**

Лицата кои ќе бидат ангажирани во Јавното комунално претпријатие ќе учествуваат во имплементација на следните активности:

**-Чистење на ендеци и тоа:**

*дел од ендек на река Габровчица во должина од 200 метри;

*дел на ендек Грозданец во должина од 180 метри;

*дел од ендек Пустевски во должина од 300 метри;

-**Чистење и уредување на Пешачки патеки**

*пешачки патеки во градот Делчево со површина од 1300м2;

-**Санација на постоечки улици**

*санација на постоечки тротоари со бекатон со површина од 600м2;

**-Чистење на сливници,каналетки**

*чистење на сливници и решетки од атмосферска канализација 100 броеви;

*чистење на каналетки и пропусти на општински патишта во должина од 1000 метри ;

*чистење на вегетација во патниот појас на општинските патишта во должина од 3000 метри;

-**Одржување на постоечка вертикална сигнализација и сообраќајна опрема**

*вртење,исправување на оштетен,наведат или сообраќаен знак(табла)и столб од удар низ градот(зајакнување,бушење,заштрафување по потреба;

*ископ,изработка на темел и поставување на столб на постоечки сообраќаен знак со бетонирање(доколку има темел се врши само поставување);

*стружење на стара боја од столб за сообраќаен знак и негово префарбување два пати;

*остранување(демонтирање) и дислокација на постоечки оштетени столбови,сообраќајни знаци и опрема;

*монтажа на постоечки гумирани елементи од техничките средства за забавување на сообраќајот со типли,штрафови,завртки);

-Одржување на урбана опрема
*фарбање на клупи,детски игралишта,рукофати,мостови;
-Одржување на спортски терени
*косење на трева на фудбалски терени,тенески терени;
5.Буџет

| | ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА(МКД) |
|---|---|---|
| 1 | 20 лица Х 11Х17.600.000 МКД-Договор | 3.872.000,00 |
| 2 | 20лица Х 11Х100 МКД-Осигурање | 22.000,00 |
| 3 | 20 лица Х 11Х17.600Х11,11%-Персонален данок | 430.180,00 |
| | ВКУПНО | 4.324.180,00 |
| | АКТИВНОСТИ | |
| | Чистење на ендеци | |
| 4 | дел од ендек на река Габровчица во должина од 200 метри | 300.000,00 |
| 5 | дел на ендек Грозданец во должина од 180 метри | 150.000,00 |
| 6 | дел од ендек Пустевски во должина од 300 метри | 300.000,00 |
| | ВКУПНО | 750.000,00 |
| | Чистење на пешачки патеки | |
| 7 | пешачки патеки во градот Делчево со површина од 600м2 | 180.000,00 |
| | ВКУПНО | 180.000,00 |
| | Санација на постоечки улици | |
| 8 | санација на постоечки тротоари со бекатон со површина од 600м2 | 510.000,00 |
| | ВКУПНО | 510.000,00 |
| | Чистење на сливници,каналетки | |
| 9 | чистење на сливници и решетки од атмосферска канализација 50 броеви | 30.000,00 |
| 10 | чистење на каналетки и пропусти на општински патишта во должина од 1000 метри | 70.000,00 |
| 11 | чистење на вегетација во патниот појас на општинските патишта во должина од 3000 метри | 120.000,00 |
| | ВКУПНО | 220.000,00 |
| | Одржување на постоечка вертикална сигнализација и сообраќајна опрема | |
| 12 | *вртење,исправување на оштетен,наведат или сообраќаен знак (табла)и столб од удар низ градот (зајакнување, бушење, заштрафување по потреба | 5.000,00 |
| 13 | ископ,изработка на темел и поставување на столб на постоечки сообраќаен знак со бетонирање(доколку има темел се врши само поставување) | 27.500,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | стружење на стара боја од столб за сообраќаен знак и негово префарбување два пати | 4.400,00 |
| 15 | остранување(демонтирање) и дислокација на постоечки оштетени столбови, сообраќајни знаци и опрема | 3.000,00 |
| 16 | монтажа на постоечки гумирани елементи од техничките средства за забавување на сообраќајот со типли,штрафови,завртки); | 20.400,00 |
| | ВКУПНО | 60.300,00 |
| | Одржување на урбана опрема | |
| 17 | фарбање на клупи,детски игралишта,рукофати,мостови | 60.000,00 |
| | ВКУПНО | 60.000,00 |
| | Одржување на спортски терени | |
| | косење на трева на фудбалски терени,тенески терени; | 30.000,00 |
| | ВКУПНО | 30.000,00 |
| | АЛАТКИ | |
| 18 | Алат(мешалка за бетон,рачна брусалица,бормашина,копачи,лопати, гребули,рачни колички, ашов, алат за прицврстување –клешти и клучеви) | 60.000,00 |
| | ВКУПНО | 60.000,00 |
| | ХТЗ ОПРЕМА | |
| 19 | ХТЗ(одела,кабанаци,ракавици,чизми) | 30.000,00 |
| | ВКУПНО | 30.000,00 |
| | СЕ ВКУПНО | 6.224.480,00 |

6.Вкупно потребни средства за реализација на Програмата за јавни работи за 2026 година изнесува 6.224.480,00.

7.Програмата за извршување на јавни работи на Општина Делчево за 2026 година стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Делчево и ќе се применува од 01.02.2026 година.

Број 09-292/1
2026 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Николчо Стојменовски,с.р.

9.Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево бр.1/2013,2/2019 и 1/2021), а во врска со Договор за соработка за поддршка на проектот

“Инклузија на деца Роми во јавните општински установи –детски градинки“во Република Северна Македонија со Наш архивски број08-2667/1 од 24 ноември, 2025 година и Нацрт –записникот од Сто и десетта седница седница на Владата на Република Северна Македонија бр.50-7510/9 одржана на 16 септември,2025 година,Советот на Општина Делчево на својата 4.редовна седница одржана на ден 30.01.2026година, донесе

**ОДЛУКА**

**За ослободување од партиципација на деца Роми на возраст од 3-6 години за престој во детските градинки што се во социјален ризик за уебната 2025/2026 година**

Член 1

Советот на Општина Делчево донесува Одлука за ослободување од партципација на деца Роми на возраст од три до шест години што се во социјален ризик за учебната 2025/2026 година во ОЈУДетска Градинка“Весели Цветови“Делчево.

Член 2

Ослободувањето од партиципација се однесува на петнаесеет (15) деца Роми и трошоците за престој на децата во ОЈУДетска Градинка“Весели Цветови“ќе бидат покриени од блок дотацијата што ја добива Општина Делчево од Министерството за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија.

Член 3

За извршување на ова Одлука се задолжува Секторот за финасиски прашања, Одделение за буџетска контрола,сметководство и администрирање со даноци при Општина Делчево.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09- 293/1**
**30.01.2026 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Николчо Стојменовски,с.р.**

10. Врз основа на член 11 став 1 алинеја 7 , член 142 став 5 и член 306 став 2 од Законот за социјална заштита ( „Сл.весник на РСМ„ бр.104/2019 ,146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022, 236/2022, 273/2022, 65/2023 , 32/24 и 192/25) и член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РСМ“ број 5/02 и „ Сл.весник на РСМ“ бр.84/20 и 202/24) а согласно Националната програма за развој на социјалната заштита , Социјалниот план на Општина Делчево за 2023-2025 година, бр.08-1550/1 од 19.07.2022 година , а по доставено позитивно мислење од МТСП бр.10-8238/2 од 22.12.2025година, на својата4.редовна седница, одржана на ден 30.01.2026 година, Советот на Општина Делчево донесе

**ПРОГРАМА**

**за социјална заштита на Општина Делчево за 2026 година**

***I. Вовед/општи карактеристики за Делчево***

Општина Делчево е една од единаесетте општини во Источниот плански регион. Општина Делчево се наоѓа во крајниот североисточен дел на Република Северна Македонија, во подножјето на планината Голак (Чавка-1524м), непосредно до бугарската граница на оддалеченост од само 10км.

На исток е заградена со планината Влаина, на север со Осоговските и на југ со Малешевските планини. Сместена е во котлината Пијанец и распослана по горниот тек на реката Брегалница. Општината со нејзината поширока околина се протега на следните координати: 41º 58’ северна географска ширина и 22º 46’ источна географска должина, на надморска височина од 630 метри. Климата е умерено- континентална.

Општина Делчево на југ се граничи со општините Пехчево и Берово, на запад со општината Виница, на северозапад со општината Македонска Каменица, а на исток и североисток со Република Бугарија. Општината претставува важна алка на источномакедонската магистрала, која ги поврзува сите поголеми населби во овој дел на земјата, а понатаму и со делови од територијата на соседна Бугарија. Практично, Делчево лежи на еден многу важен крстопат преку кој во напоредничкиот правец води најкусата врска меѓу долината на реката Вардар од една, и долината на реката Струма од друга страна.

Административно гледано, градот Делчево е седиште на општината Делчево која има уште 21 населено место.

Според Пописот во 2021 година во општина Делчево живеат 13.585 жители, од кои 11.949 или 87,95% во општинскиот центар, т.е. градот Делчево. Од нив 6.806 се мажи а 6.779 се жени.Просечната густина на населеност е 42,5 жители/км2, што е под просекот на Република Македонија од 78,8 жители/км2. Податоците кои се содржани во оваа Програма за социјална заштита, се најново објавените од страна на ДЗС од Пописот 2021 година, согласно ажурираноста. Согласно етничката припадност на населението, според официјалните податоци од Пописот 2021 година, македонците се во најголем дел 12.962, албанци се 20 (17 жени и 3 мажи), турци 112 (54 жени и 58 мажи), роми 475 (231 жени и 244 мажи), власи 5 (жени 2 и мажи 3), срби 9 (жени 4 и мажи 5) и бошнаци 2 (1 жена и 1 маж)

Просечната возраст на населението во општина Делчево изнесува 36,8 години, најмногу доминира населението на возраст од 55 до 59 години, додека најмалку бројна е популацијата до деветгодишна возраст.

## *II. Појдовна основа*

Остварувањето на социјалната заштита во Општина Делчево се заснова пред се на Законот за социјалната заштита; Законот за заштита на децата; Законот за семејство; Националната програма за развој на социјална заштита во РСМ; Програмата за развој на заштитата на децата во РСМ и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Македонија, како и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општината Делчево, каде се уредени правата на граѓаните од областа на социјалната, детската и здравствената заштита.

Оваа Програма поблиску ги уредува подрачјата на социјална заштита, специфичните потреби на населението на Општина Делчево и начинот на остварувањето на правото на социјалната заштита. Програмата го има во предвид самиот процес на децентрализација неговата специфичност и сложеност и функциите кои постапно се пренесуваат од централно на локално ниво.

Социјалната заштита во Општина Делчево ќе се реализира во согласност со расположливите финансиски средства.

Програмата предвидува соработка со надлежниот Центар за социјална работа, односно со Министерството за социјална политика, демографија и млади , приватниот сектор , невладините организации и секако со Советот за социјална заштита на Општина Делчево, Општински совет за превенција на детско престапништво и Советот за социјална заштита на планскиот регион.

*Законска основа на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2026 година:*

- Закон за социјална заштита („Сл.весник на РСМ„ бр.104 од 23.05.2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022, 236/2022, 273/2022 и 65/2023),
- Закон за заштита на децата („Сл.весник на РСМ„ бр.146/.2019......132/2025),
- Закон за семејство („Сл.весник на РСМ„ бр.153/.2014.....192/2025)
- Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство(„Сл.весник на РСМ„ бр.150 од 02.09.2015)
- Закон за локална самоуправа („Сл.весник на РСМ„ бр.5 од 29.01.2002, и „ Сл.весник на РСМ“ бр.84/20 и 202/24)
- Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весник на РСМ„ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11)
- Национална програма за развој на социјална заштита („Сл.весник на РСМ„ бр.237/22)
- Национална стратегија за деинстутионализација
- Социјален план на Општина Делчево 2023-2025 година , бр.08-1550/1 од 19.07.2022 година ,
- Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026,
- Акциски план на Општина Делчево за имплементација на регионалната стратегија за родова еднаквост за општините Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026 година,

Други општински документи и акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита а кои се земени во предвид при подготовката на Програмата:

- Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош,
- Правилникот за начинот , условите, кретириумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево,
- Годишен извештај за реализираната програмата за остварување на социјална заштита на општина Делчево за 2024 година

## III.ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ПЛАН И ПРОГРАМИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Согласно Законот за социјална заштита доделени се одредени надлежност на општините , меѓу кои и надлежноста дадена во член 11, став 1 алинеја 4 каде стои: „општините формираат Совет за социјална заштита за подрачјето на општината„. Советот за социјална заштита на Општина Делчево , формиран со Одлука на Советот на Општина Делчево бр.09-1986/1 од 21.10.2019 година и втор состав формиран со Одлука бр.09-2362/1 од 29.11.2023 година, донесе Социјален план на Општина Делчево за 2020 година ( во понатамошниот текст Социјален план) , Социјален план на Општина Делчево за 2021/22 година и Социјален план на Општина Делчево 2023-2025 година. Социјалниот план содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјалните услуги во општината.

### III.1 Главни активности на Советот за социјална заштита:

Од увидот во реализирањето на Локалниот Акционен план за социјална заштита , како и на состојбите и потребите на различните социјални групи на ниво на општина Делчево, Советот за социјална заштита на Општина Делчево ги утврди следните активности за делување за 2026 година:

- Идентификација на ризичните групи на ниво на општината

- Увид и располагање со релевантни податоци;
- Анализа на податоци и состојби, вршење на споредбени анализи;
- Идентификација на приоритетните интервенции(мерки и форми на социјална заштита.
- Идентификација на релевантни социјални сили(институциите, НВО, приватен сектор итн.);
- Следење, утврдување и анализа на постигнатите резултати и реализирани активности од имплементирањето на планот и програмата за социјалнба заштита на Општина Делчево ;
- Редовна комуникација, средби и размена на податоци и информации со сите социјални сили на ниво на општината;
- Транспарентното работење и објавување на годишни извештаи од имплементирањето на планираните активности според планот за социјална заштита;
- Предлог на нови програми и форми на социјална заштита (давање на социјални услуги од страна на лиценцирани даватели на социјални услуги во општината);

За унапредување на социјалната заштита во Општина Делчево, потребно е воведување на социјалниуслуги кои се индивидуализирани и прилагодени на конкретните потреби на корисникот и семејството, што подразбира сеопфатно ангажирање на сите постоечки институции во општината, нивните надлежности и евентуалното нивно вклучување во сферата на социјалните услуги кои ќе им се пружаат на граѓаните на општина Делчево.

### III.2 Општинска администрација:

Вкупениот број на вработени во општинската администрација заклучно со 01.12.2025 година изнесува 63 лица од кои 46 во општинската администрација и 17 во ТППЕ Делчево. Според половата структура 38 се мажи (21 со ВСП и 17 со ССП) и 25 жени ( 21 со ВСП и 4 со ССП). Во рамките на општинската администрација нема посебно одделение за социјална заштита, но планирањето и унапредувањето на социјалната заштита во општината е составен дел од работата на Одделението за правни и општи работи и јавни дејности. Општина Делчево има вработено 1 социјален работник.

Општината има донесено Социјален план на Општина Делчево за 2023-2025 година, Програма за социјална заштита за 2020 година, Програма за социјална заштита за 2020,2021, 2022, 2023, 2024 и 2025 година Стратегија за родова еднаквост 2023-2026, Акциски план за родова еднаквост и др. стратешки документи.

За остварување на подобра комуникација со граѓаните , Општина Делчево има донесено Програма за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево. Овие стратешки документи имаат за цел одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница. Општина Делчево користи повеќе алатки за комуникација со граѓаните: општинската интернет страна, електронска пошта, медиуми, месечен електронски весник „Инфо Делчево„ социјални мрежи, јавни анкети, форуми на заедницата, директни средби со граѓаните од урбаните и месните заедници, приемен ден за граѓаните кај Градоначалникот и општинската администрација и др.

### III.3 Образовни институции

Во општина Делчево има две основни училишта: ООУ „Ванчо Прке„ и ООУ „Св.Климент Охридски„ и едно средно училиште и тоа СОУ „М.М.Брицо„.

Споредбено движење на податоците со бројот на ученици во изминатите години

| | Учебна година | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | **2010/2011** | **2011/2012** | **2012/2013** | **2013/2014** |
| ООУ „Ванчо Прке„ | Првачиња:81<br>Вкупно: 650 | Првачиња:64<br>Вкупно: 627 | Првачиња:69<br>Вкупно: 599 | Првачиња:68<br>Вкупно: 617 |
| ООУ „Св.Климент Охридски„ | Првачиња: 80<br>Вкупно: 750 | Првачиња: 61<br>Вкупно:714 | Првачиња: 83<br>Вкупно: 714 | Првачиња:61<br>Вкупно:686 |
| **ВКУПНО:** | **Првачиња: 161**<br>**Вкупно: 1400** | **Првачиња: 125**<br>**Вкупно:1341** | **Првачиња:152**<br>**Вкупно: 1313** | **Првачиња:129**<br>**Вкупно: 1303** |
| СОУ „М.М.Брицо„ | I година:135<br>Вкупно: 567 | I година:121<br>Вкупно: 526 | I година:136<br>Вкупно: 510 | I година: 119<br>Вкупно: 490 |
| | | | | |

| | Учебна година | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | **2014/2015** | **2015/2016** | **2016/2017** | **2017/2018** |
| ООУ „Ванчо Прке„ | Првачиња: 77<br>Вкупно: 614 | Првачиња: 69<br>Вкупно: 607 | Првачиња: 79<br>Вкупно: 620 | Првачиња:63<br>Вкупно:600 |
| ООУ „Св.Климент Охридски„ | Првачиња: 65<br>Вкупно: 655 | Првачиња: 52<br>Вкупно:596 | Првачиња: 64<br>Вкупно: 592 | Првачиња:66<br>Вкупно: |
| **ВКУПНО:** | **Првачиња:142**<br>**Вкупно: 1269** | **Првачиња:121**<br>**Вкупно: 1203** | **Првачиња:143**<br>**Вкупно: 1212** | **Првачиња:129**<br>**Вкупно: 1052** |
| СОУ „М.М.Брицо„ | I година:98<br>Вкупно: 448 | I година:104<br>Вкупно: 432 | I година:71<br>Вкупно: 383 | I година: 86<br>Вкупно:390 |

| | Учебна година | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | **2018/2019** | **2019/2020** | **2020/2021** | **2021/2022** |
| ООУ „Ванчо Прке„ | Првачиња:63<br>Вкупно: 560 | Првачиња:58<br>Вкупно: 573 | Првачиња:43<br>Вкупно: 529 | Првачиња:57<br>Вкупно: 501 |
| ООУ „Св.Климент Охридски„ | Првачиња:62<br>Вкупно:557 | Првачиња:36<br>Вкупно:515 | Првачиња:66<br>Вкупно: 525 | Првачиња:58<br>Вкупно: 507 |
| **ВКУПНО:** | **Првачиња:125**<br>**Вкупно: 1117** | **Првачиња:121**<br>**Вкупно:1088** | **Првачиња:109**<br>**Вкупно: 1052** | **Првачиња:115**<br>**Вкупно: 1008** |
| СОУ „М.М.Брицо„ | I година:39<br>Вкупно: 371 | I година: 107<br>Вкупно: **374** | I година: 91<br>Вкупно: **400** | I година: 111<br>Вкупно: 413 |

| | Учебна година | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | **2022/2023** | **2023/2024** | **2024/2025** | **2025/2026** |
| ООУ „Ванчо Прке„ | Првачиња: 43(27 м. и 16ж.) | Првачиња:46 (25м. и 21ж.) | Првачиња: 57 (28 м. и 29 ж.) | Првачиња: 54 (25м. и 29ж.) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Вкупно: 488 (247 м. и 241 ж.) | Вкупно: 458 (238 м. и 220 ж) | Вкупно: 445 (231м.и 214 ж.) | Вкупно: 440 (220м. и 220ж.) |
| ООУ „Св.Климент Охридски„ | Првачиња:62(34 ж и 28 м) Вкупно:508 ( 258 м. и 250ж.) | Првачиња:51(29 м. и 22 ж.) Вкупно: 504 (250 м. и 254ж.) | Првачиња: 49 ( 24 м. и 25 ж.) Вкупно: 541 (246м. и 295ж.) | Првачиња: 47 (25м. и 22ж.) Вкупно: 492 (249м. и 243ж.) |
| **ВКУПНО:** | **Првачиња: 105 Вкупно: 996** | **Првачиња:97 Вкупно:962** | **Првачиња:106 Вкупно: 986** | **Првачиња:101 Вкупно: 932** |
| СОУ „М.М.Брицо„ | I година:80 (26 м. и 54 ж.) Вкупно: 387 ( 176 м. и 211ж.) | I година: 90 ( 42 м. и 48 ж. ) Вкупно: 354 (142 м. и 202ж) | I година: 67 ( 29 м. и 38 ж.) Вкупно: 315 (134м. и 181ж.) | I година: 90 (38м.и 52ж.) Вкупно: 304 (131м. и 173ж.) |

## III.4 Воспитно образовни институции

Во Општина Делчево постои само една детска градинка ОЈУДГ „Весели Цветови„ која е лоцирана непосредно до ООУ „Ванчо Прке„ поточно на ул: „Светозар Марковиќ„ бр.12 Делчево и од оваа година клон на истата градинака во нас.Стар расадник. И покрај доградбата на дополнителни простории за згрижување на децата од предучилишна возраст, капацитетот на единствената детска градинка во општината е сеуште мал за да ги згрижи сите деца кои се на листа за чекање. Се надеваме дека со пуштањето во употреба на новата детска градинка во нас.Стар расадник, овој проблем ќе биде решен.

Табела со податоци од ОЈУДГ „Весели цветови „ Делчево за 2025 година

| **ОЈУДГ „Весели цветови„** | **Делчево** | | |
|---|---|---|---|
| **Запишани деца во 2025 година** | 296 | | |
| Возраст | **М** | **Ж** | **ВКУПНО** |
| до 3 години | 45 | 35 | 80 |
| од 3 до 6 години | 105 | 111 | 216 |
| **ВКУПНО** | | | **296** |
| **Вработени во ОЈУДГ** | **М** | **Ж** | **ВКУПНО** |
| Административни Службеници | / | 3 | 3 |
| Техничка Служба | 6 | 6 | 12 |
| Носители на дејност | / | 32 | 32 |
| Директор | / | 1 | 1 |
| Вработени преку АПВ | / | 5 | 5 |
| **ВКУПНО** | | | **53** |

## III.5 Здравствени установи

Примарната здравствена заштита во општина Делчево се остварува во ЈЗУ Здравствен дом-Гоце Делчев кој е ситуиран во градот Делчево и во рамките на кој егзистира специјалист за детска и школска медицина, специјалисти за интерна медицина, гениколологија, психијатар , невролог, ренгенолог, офтамолог и специјалист за уво нос и грло,лабараторија,трансфузиологија , епидемиологијаи превентивна детска стоматологија. Во општина Делчево има 13 приватни здравствени установи ПЗУ (2 геникολози и 11 семејна медицина), и 13 приватни стоматолошки

ординации ПЗУ, специјалистички 2 од кои 1 протетика и 1 стоматолошка специјалистичка ординација по ортодонција. Во општина Делчево има 6 активни аптеки. Во Делчево постои и Центар за хемодијализа кој опслужува пациенти од Делчево, Македонска Каменица, Пехчево и Берово.

ТАБЕЛА со податотоци за медицински персонал од Фондот за здравствено осигурување ПЕ Делчево

| Здравствени установи | | | |
|---|---|---|---|
| Вработени | М | Ж | ВКУПНО |
| Доктори специјалисти( интернисти, ренгенолози, офтамолог, оториноларинголог, епидемиолог, педијатар, трансфузиолог, школска медиција, психијатар, невролог) | 3 | 8 | 11 |
| Доктори специјалисти семејна медицина | 3 | 8 | 11 |
| Биохемичари | 0 | 2 | 2 |
| Лаборанти | 4 | 5 | 9 |
| Медицински сестри и акушерки | 0 | 14 | 14 |
| Стоматолози и стоматолози специјалисти | 5 | 11 | 16 |
| Стоматолошки сестри | 2 | 14 | 16 |
| Доктори гениколози | 0 | 2 | 2 |
| Доктори специјализанти | 2 | 1 | 3 |
| Радиолошки технолози | 1 | 2 | 3 |

### III.6 АВРМ-Центар за вработување Делчево

Во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија –Центар за вработување-Делчево со дисперзирана канцеларија во Македонска Каменица се вработени вкупно 11 лица од кои:

-5 лица со високо образовение-од кои:

1- Виш соработник за активни мерки за вработување -Раководител на Центар за вработување со овластување ,

1-Виш соработник за активни мерки за вработување,

1-Помлад соработни за активни мерки за вработување,

1- Помлад соработник за правни работи и

1- Помлад соработник за посредување при вработување

-5 лица со средно образование од кои:

2- Самостоен референт за шалтерски услуги,

1-Виш ртеферент за шалтерси услуги

1-Виш Референт за услуги за поддршка за вработување(Дисперзирана канцеларија )

1-Референт за подршка за вработување

-1 лице со основно образование: 1-хигиеничар

Вработените во АВРСМ се администрататвни(јавни) службеници,даватели на јавни услуги и помошно технички лица. АВРСМ преку Центрите за вработување работи согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, каде се уредени прашања од обласа за

размена на трудот, правата и обврските на работодавашите, невработените лица и други лица кои бараат работа. Секој има право на пристап до вработување, без било какви ограничувања, согласно со принципот на еднаков третман, утврден со Законот за работните односи, забранета е дискриминација при вработување по основа на брачен статус, семеен статус, боја на кожа,пол,јазик,политичко или друго убедување, активност во синдикати, национална припадност, социјален статус, инвалидност, возраст,сопственост, општествен или друг статус.
Основни задачи на размената на трудот се:
-евидентирање на работодавачите и нивните потреби
-евидентирање на невработените според нивните квалификации,знаења и искуства
-регистрирање на работен однос- пријава/одјава
-огласување на слободни работни места
-подготовка на индивидуален акциски план за согледување на способноста и професионалните вештини на невработенитте лица кои бараат работа и утврдување на видот и степенот на потребната помош за вработување,
-изработка на индивидуеален план за вработување,
-кариерно советување
-мотивациони обуки
-професионална ориентација на невработените заради избор на занимање по пат на тестирање и разговор
-упатување на невработените лица на обука, преквалификација или доквалификација
-практикантство,
-субвенционирање на нови вработувања,
-финансиска подршка на нови вработувања
-вработување на невработени лица по основ на Самовработување,
-вработување на невработени лица по основ на кредитирање,
-обезбедување посебни услови за вработување на невработените инвалидни лица
-истражување ,следење и анализирање на појавите и движењата на пазарот на трудот-обезбедување права по основ на осигурување во случај на невработеност.

## III.7 Хуманитарни организации

Општинската организација на Црвен крст Делчево е формирана Декември 1951 година.
Општинската организација во своето работење се раководи од Статутот на Меѓународното движење – Меѓународна федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина, Женевските Конвенции од 1949 година, Дополнителните Протоколи од 1977 година и 2005 година, Законот за Црвениот крст и Статутот на Црвениот крст на РСМ и ги почитува основните принципи на Движењето.Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Делчево е хуманитарна, доброволна, непристрасна, неутрална, универзална и независна организација на граѓаните, формирана од Црвениот крст на РСМ.Општинската организација дејствува и работи како непрофитна, самостојна и автономна организација и има помошна улога на властите во единиците на локалната самоуправа, при што ја задржува автономијата која му дозволува да дејствува во согласност со политиките на Црвениот крст на РСМ и со основните принципи на Движењето. Во последните неколку години ОО на Црвен крст Делчево активно работи на развојот на социјалните услуги . ОО на Црвен крст е лиценциран давател на услугите: помош и нега во домот и лична асистенција.

## III.8 Невладини организации

Развојот на граѓанскиот сектор е од исклучителна важност за фундаменталните демократски плурално изразени вредности на една земја, како и за поттикнување на граѓанската свест за поширок општествен ангажман. Истовремено претставува и афирмација на уставно загарантираните човекови права на слободно здружување заради остварување и заштита на разнородните права и уверувања и на правото на слободен говор, артикулирани преку принципите на партиципативната демократија. Исто така, граѓаните преку нивните активности придонесуваат за посеопфатен општествен развој и за подобрување на квалитетот и стандардот на животот. Ваквиот придонес на граѓанскиот сектор во промовирањето и градењето на демократската култура и социјалната кохезија на сите општествени нивоа ја поттикнува потребата од соработка меѓу него и општината. Нивното взаемно дејствување може значително да придонесе во развивањето на бројни области во општеството, со цел ефикасно да се одговори на предизвиците и тековните проблеми на земјата. Од своја страна, граѓанските организации, како дел од општествениот систем, се форма преку која јасно се изразува граѓанската иницијатива и преку која се овозможува учеството на граѓаните во севкупните општествени текови. Паралелно, дополнителна корист од понатамошниот развиток на граѓанските организации е стимулирањето на социјалната кохезија и создавањето солиден општествен капитал . Граѓанските организации имаат и висок економскиот потенцијал, кој се изразува преку нивната улога на работодавци, односно да ја вклучуваат во своите активности економски активната популација и со тоа да придонесуваат во намалување на проблемите на невработеноста. Затоа, на Општина Делчево и е од интерес да го поттикнува развојот на граѓанскиот сектор и неговото учество во креирањето на политиките како соодветен баланс и коректив во развојот на демократијата и демократските вредности, но и како конструктивен надополнувач во областите каде општествената заедница има потреба за тоа.

Општина Делчево има голем број на организации како активисти во граѓанскиот сектор каде како поактивни во делот на социјалното претприемништво и социјалната политика се:

**ЗГ „Бравура Кооператива„** која има за цел да обезбеди одржан развој на програмата за Професионална ориентација на лица со посебни потреби“, група на родители од Делчево заедно со професионалци во областа на попреченоста, го формираа здружението **„Бравура Кооператива“**. Оваа програма постигната високи резултати во практично работно оспособување, разви нови методи и техники за обука и е во чекор со времето за новите предизвици за социјално претприемништво. Од 2007 година отпочна со активности за „Подигање на јавна свест на локалното население и регионот Брегалница“, а истата година ја разви и програмата за „Ран третман и рана интервенција на деца со посебни потреби“ преку директна работа со корисниците од страна на профилиран стручен тим. Прогресот на организацијата се почуствува во 2009 година со имплементација на низа проекти во инклузивната програма за образование , која стана составен дел на програмата за работа на организацијата за да од 2013 година отпочнеме и со програмата „Инклузија преку спорт“. Во рамките на програмите се развиваат проекти кој имаат едноставна цел а тоа е да го подобрат квалитетот на живеење на лицата со посебни потреби во сите свери на опшественото живеење. Организацијата активно работи на интензивен развој на социјалните услуги, за што има добиено лиценци за: рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост, услуги во домот и др.

**Здружението Регионален центар за застапување** постои од 2006 година и дава континуирана поддршка на НВО, бизнис заедницата и општините во делот на стратешкото планирање и обезбедување на финансиски средства за имплементација на истите.Здружението работи и во делот на јакнење на граѓанското општество, лобирање и застапување, унапредување на меѓугранична соработка, едукација и информирање, овозможување на јавноста од регионот на едно место да најдат добро организирани извори на информации за Европската унија, нејзините

институции, активности и политики, законски рамки, документи и публикации, програми и процес на донесување на одлуки.

**Невладината организација КХАМ Делчево** е основана во 1999 година кога беше основана од група ромски активисти заради нивните верувања и ставови за потребата од унапредување на квалитетот на животот на ромската заедница во Делчево.**НВО КХАМ** Делчево е организација која работи на решавање на ромските права пред се во делот на социјалата. КХАМ е активен учесник кој промовира јакнење на граѓанското општество и демократија, како и институционален пристап за промовирање на интеграција на ромското население и другите маргинализирани групи во сите сфери на општеството.
НВО Кхам работи на подигање на образовното ниво и подобрување на социјалната и економската состојба на маргинализираните групи, како и придонес кон зајакнување на капацитетите на невладините организации во Источна Македонија преку соработка со домашни и странски организации и институции.

**Организација ЖЕНА Делчево** е граѓанска, непрофитна организација која повеќе години активно работи на подобрување на положбата на жените, младите и маргинализираните заедници во источниот регион. Седиштето на организацијата се наоѓа на ул. „Орце Николов“ бр. 24 во Делчево, а организацијата е во континуитет препознаена како движечка сила за промени во областа на женските права, родовата еднаквост, млади и пристапот до институционална поддршка.

Организацијата е регистрирана од 2005, а направена е пререгистрација во 2021 година. и е меѓу најактивните здруженија во регионот, препознаена од домашни и меѓународни партнери, вклучувајќи ги **Kvinna till Kvinna Foundation**, **Акција Ждруженска**, **Civic Resource Center – GRC**, **National Youth Council of Macedonia**, Европската унија, како и амбасадите на **Франција** и **САД**.**Мисија:**Мисијата на ЖЕНА Делчево е да придонесе кон унапредување на родовата еднаквост, заштитата на женските права и подобрување на животот на ранливите групи. Организацијата обезбедува бесплатна правна и психосоцијална поддршка, работи со жртви на семејно и родово базирано насилство, ги јакне жените од руралните места и активно вклучува млади во процесите на одлучување.

**IV.Улогата на Советот на општината, Градоначалникот и Единицата на локалната самоуправа во реализирањето на Програмата за социјална заштита**

Согласно Законот за социјална заштита ( „Сл.весник на РСМ„ 104/2019 и 146/2019) Градоначалникот на општината, по претходно донесен Социјален план од Советот за социјална заштита, предлага Годишна програма за социјална заштита, која ја донесува Советот на општината. Програмата за социјална заштита се донесува со цел да обезбеди транспарентен, интегрален, ефикасен и правичен систем во кој ќе се опфатат мерките, активностите и средствата/ресурсите кои се потребни за да се задоволат потребите на крајните корисници на оваа Програма, пред се на ранливите категории на граѓани и нивна поголема вклученост во јавниот и опшествен живот. Главните заложби на Советот на општината, Градоначалникот и општинската администрација ќе бидат во обезбедувањето на средства по разни основи заради задоволување на барем дел од потребите на социјално загрозените семејства, лицата односно семејствата кои претрпеле штети од елементарни непогоди, лицата кои имале енормновисоки трошоци за болничко лекување и набавка на лекарства, лицата со посебни потреби, старите и изнемоштени лица, децата од предучилишното образование и воспитување, инклузијата на децата роми , деца и млади во ризик и др.

**V. Активности и мерки кои ќе се преземат за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2026 година**

Активностите на Општина Делчево во обезбедувањето на социјалната заштита на граѓаните на општината , ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање во остварување на правата на граѓаните од областа на социјалната заштита и тоа:

- Помош на социјално загрозени семејства
- Помош на социјално маргинализирани групи (самохрани родители, роми , деца во судир со законот и др.)
- Помош на лица/семејства погодени од несреќи и др.елементарни непогоди
- Помош на невработени лица кои тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот,
- Помош и грижа за стари и изнемоштени лица,
- Помош и грижа за лицата со посебни потреби,
- Помош и грижа за децата од предучилишното образование и воспитание
- Промовирање на нови социјални услуги и тоа: услуги за информирање и упатување, услуги за помош и нега во домот , услуги за лична асистенција, услуги во заедницата и услуги за вонсемејна заштита

Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2026 година главно ќе ги вклучува следните активности:

**V.1.Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица**

Основна цел на оваа активност е согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита, утврдена во Законот на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), како и посебните законски и подзаконски акти во оваа област, општината да им излезе во пресрет на здравствено, финансиски или на друг начин загрозените лица (лица на кои им е потребна хируршка интервенција, тешко болни лица, приматели на терапија, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, семејство кое се нашло во положба на природна непогода , корисници на минимална социјална помош и лица без средства за егзистенција), кои имаат потреба од социјална заштита, превенција и помош. Паричната помош општината ја доделува врз основа на постапка уредена во Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош.

По препорака на Комисијата за јавни дејности и Одделението за правни и општи работи и јавни дејности, еднаш годишно ќе се изврши ревизија на гореспоменатиот Правилник, каде се уредени критериумите, условите и постапката за доделување на парична помош и да се усогласи со националните стратегии и правилници.

| Активност | Предвидени средства | Извор на средствата | Одговорни за имплементација |
|---|---|---|---|
| Еднократна парична помош за физички лица по основ материјална загрозеност , болничко лекување, елементарни непогоди и смртен случај) | **750.000 +персонален данок** | Буџет на Општина Делчево | Комисија за доделување на парична помош, Сектор за финансиски прашања |
| Еднократна парична помош за еднородителски семејства | **200.000 денари** | Буџет на Општина Делчево | Комисија за доделување на парична помош, Сектор за финансиски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | прашања |
| Еднократна парична помош за онколошки пациенти | **200.000 денари** | Буџет на Општина Делчево | Комисија за доделување на парична помош, Сектор за финансиски прашања |
| Хуманитарни пакети во храна и средства за хигиена | **100.000 ден.** | Буџет на Општина Делчево Спонзорства и донации | Општина Делчево Опшествено одговорни компании |
| Еднократна парична помош за згрижувачките семејства | **100.000 ден.** | Буџет на Општина Делчево | Општина Делчево |
| Ревидирање на Правилниците и др.општи акти за доделување на парична помош | **/** | / | Одд.за правни и општи работи и јавни дејности Сектор за финансиски прашања |
| **Буџет на Општина Делчево** | 1.250.000 ден. +персонален данок | | |
| **Донации** | 100.000 ден | | |
| ВКУПНО: | 1.350.000 +персонален данок | | |

## V.2. Помош на невработени лица кои тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот

Активноста за помош на невработените лица ќе се спроведува преку ангажирање на невработените лица во спроведување на Програмата за општинско корисна работа (ОКР) и Програмата за изведување на јавни работи. Програмите ќе се реализираат преку работно ангажирање на невработените лица евидентирани во Агенцијата за вработување, а кои им припаѓаат на ранливите групи на население, вклучувајќи ги и лицата корисници на право на гарантирана минимална помош (ГМП).

Ангажирањето на невработените лица за ОКР ќе биде со скратено работно време (20 работни часа седмично) во период од 12 месеци (при што за лицата даватели на социјални услуги кои конкурираат треба дапоседуваат сертификат/уверение признаен од релевантните институции за стекнати вештини/ компетенции за занимања од социјалната и здравствената сфера, работниот ангажман ќе биде 12 месеци, од кои 6 месеци ќе бидат финансирани од АВРМ/МТСП а 6 месеци од Буџетот на Општина Делчево.

Вкупниот период на влученост на невработените лица преку програмата изнесува 12 месеци .

Право на учество во програмата имаат сите невработени лица, кои имаат сертификат/лиценца за давање на социјални услуги. Доколку одобрените активности за нашата општина се однесуваат на обезбедување на услуги за деца со попреченост и возрасни лица со попреченост, поради специфичноста на услугата ќе биде овозможено грижата да ја дава истото лице што било претходно ангажирано.

За програмата за изведување на јавни работи ќе бидат ангажирани 20 невработени лица за период од 1 месец. Во сезонскиот периодкога обемот на работните задачи за одржување на јавните зелени површини и јавните прометни површини (улици) е зголемен, подигање на нови и одржување на постоечките зелните површини во општината, како и изведување на активности на чистење на урбани и рурални средини,се јавува потреба од ангажирање на дополнителен број на работници во Јавното комунално претпријатие а кои се невработени и тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот.

| Активност | Предвидени средства | Извор на средствата | Одговорни за имплементација |
|---|---|---|---|
| Ангажирање на невработени лица во Општинско корисна работа во 2026 | 28.000 ден.х 10 лица х 12 месеци (6 месеци од АВРМ и 6 месеци од Општина Делчево) **3.360.000 денари** | АВРМ 1.680.000 ден. Буџет на Општина Делчево **1.680.000 ден**. | Одговорно лице за спроведување на ОКР Сектор за финансиски прашања |
| Ангажирање на невработени лица за изведување на јавни работи по Програмата за јавни работи за 2026 | 17.600 ден.х20 лица х 1 месец **352.000 денари** | АВРМ Буџет на Општина Делчево 80% (281.600 ден.)од АВРМ и 20**%(70.400 ден)** од Општина Делчево | Одговорно лице за спроведување на Програмата за јавни работи Сектор за финансиски прашања |
| **Буџет на Општина Делчево** | **1.750.000 ден.** | | |
| **МТСП/АВРМ** | **1.962.000 ден.** | | |
| **ВКУПНО:** | **3.712.000ден.** | | |

## V.3. Социјална заштита на стари и изнемоштени лица, преку социјалната услуга помош и нега во домот

Со воведување на социјалната услуга за нега и грижа за стари и изнемоштени лица , Општина Делчево во соработка со образовните, социјалните , здравствените институции и пред се со здруженијата на граѓани и други даватели на социјални услуги кои се сертифицираат за таа услуга, воведе социјална услуга за нега и грижа на стари изнемоштени лица. Овие активности се одвиваа и изминатите години но со помал буџет и со одреден рок на реализација, и не во целосно организирана форма како што е проектот за развој на социјалните услуги од МТСП. Во Општина Делчево за овој вид на услуга лиценца добија ЗГ Бравура кооператива и ОО на Црвен крст, при што опслужуваат околу 82 лица од кои 48 се мажи и 34 жени.

Несомнена е потребата од услуга за дневен престој за пензионери и Дом за згрижување на стари и изнемоштени лица со 24 часовен третман. Од тие причини Општина Делчево превзема мерки и активности за пружање на помош и нега на старите и изнемоштените лица во домашни услови, преку тимови на невработени лица кои имаат сертификат за пружање на помош и нега во домот. Најмногу активности се реализирани преку учество на невработените лица во Програмата за општинско корисна работа-грижа за стари и изнемоштени лица. Во изградба е првиот приватен дом за стари лица на територијата на Општина Делчево , чиј почетен капацитет ќе биде 35 згрижени лица .

Според податоците од ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, во Општина Делчево

вкупно 423 лица (205 маж и 218 жени) примаат додаток за помош и нега од друго лице. Значи овие лица не се во состојба да се грижат сами за себе. Бројот на пензионери на територијата на Општина Делчево е вкупно 3608 лица. Од нив 1808 се жени а 1800 мажи. Во Делчево нема Дом за згрижување на стари и изнемоштени лица, а најблиску таков дом има во Берово, но тој е со ограничен капацитет. Од средбите кои редовно ги одржуваме со месните и урбаните заедници и Центарот за социјални работи, констатиравме дека на подрачјето на нашата општина живеат околу 188 стари изнемоштени лица ( 103 жени и 85 мажи), кои живеат сами од разни причини: немаат блиски роднини, децата заминале да работат во друг град или во странство. 62 постари лица се без семејна грижа (35 жени и 27 мажи) а 22 од нив се без никакви примања (13 жени и 9 мажи). Бројките се резултат на масовното иселување на младите од општината, по што во многу семејства се останати само стари, болни и изнемоштени лица, кои неможат за себе да си обезбедат основна социјална и здравствена грижа или неможат сами да ги обавуват основните потреби. Ваквата ситуација, особено влијае на опаѓање наквалитетот на животот на оваа ранлива група, а посебно ранливи се старите лица во руралните средини На тие лица им е потребна елементарна грижа, внимание и некој барем еднаш дневно да ги посетува и да им ги набавува основните намирници и лековите. Во нашата општина нема ниту еден колективен центар за сместување на стари лица ниту пак има дневен центар за згрижување на стари лица. Овие лица најчесто се неспособни за извршување на секојдневните животни потреби, изложени се на болести и изолирани се од социјалната средина. Врз основа на повеќе истражувања и анализи спроведени од Општина Делчево а со помош на НВО и здравствените установи на подрачјето на нашата општина, се констатира следната состојба:

- Најголем дел од старите лица имаат пензија (лична, семејна, земјоделска), која им овозможува услови за скромен живот,
- Поголем дел живеат сами (вдовец/вдовица),
- Речиси сите имаат здравствени проблеми ,
- Одржувањето на личната хигиена и хигиената во домот, набавката и подготовката на храна им претставува тешкотија,
- За посета на лекар и набавка на лекарства во најголем дел се зависни од друг.
- Скоро кај сите преовладува чувството на осаменост, непотребност, отфрленост и страв од заболувања.

Во 2024 година отпочнавме со реализација на услугата за далечински мониторинг и дијагностика на пациенти кои не се во можност да ги посетуваат матичните лекари. Проектот е финасиран од Австриската агенција за развој и соработка а во парнерство на НАЛАС . Во проектот се вклучени 4 матични лекари кои со опремата за далечински мониторинг, овозможуваат следење на здравствената состојба на околу 300 пациенти годишно.

### V.4. Помош и грижа за лица со посебни потреби

Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2026 година опфаќа мерки и активности за грижа и заштита на лицата со посебни потреби/лицата со попреченост. Целите на овие мерки се гледаат првенствено во:

- Социјална вклученост на лицата со попреченост на пазарот на трудот преку обезбедување стекнување на одредени работни вештини и нивно работно ангажирање со скратено работно време ,
- Зголемување на понудата на социјални услуги согласно потребите на лицата со посебни потреби,
- Обезбедување на лични и образовни асистенти на децата со посебни потреби кои се вклучени во образовниот систем,

- Формирање на дата база на податоци лица со посебни потреби според видот и категоријата на која припаѓаат,
- Обезбедување пристапност на лицата со посебни потреби до јавните институции,
- Подигање на јавната свест на граѓаните за постоењето на посебните потреби на лицата со попреченост преку кампањи и заедничко прославување на датуми и настани.

**Со поддршка на NALAS и GIZ а по иницијатива на ЗЕЛС, за прв пат во Општина Делчево се спроведе социјално мапирање на лицата со попреченост, нивните потреби и приоритети. Кон крајот на 2023 година спроведено е анкетирање на 70 лица со попреченост со цел да се утврдат реалните потреби на овие лица и да се креираат мерки и активности.**

Заклучоци и препораки од социјалното мапирање

**Согласно резултатите од спроведеното социјално мапирање и методологијата на проценка на изложеност на петте ризик фактори, најранливи категории на граѓани во Општина Делчево се лицата со попреченост и тоа:**

- Лица кои живеат сами и лица кои имаат семејна поддршка, но, заради возраста на родителите/старателите, постои високр ризик да останат сами а имаат умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, тешка телесна попреченост или комбинирана попреченост од овие две попречености;
- Лицата кои немаат образование и не се во можност да го оформат средното образование и не можат да бидат дел од пазарот на трудот заради оваа причина;
- Лицата кои живеат во екстремна сиромаштија, која се манифестира со неможност да се обезбедат доволно и соодветни оброци, неможност да се обезбеди топол дом и да ги имаат потребните лекови;
- Жените односно девојките со попреченост, заради нивната изолација од страна на родителите/старателите да не се вклучат во програми за реинтеграција и рехабилитација;
- Родителите/старателите на лицата со попреченост, кои не се во работен однос заради грижа на лице со попреченост;
- Лицата кои се тешко подвижни и имаат потреба од специјално возило за лица со попреченост;
- Лицата кои не се во можност, заради економски причини или заради тешка подвижност, да посетат лекар специјалист во друга општина;
- Жените со попреченост кои се жртви на дискриминација;
- Лицата со телесна или комбинирана попреченост, кои живеат во недоволно пристапни домови;
- Жените со попреченост, кои не се сопственички на домовите;
- Лицата кои имаат интелектуална попреченост и не се во можност да се информираат соодветно и навремено за евентуални ризици и елементарни непогоди и се во опасност самите да предизвикаат пожар или поплава во својот дом;
- Лицата со телесна и комбинирана попреченост, кои живеат во непристапни улици и домови за возила на противпожарната служба.

Врз основа на анализа на поткатегориите на лица со попреченост, кои се најизложени на петте ризик фактори, може да се заклучи дека кај сите ризик фактори, најзиложени се:

- **Жените и девојките со попреченост, особено со интелектуална попреченост;**

- **Лицата со тешка телесна попреченост, особено лицата со комбинирана попреченост-телесна и интелектуална попреченост.**

Општина Делчево преку низа настани и прослави работи на подигање на јавната свест на граѓаните за постоењето на посебните потреби на лицата со попреченост со организирање на кампањи и заедничко прославување на датуми и настани:
20 Февруари – светски ден на социјалните права,
28 Февруари – ден на ретките болести
21 Март – светски ден на лицата со даунов синдром
26 Март – светски ден за подигање на свеста за епилепсијата
02 Април – светски ден на аутизмот
19 Август – светски ден на хуманоста
1 Октомври – меѓународен ден на старите лица
10 Октомври – светски ден на менталното здравје
15 Октомври – меѓународен ден на белиот стап
03 Декември – меѓународен ден на лицата со попреченост

| **Активност** | **Предвидени средства** | **Извор на средствата** | **Одговорни за имплементација** |
|---|---|---|---|
| Еднократна парична помош за рехабилитација на ученици со мускулна дистрофија | **60.000 ден.** | Буџет на Општина Делчево | Општина Делчево<br>ООУ и СОУ |
| Изградба на пристапни рампи во јавните институции | **100.000 ден.** | Општина Делчево<br>Јавни/државни институции | Општина Делчево<br>Јавни/државни институции |
| Чествување на настани посветени на лицата со посебни потреби | **100.000 ден.** | Општина Делчево<br>НВО<br>Спонзорства /донации<br>Опшествено одговорни фирми | Општина Делчево<br>НВО<br>Дневен центар за лица со посебни потреби |
| Формирање на дата база на податоци на лица со посебни потреби | **/** | / | Општина Делчево<br>НВО<br>Дневен центар за лица со посебни потреби<br>ЈУ МЦСР |
| **ВКУПНО:** | **260.000 ден. (од Буџетот на општината)** | | |

**V.5. Детска заштита/ Помош и грижа за децата од предучилишното образование и воспитание**

Во областа на детската заштита и стимулативните мерки за ученици и студенти Општина Делчево обезбедува парична помош за секое новороденче во општината,паричен подарок за секое прваче, инклузија на деца роми во ОЈУДГ Весели цветови, ослободување од партиципација за престој во ОЈУДГ за деца на самохрани родители и др . Постаката за доделување на парична

помош за секое новороденче е уредена во Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош. Постапката за доделување на паричните награди за 10 најдобри ученици од СОУ „М.М.Брицо„ Делчево, паричните награди за ученици роми и парична награда за секое прваче е уредена во Правилникот за начинот , условите, кретириумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево .Инклузијата на деца роми во ОЈУДГ Весели цветови се врши согласно Договорот потпишан помеѓу Општина Делчево, МСПДМ и ОЈУДГ Весели цветови. Во оваа Програма се вклучени 15 деца од ромска националност. Ослободување од партиципација за престој во ОЈУДГ за деца на самохрани родители се врши согласно Правилникот на МТСП. За проширување на капацитетите на единствената установа за згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст , во 2022 година Општина Делчево планира изградба на детска градинка во населба Расадник со капацитет од 150 деца. Во с.Разловци отпочна со работа клон на градинката ОЈУДГ Весели цветови со капацитет од 20 деца.

Детска заштита/ Помош и грижа за децата од предучилишното образование и воспитание

| Исплата по основ | количина | Единечен износ | Вкупно | Извор на средствата |
|---|---|---|---|---|
| Парична помош за секое новороденче | 100 | 4.000 ден. | **400.000 ден.** + персонален данок | Буџет на Општина Делчево |
| Еднократен паричен надоместок за прво новороденче во 2026 година | 1 | 10.000 ден. | **10.000 ден.** + персонален данок | Буџет на Општина Делчево |
| Инклузија на деца роми во ЈОУ детски градинки | 15 деца х 10 месеци | 1.500 ден. | **225.000 ден.** | МТСП |
| Ослободување од партиципација за престој во ОЈУДГ за деца на самохрани родители | 10 деца х 10 месеци | 1.500 ден. | **150.000 ден.** | ОЈУДГ Весели цветови |
| Дворно уредување на новата градинка во нас.Стар расадник | По Договор за јавна набавка | 5.730.796 ден.без ДДВ | **6.762.339 ден**.со ДДВ | Буџет на Општина Делчево |
| Парична | 100 | 4.000 ден. | **400.000 ден. +** | Буџет на Општина |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| награда за секое прваче | | | **персонален данок** | Делчево |
| Училишен прибор за ученици од социјално загрозени семејства | 120 | 1.000 ден. | **120.000 ден.** | Општествено одговорни фирми Хуманитарни организации |
| Новогодишни пакетчиња деца и ученици | 1500 | 200 ден. | **300.000 ден.** | Општествено одговорни фирми Хуманитарни организации |
| **Вкупно од Буџетот на општината** | | | **7.572.339 ден.** | |
| **Вкупно од МТСП и донации** | | | **795.000 ден.** | |
| ВКУПНО: | | | **8.367.339 ден.** | |

**V.6. Промовирање на нови социјални услуги и тоа: услуги за информирање и упатување, услуги за помош и нега во домот , услуги за лична асистенција, услуги во заедницата и услуги за вонсемејна заштита**

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните. Со Законот за социјална заштита се уредени системот и организацијата на социјалната заштита, корисниците на социјална заштита, правата на парична помош и социјалните услуги, постапката за остварување на правата и користење на услугите, вршење на дејноста на социјална заштита, кадрите, финансирањето и надзорот над вршењето на социјалната заштита и други прашања од значење на вршењето на дејноста на социјалната заштита.

Најважен сегмент за локалната интервенција е воспоставувањето на мрежа на даватели на социјални услуги која ја сочинуваат јавните установи за социјална заштита и други овластени даватели на социјални услуги (здруженија, други домашни и странски правни лица), со кои МТСП, односно општината, склучиле управен договор за давање на социјални услуги, како и физичко лице кои добило дозвола за вршење на работи од социјалната заштита како професионална дејност и склучиле договор со Центарот за социјална работа.

Во изминатиот период Општина Делчево посветено работеше на обезбедувањето на потребните услови кои ќе придонесат кон превенција и надминување на социјалните проблеми на нашите сограѓани, но и за воспоставување на функционални социјални услуги кои ќе се пружаат преку овластени даватели на социјални услуги.

Како инвестиција во добростојбата на граѓаните, за следниот период е планиран развој на нови социјални услуги. Со оглед на финансиската состојба и големината на општината, новите услуги се планирани да бидат обезбедени во соработка со донатори и МТСП.

**5.1 Услуги за информирање и упатување**

Покрај постоечката работа на ЦСР, оваа услуга може да се дава и преку овластени даватели на услуги, НВО, општински центар за информирање и упатување и др. форми. На пример неопходно е да се развие посебен сет на информации за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се

долгорочно невработени или тешко вработливи и лицата со попреченост кои се на евиденцијата на АВРМ. Исто така потребно е да се даде дополнителна помош и поддршка при услугите за информирање и упатување за искористување на правата од социјална и здравствена заштита на ранливите категории на граѓани.

**5.2 Услуги на стручна помош и поддршка**

Долгоочекуваното воведување на услуги на стручна помош и поддршка ќе биде овозможено само преку лиценцирани даватели на услуги кои во соработка со стручните служби во ЦСР ќе работат на случај, ќе овозможат рарешување на комплексни семејни ситуации, работа со жртви на семејно насилство, работа со малолетници во ризик/малолетничко престапништво и др.

**5.3 Услуги на советување**

Општината заедно со МТСП е спремна да поддржи работа на стручни граѓански организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани во социјален ризик, надвор од она што го обезбедува ЦСР. Центарот за советување во своите рамки би обезбедувал советувалишна работа за деца и младинци во различни социјални ризици ( деца во судир со законот, нарушени семејни односи, жртви на врсничко насилсто и семејно насилство).

**5.4 Услуги за помош и нега во домот**

Општина Делчево има голема потреба од лиценцирање на овластен давател на услуги за помош и нега во домот и тоа за помош и нега на стари и изнемоштени лица, палијативна служба за лица заболени од тешки болести и др. услуги. Во таа насока веќе се лиценцирани две НВО како овластени даватели на оваа услуга и тоа ОО на Црвен крст Делчево и ЗГ „Бравура кооператива“.

**5.5 Услуги за лична асистенција**

Според податоците добиени од мапирањето на проблемите на лицата со попреченост, констатирано е дека во Општина Делчево има недостаток и потреба од услугата лична и персонална асистенција. Оваа услуга ќе придонесе за независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во опшеството во целина. Развојот на оваа услуга ќе се базира на правилниците и др. подзаконски акти кои го следат Законот за социјална. Личната асистенција како услуга веќе е овозможена преку лиценциран даватал за оваа услуга а тоа ОО на Црвен крст.

**5.6 Услуги во заедницата**

Услугите во зедницата ги опфаќаат услугите во дневните центри и тоа дневни центри за стари лица, дневни центри за лица со посебни потреби, дневни центра на зависници, дневни центри за престој на деца и младинци , центар за активно стареење и други центри за поддршка на живеење во заедницата. Во 2021 година се отпочне со реализациа на проектот за услуги во заедницата насловен како Клуб за социјална инклузија „Интегра“ . ПроектотКлуб за социјална инклузија „Интегра“ е програма за вклучување на 12 лица со посебни потреби од Општина Делчево, во организирана форма на услуга за рехабилитација, професионална ориентација и социјализација . Причините за потребата од проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра“ е отсуството на институционални и други алтернативни форми на услуги за возрасни лица со посебни потреби во Општина Делчево. Проектот е базиран на приоритетите од Акцискиот план за социјална заштита на Општина Делчево во делот за маргинализирани групи а е спроведен од страна на ЗГ „ Бравура кооператива“ . ЗГ Бравура кооператива“ е лиценциран давател на социјалната услуга за рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост. Констатирана е потребата од отварање на Центар за активно стареење, чии корисници би биле лица над 65 годишна возраст, кои се психо-физички самостојни и не користат други социјални услуги.Во Центарот за активно стареење ќе се реализираат низа активности меѓу кои : обуки и предавања од страна на медицински лица, креативни работилници, спортски активности, активности од областа на уметностите и др.

**5.7 Услуги за вон- семејна заштита**

Живеење со поддршка

- Обезбедување на мали групни домови за лица без родители и родителска грижа над 18 годишна возраст и групни домови за лица со попреченост над 26 годишна возраст,
- Обезбедување на стамбени единици за домување
- Шелтер центар за жртви на семејно насилство

Згрижување во семејство (згрижувачки семејства)

Иако оваа услуга е управувана од МТСП , општината може да даде значителен придонес во поддршка на кампањата за обезбедување што поголем број на згрижувачки семејства. Од тие причини воведено е еднократна парична помош во износ од 10.000 денари за секое згрижувачко семејство на ниво на нашата општина. Моментално во Делчево има само едно згрижувачко семејство.

Сместување во установа

Идентификувана е потреба од изградба на Дом за стари лица. Бројот на стари лица во Општина Делчево кои живеат сами и се без семејна грижа, од ден во ден е се поголем. Затоа е потребно да се изгради Дом за стари лица кој ќе биде регионален.

**VI.Табеларен приказ на Програмата за социјална заштита за 2026 година, по ставки:**

| Ред.бр. | Активност | Период на реализација во 2026 | Предвидени средства во денари | Ставка од Буџетот |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица** | Континуирано во текот на целата година | **1.250.000 ден.Буџет** 100.000 ден.донации | 471160 |
| 2. | **Помош на невработени лица кои тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот Општинско корисна работа и јавни работи за невработените лица** | Од Јануари до Ноември 2026 | **1.750..000 ден. Буџет** 1.962.000 ден.АВРМ | 425990 |
| 3. | **Помош и грижа за лица со посебни потреби** | Континуирано во текот на целата година | **260.000 ден.Буџет** | 471410 |
| 4. | **Детска заштита/ Помош и грижа за децата од предучилишното образование и воспитание** | Континуирано во текот на целата година | **7.572.339 ден.Буџет** 795.000 ден.МТСП, ОЈУДГ | 471230 |
| | **Од Буџет на општината** | **ВКУПНО:** | **10.832.339ден.** | |
| | **Од МТСП и други** | **ВКУПНО:** | **2.857.000 ден.** | |
| | ВКУПНО: | | **13.689.339 ден.** | |

**VII. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од проекти/донации и средства од Буџетот на Општина Делчево .

За активностите од областите, што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнителново текот на 2026 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Делчево.

VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предлагач на Програмата е Градоначалникот на Општина Делчево.

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за правни и општи работи и јавни дејности при Општина Делчево, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Советот за социјална заштита на Општина Делчево.

Програмата влегува во сила по нејзиното донесување од страна на Советот на Општина Делчево односно осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

СОВЕТ НАОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Бр.09-294/1 Претседател

30.01.2026 година Николчо Стојменовски,с.р.

Делчево

11.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002), член 11 став 1 алинеа 4, член 141 и член 142 од Законот за социјалната заштита (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), Советот на Општина Делчево , на својата четврта редовна седница одржана на ден 30.01.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за именување членови на Совет за социјална заштита на Општина Делчево**

Член 1

За остварување на дејноста на социјалната заштита во Општина Делчево и развивање на локални мерки и активности за социјална заштита согласно Законот за социјалната заштита, се формира Совет за социјална заштита на Општина Делчево.

Член 2

За членови на Советот за социјална заштита на Општина Делчево се именуваат:

- ***Сузана Петровска***, претставник на Општина Делчево,
- ***Марија Аџиска***, претставник на ОВР Делчево, ПС- ОН Делчево,
- ***Кристина Аралампиевска***, претставник на Основно јавно обвинителство Делчево,
- ***Спец. Др Билјана Ѓеоргиевска*** , претставник на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев„ Делчево,
- ***Александра Трајановска*** , претставник на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево
- ***Даниела Трајановска*** претставник на Центар за вработување Делчево,
- ***Наташа Јаневска Колевска***, претставник на СОУ „М.М.Брицо„ Делчево,
- ***Александра Гошевска***, претставник на ООУ „Ванчо Прке„ Делчево,
- ***Верица Боинска***, претставник на ООУ „Св.Климент Охридски„ Делчево,
- ***Ивана Ангеловски***, претставник на Црвен крст на Република Северна Македонија Општинска организација Делчево,
- ***Александар Николов***, претставник на ЗГ „БРАВУРА КООПЕРАТИВА„ Делчево,
- ***Санела Момчилов***, претставник на НВО КХАМ Делчево,
- ***Зоран Биковски***, претставник на Организација ЖЕНА Делчево,
- **Презвитер Милан Ничевски**, претставник на Делчевско – Каменичка епархија
- **Оџа*Сефадин Селимовски***, претставник на Исламска Верска Заедница Џамија „Фатих Мехмед II„ Делчево.

Член 3

Советот за социјална заштита на Општина Делчево ги има следните надлежности:

- изготвува Социјален план за подрачјето на Општина Делчево, врз основа на кој план Градоначалникот на Општина Делчево изготвува Годишна програма за социјална заштита, која ја донесува Советот на Општина Делчево по претходно мислење од Министерството за труд и социјална политика на РСМ,

- предлага локални мерки и активности за социјална заштита.

Член 4

Мандатот на членовите на Советот за социјална заштита изнесува 4 (четири) години сметано од денот на донесувањето на Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**СОВЕТ НАОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Николчо Стојменовски,с.р.**

**Бр.09-295/1**
**30.01.2026 година**
**Делчево**

12.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална смаоуправа („Службен Весник на РМ” бр. 5/02), член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените – пречистен текст („Службен Весник на РМ” бр.201/2015) и член 37 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево” бр. 15/2013), Советот на Општина Делчево, на својата 4. редовна седница, одржана на ден 30.01. 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ
## за 2026 година

### I ВОВЕД

1. Појдовна основа на Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2026на Општина Делчево

Со оваа Програма се уредуваат основните и посебните мерки за воспоставување еднакви можности на жените и мажите, надлежностите, задачите и обврските на одговорните субјекти за обезбедување еднакви можности. Програмата го промовира принципот за воспоставување еднакви можности за жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната област, како и во другите области од општествениот живот. Воспоставувањето еднакви можности е обврска на целото општество и претставува отстранување на пречките за воспоставување и остварување еднаквост меѓу жените и мажите, преку превенција и отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите и воспоставување на услови за воведување на еднакво учество на жените и мажите во ситесфери на општествениот живот.

Прашањата за економската независност на жената, нејзиниот напредок во животот и кариерата и уривањето на стереотипите, се клучни моменти околу кои може да се концентрира борбата за родова еднаквост што мора да се направи не во натпревар, туку во заедничко партнерство помеѓу жените и мажите. Непобитен факт е дека мажите и жените се различни едни од други и меѓу нив постојат природни, биолошки разлики кои не можат да се надминат. Но, разликите кои ги наметнало општеството, стереотипите и општоприфатените родово- дискриминирачки модели, се тие што можат и треба да се намалат, изедначат, надминат.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, функционира како постојано

работно тело на Советот на Општина Делчево (во понатамошниот текст КЕМ).

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Делчево за 2026 година има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ" бр. 6/2012, 166/2014 и 150/2015) со кој се забранува и казнува секаков вид дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областа на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот, односно во сите сфери на човековото живеење.

Воедно, со Програмата е предвидено организирање различни активности кои се од големо значење за граѓаните и за Општината со цел да се промовира и унапреди родовата еднаквост, граѓаните да се информираат и едуцираат за своите права и за тоа како да реагираат доколку се дискриминирани по основ на пол и други основи.

Општина Делчево ќе ја реализира Програмата во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2026 година за конкретните намени, во соработка со различни здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во областа на родовата еднаквост. Програмата се донесува од страна на Советот на Општината и таа е документ, како и Стратегијата за родова еднаквост, на сите институции и граѓански организации и треба да им биде водилка во планирањето и реализирањето на нивните активности.

## 1.2 Оправданост / Законска основа

Родовата рамноправност во Република Северна Македонија, е загарантирана со Уставот од 1991 година и како фундаментално човеково право претставува една од најважните цели и приоритети за државата. Покрај Уставот, родовата рамноправност е предвидена и регулирана и во други законски прописи и меѓународни договори кои претставуваат составен дел од нашиот правен поредок :

- Декларација за правата на човекот (1948 год.)
- Меѓународна конвенција за политички права на жените – еднакви права за двата пола (1952 год.)
- CEDAW Конвенција на ООН- Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (1979 год.)
- Пекиншката декларација и платформата за акција –рамноправност , развој и мир (1995 год.)
- Европската повелба за еднаквост помеѓу мажите и жените (2006г.).Општина Делчево ја потпиша на 8 Март 2018 година
- Член 9, Устав на Република Македонија/ граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба;
- Истанбулската конвенција – конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство,
- Закон за еднакви можности на жените и мажите, пречистен текст / („Службен весник на РСМ" бр. 201/2015)
- Закон за заштита од вознемирување на работно место / Службен весник на РСМ,бр. 2013

- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство /Службен весник на РСМ 24/21
- Закон за спречување и заштита од дискриминација / Службен весник на РСМ 258/20
- Стратегијата за родова еднаквост на Р.С. Македонија
- Националниот план за акција за родова рамноправност

Оваа Програма е усогласена со националните законски и стратешки определби, како и со стратешките определби на Општина Делчево предвидени во Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за период 2023-2026 и Акцискиот план за имплементација на регионалната стратегија за родова еднаквост на Општина Делчево.

## IIЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цел на Општината заедно со Комисијата за еднакви можности е да го промовира принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор кој овозможува остварување на нивните права произлезени од законите на Р.С. Македонија. Општината во соработка со Комисијата има за цел да ја инкорпорираат родовата перспектива и еднаквите можности во локалната политика, да ја унапредат состојбата на жените на локално ниво и да ги реализираат стратешките цели на Националниот план за акција за родова рамноправност и на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Основни цели на Програмата за 2026 година се:

### 2.1 ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

1. Човекови права и родова еднаквост во рамки на подобластите: а) политика, б) родово базирано насилство и в) економија;
2. Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики;
3. Едукација и јакнење на капацитетите за родова еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население;
4. Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза.
5. Здравство

## IIIАНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Општина Делчево одговорно и посветено работи на создавање еднакви можности на жените и на мажите во Општината и имплементација на надлежните законски одредби и пред сѐ на почитување на правата и на слободите, независно од полот. Во таа смисла, изминатиот период Општина Делчево има донесено низа документи, анализи и локални програми во кои јасно е нотиран и имплементиран концептот на еднаквите можности. Меѓу другото, Општина Делчево ја

донесе и втората Стратегија за родова еднаквост на општините Делчево, Берово и Пехчево, за периодот 2023 – 2026 година со Акциски план кој се базира врз основа на претходната анализа на постигнувањата од актуелната Стратегија за РЕ 2020 – 2022.

Исто така, во текот на 2024 година, се изработи и Протокол за комуникација и еднакви можности помеѓу жените и мажите во Општина Делчево (08-1032/1 од 11.07.2024), документ кој има за цел да го олесни процесот на комуникацијата на одговорното лице- координатор/ка за еднакви можности со внатрешната јавност, како и со надворешната јавност со цел навремена и точна комуникација со сите засегнати страни, да се олесни процесот на собирање родово разделени податоци во насока на анализа и согледување на потребите на жените и на мажите во Општината и соодветна реакција од службите во Општината.

Институционалната рамка која се грижи за тоа е Комисијата за еднакви можности, како постојан орган со одлука на Советот и координатор(ка)ите за еднакви можности.

Во однос на **вклучување на родовите перспективи во главните текови и интегрирање на родовата перспектива** во секоја од програмите на Општината (согласно со член 4 став 1 точка 10 од Законот за еднакви можности на жените и мажите), Општина Делчево за 2025 и за 2026 г. подготви 10 програми кои се родово сензитивни и тоа:

1. Програма за еднакви можности
2. Програма за комуникација со јавност и промоција на Општина Делчево
3. Програма за работа на ОСБСП за 2025
4. Програма за образование на Општина Делчево
5. Програма за култура на Општина Делчево
6. Програма за спорт на Општина Делчево за 2025
7. Програма за соработка со граѓански сектор
8. Програма за социјална заштита
9. Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево
10. Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево

Со изготвувањето на овие програми, за прв пат може да се констатира дека еднаквите можности се имплементирани во поголем дел од општинските програми и планови, а јазикот кој се користи во локалните документи е родово сензитивен и се користат родово разделени податоци за корисниците на програмата.

Општина Делчево редовно собира родово разделени статистички податоци од институциите во Делчево и ги користи при анализи за одредени состојби и го унапреди процесот на собирање податоци кои сега се собираат во ексел табела, каде се ажурираат редовно статистичките податоци од сите институции при што се следи движењето на податоците. Овие податоци се и јавно објавени на веб-страницата https://www.delcevo.gov.mk/rodovo-razdvoeni-podatoci.

За реализацијата на целта-родово одговорна општина, Општина Делчево соработува веќе 5 години со UNWOMEN со чија поддршка и реализираните обуки за зајакнување на капацитетите,

Општина Делчево бележи резултати и успешно го имплементира родовиот аспект во своето работење. Воедно, во текот на 2025 година одржани се четири средби од кои три онлајн средби со менторките од UNWOMEN, Бранка Минчева и Гордана Несторовска, каде се дискутираше и се презентираа активностите за реализација на Програмата и се добиваа насоки како да се подобри реализацијата. Исто така, на втората он-лајн средба, Општина Делчево имаше презентација на добра практикана тема „Креирање бази на податоци за безбедност во сообраќајот" подготвена од Николина Петровска-Мавродиева, сообраќаен инженер и виш соработник за сообраќај и патишта во Општина Делчево.Од полово распределените податоци добиваме информации за различните искуства, потреби и перспективи за проблемите во сообраќајот, шемите на патување и ранливоста на жените и мажите во сообраќајот.

Општина Делечево изготви и Извештај за успешни и креирани имплементирани родово одговорни практики, каде се направи анализа за добри практикиво Програмата за работа на ОСБСП и мерката за редовно собирање и анализирање на разделените податоци по пол поврзани со безбедноста во сообраќајот во Општина Делчево. Целта на оваа мерка е подигнување на јавната свест за поголема безбедност во сообраќајот и поттикнување на одговорно учество во сообраќајот од страна насите учесници/чки во сообраќајот (жени, мажи).

Согласно со Анализата на сообраќајните незгоди на подрачјето на општина Делчево за изминатата 2024 година, се имаат случено **50** сообраќајни незгоди- СН во кои учествувале **104** лица. Во нив **11** лица се здобиле со ТТВ, **33** лица се здобиле со ЛТП, а **60** лица биле без повреди. Според полот на возачот и податоците за СН во **14%  од СН учествувале жени**, а во **86% од СН учествувале мажи**. Од вкупниот број повредени лица **18%** биле **жени**, а **82%** биле **мажи.**

Од жените возачи со телесни повреди (Т-ЛТП) се здобиле **71%** од вкупниот број **жени возачи**, а од **сопатниците** кои се здобиле со повреди **13% се жени**. Според бројот на повредени лица во СН во незгодите каде возачот била жена се повредени **25%**, а во СН каде возачот бил маж се повредени **75%** од вкупниот број повредени лица со Т-ЛТП. Во СН каде **учествувале жени** причина за настанување на СН се: недржење на страна и правец при движење – 5, потоа непочитување на правото на првенство на минување – 1 и не држење на соодветно растојание помеѓу возилата – 1.

Во текот на 2025 година во соработка со НВО ЖЕНА се одржаа средби со жени од рурални средини, во рамките на проектот „Жените го преземаат водството во локалните заедници" финансиран од Делегацијата на Европската Унија, а кофинансиран од Шведска и спроведуван во партнерство со Фондација KvinnatillKvinna и Хуманитарно Здружение „Мајка" - Куманово.Целта на проектот е да се активираат локалните жени за да се обезбеди конструктивен придонес со мерки за политики за инклузивно и родово одговорно програмирање и буџетирање на ЕЛС. Проектот се имплементира и во соработка со одговорните лица за еднакви можности во Општина Делчево и се очекува најмалку 1 предлог за приоритетна политика, обезбеден од жените во заедницата да биде опфатен (програмиран, буџетиран или спроведен) од страна на општината/локална институција. Досега се одржаа средби со жени во с.Требовиште и с.Разловци на кои

присуствуваа 70 жени. Исто така, изготвени се и анализи на потребата на жените од с.Разловци и с. Тработивиште, при што се доби генерална слика на состојбата, но се исцрта и главниот предизвик кој се провлекува низ, речиси, сите сектори, а тоа е хроничниот недостаток на проактивна, таргетирана и лесно разбирлива комуникација од страна на општината кон жените. Жените не можат да ги користат услугите и можностите за кои не знаат, или за кои имаат само површни, „делумни“ информации.

Во Анализата на потребата на жените во с. Разловци, Општина Делчево се открива слика со силни контрасти во перцепцијата на жените за работата на општина Делчево:

1. Најкритична област: Локалниот економски развој е идентификуван како апсолутен приоритет за идна работа. Катастрофално ниското ниво на информираност, комбинирано со екстремно негативни оценки, покажува системски неуспех во економското вклучување и информирање на жените.
2. Област за сериозна загриженост: Социјалната заштита, исто така, покажува сериозни слабости, пред сè во информациската недостапност, што ги остава ранливите жени без потребната поддршка и создава поларизирано мислење.
3. Области со потенцијал за подобрување: Комуналните дејности и Културата имаат просечни до добри оценки, но страдаат од недоволна и нејасна комуникација. Потребно е информациите да станат подлабински и сеопфатни, а услугите поконзистентни.
4. Светол пример: Образованието се издвојува како област каде што жените се добро информирани и високо задоволни, што покажува дека успешна соработка помеѓу општината и граѓаните е можна и треба да служи како модел.

Во рамки на теренското истражување спроведено во село Тработивиште беа опфатени **70 жени** од различна возраст и социјален статус. Целта на анкетата беше да се утврди нивото на информираност, перцепција и мотивација на жените за учество во локалните процеси на одлучување и развој.

Резултатите покажуваат дека иако постои одреден степен на интерес и свест, голем дел од жените немаат пристап до информации или не ги поврзуваат локалните проблеми со институционалните надлежности. Ова ја потврдува потребата од систематски пристап во насока на зајакнување на правната писменост и граѓанската активност кај жените во руралните средини.

Анализата за село Тработивиште покажува дека жените имаат изразена волја за учење, вклучување и информирање, но се соочуваат со **ограничен пристап до информации и институции**. Потребно е систематско зајакнување на нивната правна и граѓанска писменост, како и охрабрување за активно учество во јавниот живот.
Вклучувањето на жените од руралните средини не треба да се третира како обврска, туку како **инвестирање во локалниот развој и социјална кохезија**.

**Наод:** 94% од испитаничките не знаат колкав е буџетот на општината.
**Согледување:** Општинскиот буџет се доживува како апстрактен и далечен поим; жените не се чувствуваат овластени да прашуваат или предлагаат.
**Наод:** 93% од жените изразиле желба да дознаат повеќе за работата на општината.
**Согледување:** Жените се отворени за информации, особено за практични теми кои влијаат на нивното секојдневие.

Препорака:
Да се воведе **месечен информативен билтен** (во печатена и дигитална форма), со кратки вести и објаснувања за општинските активности напишани на разбирлив јазик.

**Наод:** 74% никогаш не влегле во општинската зграда.
**Согледување:** Родови улоги и перцепција дека „нема потреба“ претставуваат главна бариера.

**Наод:** 93% од жените не учествувале во никакви јавни консултации.
**Согледување:** Недостиг на покани и информации е главна пречка.

- Стратешка насока за идниот период е врз основа на овие анализи наОпштина Делчево во партнерство со Организација ЖЕНА Делчево е фокусирањена својата работа на два столба:
- Информирање и зајакнување на жените: Креирање и дистрибуција на информативни материјали (водичи, брошури), организирање работилници и инфосесии со цел жените да станат свесни за своите права и можности во сите анализирани области.
- Треба да се изнаоѓаат конкретни мерки за подобрување на транспарентноста, комуникацијата и квалитетот на услугите, со посебен акцент на ЛЕР и социјалната заштита, користејќи го образованието како пример за добра практика.

- Исто така, О. Делчево соработува со Организација ЖЕНА за реализација на дел од активностите во Програмата, посебно во делот за родово базирано насилство, врсничко насилство, едукативни предавања од областа на здравството, мониторинг на програмите и сл.

- Во текот на првата половина на 2025 г до формирањето на новиот состав на Комисијата по Локалните избори 2025 г, беше евидентно нефункционирањето на КЕМ согласно со законските обврски. Комисијата во овој период не одржа ниту еден состанок и не даваше придонес за имплементација на родовиот концепт во локалните планови и програми. Ова е дефинирано како голема слабост и предизвик за работа со новиот состав на КЕМ.

- Новиот состав на КЕМ беше формиран на Првата седница на Советот на Општина Делчево со Решение бр.09-2550/1 од 12.11.2025 г. Во составот на КЕМ се следните членови на Советот: Адријана Илиевска-Велковски-претседателка; Катерина Величковска, член; Билјана Тодоровска, член; Исусе Десподовски, член; Виктор Ѓеоргиевски, член. При формирањето на КЕМ се водеше сметка за родовата застапеностЀ: 3 претставницички жени и 2 претставници мажи.

- КЕМ на 19.11.2025 го одржа својот Прв состанок.

- КЕМ беше иницијатор и на првата трибина со фокус на машкото здравје организирана по повод Месецот на машкото здравје, ноември. Трибината понуди мултидисциплинарен пристап кон машкото здравје на која учество зедоа доктори од различни области од Здравствениот дом во Делчево. На трибината со наслов „Фокус на машкото здравје“, говореа: д-р Адријана Илиевска-Велковски, спец. по радиологија, д-р Билјана Ѓеоргиевска,

спец. по психијатрија, д-р Даниела Илиевска, спец. по неврологија, д-р Тони Ѓеоргиевски, спец. по интерна медицина, д-р Александар Стојменовски. За прв пат, имаше одлична посетеност од претставниците на машкиот пол. Имено од 42 присутни, само 13 беа жени.

- Во текот на 2025 година беа формирани 12 нови совети на месните и урбаните заедници и беа избрани нови претседатели на заедниците. За прв пат во Општина Делчево имаме жена претседателка на месна заедница и тоа во МЗ во с. Вратиславци, Слободанка Митевска. Сепак, од расположливите податоци на состаноците при изборот на новите совети, евидентна е незаинтересираноста на жените за присуство на овие состаноци кои ги организира и спроведува Општина Делчево. Имено, од присутните 99% се мажи, а 1% се само жени. Процесот на активирање на месните и урбаните заедници продолжува и во 2026 г.

### 3.2 Трендови

Уставот на Република Северна Македонија гарантира дека „граѓаните се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните се еднакви пред Уставот. Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба според Уставот. Еднаквоста меѓу жените и мажите се смета за прашање на човековите права и предуслов и индикатор за одржлив развој на човекот во целина. Единиците на локалната самоуправа имаат активна улога восоздавањето на еднакви можности за мажите и жените на локално ниво.Трендовите во државата и во општината се во насока на хармонизирање на законодавството со ЕУ и меѓународните стандарди. Исто така, еден од приоритетите е и воспоставување ефективен и ефикасен систем на постигнување родова еднаквост преку функционални механизми за поддршка на национално и на локално ниво, хармонизирани индикатори за мерење на прогресот на родовата еднаквост и обезбедена родово разделена статистика, примената на родово одговорно буџетирање при креирање на политиките и програмите, подигање на јавната свест за препознавање различни форми насилство врз жените и зајакнување на капацитетите на институциите при постапување за заштита на овие жртви, подобрување на степенот на родова еднаквост во приоритетни тематски области, односно во областа здравство, образование и вработување, негување/градење култура на еднакви можности и промоција на еднаков третман и недискриминација врз основа на пол

## IVАКТИВНОСТИ

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областите: а) политика, б) родово базирано насилство и в) економија;

**ЦЕЛ 1.1 Зголемено учество на жените во Советот и во комисиите на општинината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции;**

Мерки:

- Прибирање податоци и презентација на релевантни наоди и параметри во однос на учеството на жените во Советот и комисиите на Општината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции во Делчево.

ЦЕЛ 1.2: Зголемена доверба кај граѓаните во надлежните институции во однос на справување со родово базираното насилство;

Мерки:

- Подигнување на свеста за родово базирано насилство преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни;
- Обезбедување континуирано функционирање на сервис за бесплатна правна помош на жртвите на родово базирано насилство;
- Обезбедување просторија за 24h згрижување жртви од семејно насилство;
- Анализи и истражување на бројот на жртви од родово насилство.

ЦЕЛ 1.3: Економско јакнење и повисок степен на искористување на економските права и можности на жените од Општина Делчево;

Мерки:

- Афирмација на можностите за самовработување во областа на земјоделството, преку поттикнување на женското претприемништво и подобрување на информираноста и пристапот на жените до програмите на АФПЗРР и ИПАРД -фондовите;
- Поддршка во подобрувањето на претприемничките вештини на млади, жени и ранливи групи за започнување сопствен бизнис и самовработување преку обуки;
- Здружување на производители и собирачи на производи преку детекција на заинтересирани страни
- Поддршка и промоција на различни иницијативи за поттикнување на економското јакнење на жените

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики

ЦЕЛ: 2.1 Активација на локалните административни единици (месни и урбани заедници) заради создавање услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање локални јавни политики.

Мерки:

- Обезбедување услови за активно работење на месните заедници во руралните средини, во кои ќе бидат вклучени повеќе жени и кои ќе придонесат за развој на руралните средини;

- Формирање повеќе клубови или здруженија во кои ќе бидат опфатени жени од руралните средини, но и од урбаните средини;
- Обезбедување јавен превоз од Делчево до селата и обратно.

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Едукација и јакнење на капацитетите за родовата еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население**

**ЦЕЛ 3.1 Родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта заради личен пример и индиректна едукација на учениците и на општинската администрација**

- Подигнување на свеста и родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од регионот заради давање личен пример и индиректна едукација на учениците.
- Едукација на општинската администрација и јакнење на капацитетите за родови прашања и имплементирање на родовиот концепт во локалните планови и програми

- Изработка на Стратегија за родова еднаквост за период од 3 години, односно Стратегија за еднакви можности на жените и мажите за период 2027/2030

**ЦЕЛ 3.2 Зајакната свест на граѓаните за родовата еднаквост**

- Подигнување на свеста за родовата еднаквост преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни и изработен пропаганден материјал

- Поголема информираност и подигање на свеста за застапување и политики на претприемништво и економска независност, здравје на жените, ментална хигиена и сл на жени и девојки. Во соработка со НВО во текот на 2026 година се планира издавање на електронски квартален билтен со актуелни информации и содржини поврзани со теми за жени и девојки (застапување на политики,...) со колумни на одредени теми. Цел: Да се зајакне информираноста и свеста на жените и девојките за важни теми, како што се: застапување политики, претприемништво, здравје и ментална хигиена, преку редовни и достапни информации што ќе го поттикнат нивното активно учество и личен развој. Билтенот ќе црпи содржина од општествениот контекст во 2026 година, законските измени поврзани со правата на жените, локалните политики поврзани со жените од руралните заедници и организациските заклучоци и препораки врз основа на проектот.

**ЦЕЛ 3.3 Функционалност на Комисијата за еднакви можности од Делчево,**

- Зајакнување на капацитетите на КЕМ за родовите прашања и родовиот концепт на локалните планови и програми

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4: Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза**

ЦЕЛ 4.1 Подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија

Мерки:

- Едукативни работилници за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија со учениците, бизнис- секторот и индивидуални земјоделци

ЦЕЛ 4.2 Зголемување на енергетската ефикасност и употребата на зелена енергија

- Поставување фотоволтаици на јавните институции;
- Замена на уличните светилки со енергетско ефикасни;

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5 : Здравство

ЦЕЛ 5.1 Подигање на свеста кај жените и мажите за контролирање на здравјето

**Мерки:**

- Едуакција во основните и средните училишта за важноста на превенцијата;
- Едукативни предавања за значењето на редовните здравствени прегледи кај жените и мажите;
- Прегледи кај мажите по 40-тата година (прегледи за простатата, тестиси и сл.)

ЦЕЛ 5.2 Нега и грижа за стари и изнемоштени лица во домашни услови вклучувајќи стручни невработени лица од областа на здравството.

Мерки:

- Продолжување на грижата кај стари и изнемоштени лица во домашни услови.

ЦЕЛ 5.3 Обезбедување гинеколошки преглед и мамографски (бесплатно) преглед на заинтересирани жени.

Мерки:

- Обезбедување гинеколошки преглед и мамографски (бесплатен) преглед на заинтересирани жени;
- Едукативни работилници за значењето на редовните мамографски прегледи и гинеколошки прегледи;
- Обезбедување превоз за жените од оддалечените места (рурални средини).

АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2024 ГОДИНА

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областите а) политика, б) родово базирано насилство и в) економија
ЦЕЛ 1.1 Зголемено учество на жените во Советот и комисиите на Општинината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции

| Активност | Предвидени средства | Извор на средствата | Одговорни за имплементација | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| Годишна презентација на релевантни наоди и параметри во однос на учеството на жените во Советот и комисиите на општината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции во Делчево | 5.000 денари | Буџет на Општината | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности | Број/процент на жени/мажи во Советот, комисиите, управни и надзорни одбори,<br>Број на жени/мажи кои учествувале во подготовка на презентацијата,<br>Број на жени/мажи учесници на презентацијата.<br>Одржана една презентација |
| ВКУПНО | 5.000 денари | | | |

ЦЕЛ 1.2: Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство

| Активност | Предвидени средства | Извор на средствата | Одговорни за имплементација | Индикатори |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Организирање настани за подигнување на свеста за родово базирано насилство преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни | **10.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО<br>Младински центар | Број на организирани настани<br>Број на жени/мажи учесници на настаните<br>Број на објави на медиумите |
| Отворање сервис за бесплатна правна и психосоцијална помош на жртвите на родово базирано насилство | **60.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО лиценцирање за услугата бесплатна правна и психо-социјална помош | Број на лиценцирани сервиси<br>Број на жени/мажи корисници на услугата |
| Обезбедување просторија за 24-часовно згрижување жртви од семејно насилство | **100.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО | Број на згрижени жени/мажи, деца |
| **ВКУПНО** | **170.000 денари** | | | |

ЦЕЛ 1.3: Економско јакнење и повисок степен на искористување на економските права и можности на жените од Општина Делчево

| Активност | Предвидени средства | Извор на средствата | Одговорни за имплементација | Индикатори |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Афирмација на можностите за самовработување во областа на земјоделството, преку поттикнување на женското претприемништво и подобрување на информираноста и пристапот на жените до програмите на АФПЗРР и ИПАРД фондовите | **10.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО<br>ПЕ на МЗШВ | Број на одржани настани за афирмација,<br>Број на жени/мажи корисници на програмите на АФПЗРР и ИПАРД фондовите,<br>Број и посетеност на медиумските објави за настаните |
| Поддршка во подобрувањето на претприемничките вештини на млади, жени и ранливи групи за започнување сопствен бизнис и самобвработување преку обуки | **100.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО<br>АВРМ | Број на одржани обуки<br>Број на жени/мажи учесници на обуките<br>Број на искористеност на мерките од АВРМ; жени/мажи<br>Број на отворени мали бизниси; жени/мажи |
| **ВКУПНО** | **110.000 денари** | | | |

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики

ЦЕЛ: 2.1 Активација на локалните административни единици (месни и урбани заедници) заради создавање услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање локални јавни политики.

| Активност | Предвидени средства | Извор на средствата | Одговорни за имплементација | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| Активно работење на месните заедници во руралните средини во кои ќе бидат вклучени повеќе жени кои ќе придонесат за развој на руралните средини | 20.000 денари | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО<br>ПЕ на МЗШВ | Број на жени/мажи учесници на состаноците на УЗ/МЗ<br>Бр на жени членки на советите на МЗ/УЗ и бр на жени претседатели на МЗ/УЗ |
| Формирање повеќе клубови или здруженија во кои ќе бидат опфатени жени од руралните средини, но и од урбаните средини | 20.000 денари | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО<br>АВРМ | Број на клубови/ здруженија кои вклучиваат и/или работат со жени од руралните средини<br><br>Број на жени/мажи членови на клубовите/здруженијата |
| ВКУПНО | 40.000 денари | | | |

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Едукација и јакнење на капацитетите за родовата еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население

ЦЕЛ 3.1 Родова сензибилизација на наставниот кадар и стручните служби од општинските основни и средни училишта заради личен пример и индиректна едукација на учениците и на општинската администрација

| Активност | Предвидени средства | Извор на средствата | Одговорни за имплементација | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| Со едукација до родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од регионот заради давање личен пример и индиректна едукација на учениците | 20.000 денари | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО, Младински центар<br>ООУ и СОУ | Број на жени/мажи учесници на едукациите<br>Одржани најмалку две работилници |
| Родова сензибилизација на локалните програми и политики | ////// | ////// | КЕМ, Општина Делчево-координатор за ЕМ | Бр на родово сензибилизирани програми |
| Изработка на Стратегија за родова еднаквост за период од 3 години 2027/2030 | Донација | Општина Делчево, НВО | | Бр на одржани работилници, бр на учесници на работилниците (м/ж)<br>Изработен документ Стратегија за период од 3 години |
| ВКУПНО | 20.000 денари | | | |

Цел 3.2 Зајакната свест на граѓаните за родовата еднаквост

| Активност | Предвидени средства | Извор на средствата | Одговорни за имплементација | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| Подигнување на свеста за родовата еднаквост преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни | **20.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО | Број на жени/мажи учесници на едукациите<br>Бр на реализирани кампањи, број на трибини |
| Издавање на електронски квартален билтен со актуелни информации и содржини поврзани со теми за жени и девојки (застапување на политики, претприемништво и економска независност, здравје на жените, ментална хигиена...) со колумни на одредени теми. | **Донација** | Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>НВО | Број на издадени е-информатори |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | **20.000 ден** | | | |

Цел 3.3 Функционалност на Комисијата за еднакви можности од Делчево,

| Активност | Предвидени средства | Извор на средствата | Одговорни за имплементација | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| Обуки и надградба на капацитетите на КЕМ за родовите прашања и родовиот концепт на локалните планови и програми | **20.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО<br>ООУ и СОУ | Број на одржани обуки<br>Бр на учесници жени/мажи |
| Размена на искуства и вмрежување со КЕМ од други општини, други држави и соработка ГО | //////// | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО | Број на одржани средби<br>м/ж учесници на средбите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 20.000 ден | | | |

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4: Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза
ЦЕЛ 4.1 Подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија

| Активност | Предвидени средства | Извор на средствата | Одговорни за имплементација | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| Едукативниработилници за подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија со учениците, бизнис секторот и индивидуални земјоделци | 10.000 денари | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО | Број на одржани едукации/работилници<br>Број на жени/мажи учесници на едукациите<br>Одржана по една работилница со една целна група |
| Поставување фотоволтаици на јавните институции | / | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО<br>Локални институции | Одделение за урбанизам<br>КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО<br>Локални институции | Број на поставени фотоволтаици на јавните институции |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Замена на уличните светилки со енергетско ефикасни | / | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | Одделение за урбанизам<br>КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО | Број на поставени енергетско ефикасни светилки на најмалку 50% од мрежата за улично осветлување |
| ВКУПНО | 10.000 денари | | | |

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5: Здравство

ЦЕЛ 5.1 Подигање на свеста кај  жените и кај мажите за контролирање на здравјето

| Активност | Предвидени средства | Извор на средствата | Одговорни за имплементација | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| Едуакција во основните и средните училишта за важноста на превенцијата на женското и машкото здравје | 10.000 денари | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО | Број на организирани настани<br>Број на жени/мажи учесници на настаните<br>Број на објави на медиумите<br>Организирани најмалку две трибини;<br>Едуцирани 50 средношколци-девојчиња и момчиња. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Здравствено-социјална грижа на стари лица во рурални населби и примена на телемедицина (иновативното решение и на дел од опремата наменета за далечинско следење на витални параметри кај претежно стари и изнемоштени лица кои живеат во оддалечени и рурални средини) | /// | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>Матични лекари | Број на жени/мажи корисници на услугата<br><br>Број на матични лекари вклучени во испораката на услугата. |
| Едукативни предавање за подигање на свеста кај жените и мажите за редовни здравствени прегледи. | 10.000 | Буџет на Општина, донации | О.Делчево, НВО, КЕМ | Бр на одржани предавања, бр на учесници (м/ж)<br>Одржани најмалку две предавања;<br>Подигната свеста кај најмалку 30 жени и мажи. |
| ВКУПНО | 20.000 денари | | | |

ВКУПНО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ЕМ ЗА 2026 ПО МЕРКИ

| Активности/мерки | Извори на финансирање | Планиран буџет |
|---|---|---|
| Зголемено учество на жените во Советот и комисиите на Општината, во УО и извршните | Општина Делчево | 5.000 ден |

| | | |
|---|---|---|
| раководни позиции на локалните институции | | |
| Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство | Општина Делчево, НВО, Центар за социјална работа | 170.000 ден |
| Економско јакнење и повисок степен на искористување на економските права и можности на жените од Општина Делчево | Општина Делчево, НВО | 110.000 ден |
| Активација на локалните административни (месни и урбани) заради создавање услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање локални јавни политики | Општина Делчево, НВО, МЗШВ | 40.000 ден |
| Родова сензибилизација на наставниот кадар и стручните служби од основните и средните училишта заради личен пример и индиректна едукација на учениците и на општинската администрација | Општина Делчево, НВО, ООУ, СОУ | 20.000 ден |
| Зајакната свест на граѓаните за родова еднаковст | Општина Делчево, НВО | 20.000 ден |
| Функционалност на Комисијата за еднакви можности | Општина Делчево, НВО | 20.000 ден |

| | | |
|---|---|---|
| Подигнување на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија | Општина Делчево, НВО | 10.000 ден |
| Подигање на свеста кај жените и мажите за контролирање на здравјето | Општина Делчево, ЈЗО Здравствен дом Делчево, приватни здравствени организации, НВО | 20.000 ден |
| ВКУПНО | | 415.000 ден |

## VI Очекувани резултати

Со реализацијата на Програмата се очекува да се оствари основната цел на Програмата, а таа е:

-Општината заедно со Комисијата за родова еднаковст е да го промовира принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор кој овозможува остварување на нивните права произлезени од законите на Р.С. Македонија

- Зголемено учество на жените во Советот и во комисиите на општинината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции;

- Зголемена доверба кај граѓаните во надлежните институции во однос на справување со родово базираното насилство;

- Економско јакнење и повисок степен на искористување на економските права и можности на жените од Општина Делчево;

- Активација на локалните административни единици (месни и урбани заедници) заради создавање услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање локални јавни политики.

- Родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта заради личен пример и индиректна едукација на учениците и на општинската администрација

- Подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија

- Подигање на свеста кај жените и мажите за контролирање на здравјето и нега и грижа за стари и изнемоштени лица во домашни услови вклучувајќи стручни невработени лица од областа на здравството.

## VIIРИЗИЦИ

Ризик е кој било настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнување на стратешките цели на Програмата. Пропуштените можности се, исто така, еден вид ризик. Постојат многу различни дефиниции за ризикот, но она што е заедничко за сите нив е: „неизвесноста и можните загуби во услови на неизвесност.“

Настани кои доведуваат до појава на ризици во реализација на Програмата се:

А) внатрешни влијанија

-недонесување на Програмата

- намалување на буџетот за предвидените активности

-неажурна КЕМ

-отпор од општинските административни службеници за имплементација на родовите перспективи во локалните програми.

Б) надворешни влијанија:

- несоработка со НВО-секторот

-непостоење обуки за административни службеници за надградба на капацитетите за родови

прашања
-несоработка со институциите за собирање статистички родови податоци
-здравствена и друг вид кризашто ќе влијаат на реализација на наставните планови и програми.

## VIIIФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ И РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2026 г.

Вкупната вредноста на Програмата изнесува **415.000 денари**. Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од донации, проекти и средства од Буџетот на Општина Делчево.

За активностите од областите што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнителново текот на 2026 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Делчево.

## IX СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Секоја стратегија, програма, план или политика изискува и примена на соодветни алатки/ методи на следење на реализацијата на документот. Имајќи ги предвид потребите дека мониторингот е континуиран процес на собирање и анализирање информации за да се утврди колку добро се имплементира одреден проект, програма или политика споредено со очекуваните резултати, мониторингот на Програмата за еднакви можности за 2026 г. на Општина Делчево ќе се врши секој месец во текот на годината од страна на раководителот на Одделението за општи и правни работи и советникот-координатор на еднакви можности.

Со мониторингот се мери ефикасноста, искористени ресурси, активности, резултати, а извори на информација се внатрешните документи, јавно објавени докуемнти на веб-страницата.

Мониторингот има за цел да обезбеди редовни повратни информации и показатели за напредок или неможноста да се постигнат посакуваните резултати. Тој, генерално, подразбира собирање и анализирање на податоците во однос на процесот на имплементација, резултатите и корективните мерки кои се препорачуваат.

Евалуацијата која е систематска и целна проценка за тековни или завршени проекти, програми или стратегија, нивната имплементација и резултати и ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста, ќе се врши еднаш годишно, на крајот на имплементацијата на Програмата. На крајот на имплементацијата на Програмата ќе се подготви и Извештај за реализација на Програмата кој ќе биде презентиран и даден на усвојување на Советот на Општина Делчево и согласно Законот за еднакви можности, Извештај се доставува и до МТСП.

10. 1 План за мониторинг и евалуација на Програмата

| Индикатор | Извор на податоци | Метод на собирање податоци | Алатка | Фреквенција на обирање Податоци | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| -Воведен систем за собирање родово разделени податоци.<br>-бр на жени во Советот и комисиите на општината,во управните одбории извршните раководнипозиции на локалните институц.<br>Број на организирани настани, Број на опфатени лица со кампањата.<br>И сл.ж<br>Бр.на донесени програми со родови перспективи, | Собрани родово разделени податоци.<br>-годишна презентација на податоци<br><br>-записи од одржани кампањи, трибини за родово базирано насилство,<br>-донесени локални програми на Советот-записници, одлуки<br>-записници, објави на медиуми. | Квалитативна, квантитатива и компаративна проценка на податоци. | Анализа на силни страни, слаби страни, можности и закани;<br>Мапирање резултати;<br>Дневна мониторинг алатка;<br>Упатство за набљудување. | Мониторинг-месечно<br>Евалуација-на крајот од<br>годината | Советник за образование, образовни институции во Делчево. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр на одржани едукативни работилници на тема: зелена агенда, бр на присутни (м/ж).<br><br>Бр на опфатени стари и изнемоштени лица за здравствено-социјална грижа во рурални населби и примена на телемедицина, бр на матични лекари кои се активни чинители во проектот и сл. | | | | | |

XIЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предлагач на Програмата е Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Делчево.

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за општи и правни работи при Општина Делчево, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09-296/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.01.2026 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**13.** Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр. 84/2020 и 202/2024), член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл.весник на РСМ„ бр.143/2019 , 14/2020, 215/2021 , 99/2022, 208/24 и 210/24), Советот на Општина Делчево на четврта редовна седница, одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
### За согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2026 година

Член 1

Советот на Општина Делчево, дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2026 година, архивски број.19-134/1 од 16.01.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Број 09- 297/1
30. 01.2026 година СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Делчево Претседател
Николчо Стојменовски, с.р.

# Програма за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2026 г

**јануари 2026**

Врз основа на  член 8 став 2 и  36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02 и„Сл. весник на РСМ“бр.84/20 и 202/24) и член  76 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на  4-та Седница, одржана на 30.01. 2026 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за комуникација со јавноста и промоција на**
**Општина Делчево за 2026 година**

## I ВОВЕД

2. **Појдовна основа на Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево**

Комуникациите со јавноста се еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно со највисоките европски и светски стандарди и претставува континуиран процес што овозможува двонасочен проток на информации меѓу Општината и целните групи на граѓани.

Со цел да ги зајакне капацитетите за достигнување на стандардите во областа на комуникацијата со јавноста, отчетноста и транспарентноста во работењето, Советот на Општина Делчево усвојува Програма за активностите на Општина Делчево во областа на комуникацијата со јавноста и промоција на Општина Делчево градена врз основа на Стратегијата за надворешна комуникација за периодот 2020-2024,  усвоена на 34 Седница на Советот на Општина Делчево, јануари 2020 г (бр 09-51/1).

Програмата овозможува идентификација на приоритетите во рамките на сложениот процес на комуникација со јавноста, како и

јасно лоцирање на расположливите капацитети на овој план.

Освен интензивната комуникација со претставниците на средствата за јавно информирање, Програмата овозможува реализација на значајни активности за презентација и промоција на резултатите на Општината, како и подготовка на неопходен промотивен материјал за жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општина Делчево.

Успешните практики на планот на комуникацијата со јавноста, како и лоцирањето на критичните точки, каде е неопходна интервенција, налагаат усовршување на Програмата во контекст на јасно детерминирање на планот на активности. Токму поради комплексната природа на активностите во областа на односите со јавноста, оваа Програма претставува флексибилен документ кој континуирано ќе се развива врз основа на понатамошните искуства.

## 1.2 Оправданост / Законска основа

Програмата за комуникација претставува рамка во која се предвидуваат активности насочени кон одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на жените и мажите, девојчињата и момчињата во Општина Делчево.

Основната функција на Програмата за промоција и комуникација со јавноста е да ги определи начините на пренесување и видот на информациите за работата на Единицата на локалната самоуправа внатре и надвор од неа.

Програмата ги дефинира активностите и алатките со кои тие ќе се спроведат. Таа опфаќа и мерки за постојано ажурирање и подобрување. За спроведување на Програмата ќе се користат расположливите човечки и финансиски ресурси. Во насока на унапредување на комуникацијата, за одредени активности ќе се користат и дополнителни ресурси.

Програмата ќе ја спроведува општинската администрација во координација со лицето одговорно за односи со јавноста, под раководство на градоначалникот на Општината. По потреба, Програмата ќе се ажурира, во насока на подобрување на нејзиното остварување.

Обврската на Општина Делчево за информирање на јавноста произлегува од членот 8 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник“ на РМ бр 5/2002), како и одредби во Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Законот за еднакви можности на жените и мажите („Сл. весник“ бр. 201/15), Стратегија за транспарентност на Владата 2023/2026 и др., како и Глава VIII Информирање на граѓаните и слободен пристап до информации од јавен карактер (член 109 до 118 ) од

Статутот на Општина Делчево (број 07-2791/1 од 2013).

## II ПРИНЦИПИ НА КОМУНИЦИРАЊЕ СО ЈАВНОСТА

### 1. Комуникација со јавноста заснована на активна транспарентност

- **Активната транспарентност-** подразбира објавување информации за пошироката јавност на сопствена иницијатива на Општината, без притоа за тие информации некој да има доставено до нив официјално барање за слободен пристап.

Проактивното објавување информации опфаќа објавување на:

- Информации за регулативата и за одлуките на властите со што се остварува правото на жените, мажите, девојчињата и момчињата да бидат информирани за своите права и обврски во општеството;
- Информации коишто им се потребни на жените, мажите, девојчињата и момчињата за да бараат одговорност од властите;
- Информации коишто им се неопходни на жените, мажите, момчињата и девојчињата, за да можат да учествуваат во процесот на донесувањето одлуки на локално ниво и
- Информации коишто им се потребни на жените, мажите, девојчињата и момчињата за да можат да пристапуваат кон и да ги користат услугите што ги нудат јавните институции.

Проактивно објавените информации треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни и согласно можностите да бидат разделени по пол и возрасни групи, како и редовно да се ажурираат.

Со објавување информации на проактивна основа, Општина Делчево ќе остварува корист по неколку основи:

- активната транспарентност ќе помага за поодговорно трошење на јавните пари;
- ќе се промовираат принципите на добро владеење и интегритет;
- институцијата ќе биде поефикасна, бидејќи подобро ќе управува со информациите со коишто располага.
- се дава придонес во борбата со лажните вести- вистинска и точна информација наспроти лажните и непроверени информации;
- придонесува кон родово-одговорно буџетирање
- заштита од дискриминација;
- отворено се поддржува борбата против корупцијата.

- Активната транспаретност подразбира едноставен и брз **пристап до информации** од Општина Делчево:

-на веб-страницата се објавуваат информации за градоначалникот, секретаторот на Општината и советниците во Советот заедно со нивните биографии;

- на веб-страницата да има посебен оддел за пристап до информации, кој ќе се наоѓа на основното мени, на почетната страница;
- на веб-страницата да има објавена листа на информации со кои располага институцијата;
- да се објавуваат прописи кои се однесуваат на надлежноста на Општината како имател на информации;
- да се објавуваат предлог-програми, програми, стратегии, ставови, мислења, студии и др.слични документи од надлежноста на Општината;
- Општината објавува информации за своите надлежности;
- да е објавен Статутот наОпштината.
- објавување на сите тековни стратегии на Општината
- Каде што е можно, групните податоци ќе се објавуваат разделени по пол согласно со членот 18 од Законот за еднакви можности, каде е нотирано дека и единиците на локалната самоуправа се должни да прибираат, евидентираат и обработуваат статистички податоци и се должни овие податоци да ги прикажуваат според полова припадност.

- Активната транспаретност подразбира **пристап до информации за надлежноста и за услугите на Општината**. Тоа значи објавување на:

- службени гласници на Општината;
- дневните редови за седниците на Советот на Општината;
- одлуките на Советот на Општината;
- услугите што ги дава Општината;
- организациската структура (шема, органограм) на Општината;
- имињата на вработените/раковод- ителите (со контакти);
- решенија во управна постапка;
- информативен билтен или друг облик на информирање.

- **Буџетска и финансиска транспарентност се постигнува со објавување на:**

- Буџетот на Општината;
- буџетски календар;

- завршна сметка на Буџетот;
- квартални извештаи за извршување на Буџетот во претходната година;
- граѓански буџет;
- огласи за јавни набавки;
- тендерски документации за огласите;
- годишен план за јавни набавки за претстојната година;
- известувања за склучени договори од јавни набавки.

- Активната транспаретност, значи лесен и едноставен пристап до **информации за специфичните надлежности на општините** што значи објавување информации за:

- работата на органите на Општината, комисиите на Советот и јавните служби и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината;
- ГУП и ДУП-ови;
- урбанистичкото планирање (одобренија за градба);
- заштита на животнатасредина;
- локалниот економски развој;
- комуналните дејности;
- културата;
- спортот и рекреацијата;
- социјална заштита и заштита на деца;
- образованието;
- здравствената заштита;
- мерките за заштита и спасување на граѓаните;
- противпожарната заштита;
- надзорот на вршењето на работите од надлежност на Општината;
- стапката на данокот на имот што ја пропишува Општината;
- надоместокот за уредување градежно земјиште;
- еднакви можности на жените и мажите.

- Комуникацијата со јавноста што ќе ја спроведува Општина Делчево е составен дел од сите активности на Општината;
- Процесот на комуникација е јасен, разбирлив и родово сензитивен;
- Комуникацијата е навремена;
- Комуникацијата е отворена, чесна и искрена;
- Информациите се вистинити и достапни до сите;
- Комуникацијата е двонасочна меѓу Општината и сите целни групи.

2. **Комуникација со јавноста заснована на одговорност** -тесно поврзана со транспарентноста, а значи институционална меѓусебна поврзаност на повеќе чинители надлежни во соодветни области, како основа врз која *одговараат* (и консеквентно се санкционираат) за преземено или, пак, за непреземено дејство, односно за неуспешно извршување на зададените цели. Одговорноста на органите на локалната самоуправа може да биде хоризонтална или вертикална. Хоризонталната одговорност се однесува на институционалните врски меѓу органите, со што се обезбедува контрола, додека, пак, вертикалната одговорност се однесува на врските со граѓаните, односно на одговорноста на органите на локалната самоуправа кон граѓаните.

3. **Комуникација со јавноста заснована на отчетност** -што значи дека институциите преземаат одговорност, ги објаснуваат своите одлуки и постапки, се грижат и даваат јасни одговори за барањата од граѓаните и од засегнатите страни. Обезбедени се механизми за поднесување поплаки, за пријавување неправилности и за обжалување одлуки, но претпоставува и преземање соодвени и конкретни дејствија врз основа на барањата на засегнатите страни. Одговорна општина проактивно бара сугестии и повратни информации од граѓаните, укажувајќи им кога нивните придонеси се вклучени во конечните одлуки и објаснувајќи зошто другите предлози се отфрлаат.

4. **Комуникација со јавноста заснована на инклузивност и партиципативност** - значи дека граѓаните (жените, мажите, девојчињата и момчињата) и засегнатите страни имаат можност да влијаат врз активностите и врз одлуките од општината, така што со свое гледиште - безбедно, еднакво и без дискриминација ќе придонесат во сите фази од циклусот на креирање и носење јавни политики и обезбедување јавни услуги. Во таа смисла, инклузивноста и партиципативноста во Програмата подразбираат креирање услови што ќе овозможат широк опфат информирани граѓани, чии гледишта консултативно ќе се земаат предвид при носење политики и одлуки (сфатени во најшироката смисла на зборот). Инклузивноста и партиципативноста ја подобруваат ефективноста на управувањето и

квалитетот на донесените одлуки. Јавните институции можат да имаат само корист од пристапот до знаењето што постои во општеството и е распространето меѓу граѓаните, академијата, медиумите, невладиниот и бизнис- секторот. Оттаму, граѓаните и заинтересираните субјекти треба да имаат пошироки можности за учество во креирањето политики, но треба и да се поттикнуваат на свој активен придонес. Проактивното, унифицирано и лесно достапно објавување податоци, позитивно влијае врз партиципативноста. Ако граѓаните имаат навремени и релевантни информации за процесите што се одвиваат во Општината и во другите јавни органи, тогаш е поверојатно дека ќе им се зголеми партиципативноста во креирањето јавни политики и во носењето релевантни одлуки.

5. **Интегритет** - значи дека сите нивоа на локалната власт, доследно се придржуваат и ги практикуваат законите, правилата, нормите и етичките стандарди од својот делокруг. Активностите се насочени од споделени етички вредности, принципи и норми, така што приоритет им е - јавниот интерес, пред приватните интереси.

## III ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

**Општа цел:**

Редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница, односно жените и мажите, девојчињата и момчињата во Општина Делчево.

**Специфични цели:**

1. Отвореност и транспарентност во служба на граѓаните- зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на Општината;
2. Двонасочна комуникација -поголема вклученост на жените и мажите, девојчињата и момчињата во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки во насока на градење имиџ на отворена општина;
3. Развој на капацитетите-
   • Јакнење на капацитетите за ОЈ на релевантните лица од јавната администрација
   • подобрување на внатрешната комуникација

4. Комуницирањето во улога на промоција на Општина Делчево и нејзино активно вклучување во реализација на кампањи со цел подигање на јавната свест кај жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општината за поедини прашања во општеството;
   - Привлекување поголем број туристи и потенцијални инвеститори
   - Создавање нов и атрактивен промотивен материјал
   - Изработка на нови стратешки документи

## IV АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Комуникацијата со јавноста е континуиран процес што овозможува двонасочен проток на информации меѓу Општината и целните групи граѓани и е еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно со највисоките европски и светски стандарди.

### 4.1 Реализирани активности со родово разделени податоци

- Со цел да се добие слика и да се направи анализа и проценка на приоритетите на различните целни групи за 2026 г, спроведени се два анкетни прашалници во текот на 2025 година, беше организиран буџетски форум на заедницата за креирање на Буџетот за 2026 г.,но и преку, средби со граѓаните, со месните и урбаните заедници, јавни расправи, но и преку електронска комуникација и други алатки.

Во текот на 2025 г. преку општинската веб-страница се спроведени анкети на кои учествувале 58 **граѓани** од нив 63,5 % се жени: На анкетниот прашалник со кој се собираа предлози од Буџетот за 2026 одговориле 44 испитаници. Од нив 52,3% се мажи, а 47,7% се жени и за прв пат, има поголем интерес кај мажите за пополнување на анкетниот прашалник.

На анкетниот прашалник за мобилност, има само 10 одговори од нив 80% жени.

- До Општина Делчево во текот на 2025 г, се доставени **51 барање за информации од јавен карактер** на кои е одговорено во законски предвидениот рок. Од нив, 18 се правни лица, 9 жени и 24 баратели се мажи.
- **На двете форумски сесии во рамките на Форумот на заедницата организиран за креирање на Буџетот за 2026 година, учествуваа 35 граѓани од нив 20 жени, а 15 мажи со што повторно се потврдува фактот за поголем интерес на жените од**

**мажите во процесот на донесување одлуки на локално ниво и поголем интерес за вклучување во активностите на општината. За прв пат на форумите присуствуваа 10 жени од с. Разловци, с. Трaботивиште и од маргинализираните заедници-Ромки, организирани од Организацијата ЖЕНА.**

- Општина Делчево редовно собира родово разделени статистички податоци од институциите во Делчево и ги користи при анализи за одредени состојби и го унапреди процесот на собирање податоци кои сега се собираат во ексел табела, каде се ажурираат редовно статистичките податоци од сите институции при што се следи движењето на податоците. Овие податоци се и јавно објавени на веб-страницата https://www.delcevo.gov.mk/rodovo-razdvoeni-podatoci.
- Општина Делечево изготви и извештај за успешни и креирани имплементирани родово одговорни практики, каде се направи анализа за добри практики во Програмата за работа на ОСБСП и мерката за редовно собирање и анализирање на разделените податоци по пол поврзани со безбедноста во сообраќајот во Општина Делчево. Целта на оваа мерка е подигнување на јавната свест за поголема безбедност во сообраќајот и поттикнување на одговорно учество во сообраќајот од страна насите учесници/чки во сообраќајот (жени, мажи).

- Во текот на 2025 година во соработка со НВО ЖЕНА се одржаа средби со жени од рурални средини, во рамките на проектот „Жените го преземаат водството во локалните заедници“ финансиран од Делегацијата на Европската Унија, а кофинансиран од Шведска и спроведуван во партнерство со Фондација Kvinna till Kvinna и Хуманитарно Здружение „Мајка“ - Куманово. Целта на проектот е да се активираат локалните жени за да се обезбеди конструктивен придонес со мерки за политики за инклузивно и родово одговорно програмирање и буџетирање на ЕЛС. Проектот се имплементира и во соработка со одговорните лица за еднакви можности во Општина Делчево и се очекува најмалку 1 предлог за приоритетна политика, обезбеден од жените во заедницата да биде опфатен (програмиран, буџетиран или спроведен) од страна на општината/локална институција. Досега се одржаа средби со жени во с.Трaботивиште и с.Разловци на кои присуствуваа 70 жени. Исто така, изготвени се и анализи на потребата на жените од с.Разловци и с. Трaботивиште, при што се доби генерална слика на состојбата, но се исцрта и главниот предизвик кој се провлекува низ, речиси, сите сектори, а тоа е хроничниот недостаток на проактивна, таргетирана и лесно разбирлива комуникација од страна на општината кон жените. Жените не можат да ги користат услугите и можностите за кои не знаат, или за кои имаат само површни, „делумни“ информации.

- Согласно евиденцијата на Секторот за финансии и буџет на Општина Делчево, во Општина Делчево има **6.100 даночни обврзници**/сопственици на имот, од нив 1.594 се жени сопственици на имот, или 26,13%.
- **Од економските оператори** кои аплицираат на општинските тендери од вкупниот број 53 спроведени постапки, 18 учесници се жени, од 24 склучени анекси на договори 11 се жени.
- **На крајот на 2025 започна процесот на активирање на месните и урбаните заедници во Општина Делчево. Се формираа совети од 12 месни и урбани заедници од вкупно 29 .** За прв пат е избрана жена за претседател на МЗ и тоа во МЗ во село Вратиславца. Општината преку повик ги информираше жителите за значењето да се анимираат жените во Општина Делчево за да се вклучат во работата на месните и урбаните заедници, како основна клетка за детекција на проблемите и решавање на приоритетите во општината.

- **Одржани едукативни работилници за подобрување на безбедноста на сообраќајот СЕ ДВИЖИМЕ БЕЗБЕДНО**.

**И) Активна транспарентност:**

- Во 2025 г. се објавени 184 новости на општинската веб-страница и на социјалните мрежи; (најчитаната вест на веб-страницата има 4.905 прегледи (информација со наслов „Објавен тендерот за големиот инфраструктурен проект во Делчево“.
- 1. 767.949 граѓани ги прегледале објавите на ФБ-профилот на градоначалник во текот на 2025. Од нив 46 % се жени, а 54 % се мажи. Најредовни читатели на објавите се од Делчево со 59,5%, од Скопје 17%, од М. Каменица 42%. Најголем број од читателите се од Македонија со 82%, од Германија 5,4%, Италија 4,6%.
- Општинскиот профил на ФБ има 527.784 прегледи. Од нив 51% се жени, а 49% се мажи. Најголем процент прегледи се од Делчево со 69,3%, потоа од Скопје 12%. Најголем број од читателите се од Макеоднија со 78,3%, потоа од Германија 6,5%, Италија 5,6%.

### 4. 2 Анализа на извештаи од национални и меѓународни организации

Транспарентноста и отчетноста на Општина Делчево преку веб-страницата за 2025 г. беше цел на анализи и истражувања од повеќе релевантни институции. Овде ќе ги споменеме:

**А) Индекс на отвореност на општините во 2025 г.**

Според Индексот на отвореност на општините во Република Северна Македонија за 2025 г., Делчево има 63% оствареност на обврските, индексен поен кој е за 3% понизок од минатата година, но сепак, Општина Делчево е на високата 5-та позиција заедно со Карпош и Битола.

Во 2025 година, наодите од Индексот на отвореност покажаа дека најотворените ЕЛС се Крива Паланка (71%), Берово (69%), Демир Хисар (68%), Кочани (66%), Битола, Делчево и Карпош (63%), Валандово (62%), Богданци, Велес и Кичево (58%), Гази Баба и Гевгелија (57%), Прилеп (56%), и Василево (55%), наспроти најзатворените ЕЛС помеѓу кои Демир Капија (8%), Сопиште (10%), Лозово и Студеничани (13%), Кривогаштани и Чучер Сандево (16%), Врапчиште и Росоман (17%) и Шуто Оризари (19%). Во однос на 2024 година има поместувања во рангирањето, односно наместо Битола, најотворена општина е Крива

Проценката е резултат на сеопфатно емпириско истражување засновано врз Индексот на отвореност чија цел е да се утврди степенот до кој се почитуваат принципите на доброто владеење во локалните самоуправи. Трудот дава длабинска анализа на работата на локалните самоуправи во Република Северна Македонија, но и препораки за подобрување. Истражувањето го реализираше Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис“ во партнерство со Рурална коалиција, а со поддршка од Владата на Швајцарија преку Програмата „Цивика мобилитас“.

**Б) Индекс на активна транспарентност за 2025** г.

Општина Делчево е меѓу институциите со најголема активна транспарентност за 2025 година. Ова го покажува Индексот на активна транспарентност од Центарот за граѓански комуникации во редовното годишно рангирање на институциите, односно според проактивното објавување информации од јавен карактер во кое се вклучени 98 институции, односно Владата и сите министерства и општини.

Активната транспарентност на Општина Делчево во 2025 година изнесува 88,7 % (од можни 100 %) со што Општината се наоѓа во групата институции со ’многу добра‘ активна транспарентност (исполнување на обврските од 80 % до 100 %). Од сите институции во државата е рангирана на 32 место, а во ИПР е на 4 место. Сепак, овие податоци говорат и за пад во активната транспарентност во споредба со минатата година. Делчево лани беше второ, годинава падна неколку места на позицијата 5, со освоени 88,7 %, или бележи пад од 5,5 иднексни поени што значи дека Општина Делчево мора да ги отстрани дефинираните слабости во активната транспарентност.

**В) Индекс на буџетска транспарентност за 2025 г**

Општина Делчево за буџетската 2024/25 година е оценета со максимални индексни поени 16 што значи дека Делчево го задржува максималното ниво за буџетска транспарентност дефинирано за периодот 2023/2024 г. Овие податоци се дел од анализата на ЦЕА која неколку години по ред го мери Индексот на достапност на буџетските документи кај ЕЛС.

Бројот на најтранспарентни општини со максимален број на индексни поени е поголем од минатиот период, и ги вклучува следните единици на локална самоуправа: Аеродром, Центар, Радовиш, Берово, Делчево, Кочани, Кичево и Центар Жупа.

Даночната транспарентност на Општина Делчево е оценета со средно ниво или 58%, што е исто ниво и со минатогодишното мерење.

**4.3 Трендови**

Принципите за доброто владеење, кога се работи со граѓаните се: отвореност, транспарентност и отчетност, правичност и еднаквост, вклучувајќи механизми за консултации и за учество, ефективни и ефикасни услуги, јасни, транспарентни и применливи закони и правила, конзистентност и кохерентност во креирањето политики, почитување на владеењето на правото и високи стандарди на етичност. Врз основа на овие принципи се гради отворена локална власт што е пристапна, транспарентна и респонзивна.
За Обединетите нации, извршната власт (локалната) е отворена ако е ефективна и ефикасна во извршувањето на своите должности, нејзината работа е транспарентна и одговорна, а секој може да пристапи до нејзините услуги. Тоа е власт што одговара на потребите на своите граѓани, им ги вреднува учеството, искуство и знаењето при донесувањето одлуки и се потпира на модерни и на нови технологии за да го подобри управувањето. Подобрувањето на учеството, транспарентноста и на отчетноста се примарните цели на отворената извршна власт.

Трендовите во државава се во насока на подобрување на транспареноста и отчетноста на институции и имплементирање на европските стандарди на ова поле. Следејќи ги трендовите, но и насоките од надлежните институции, со цел унапредување на транспарентноста на веб-страницата во текот на 2023 година се имплементираше Кодексот за транспарентност на локално ниво од Министерството за локална самоуправа, со што актуелната веб-страница беше прилагодена согласно со одредбите што ги содржи Кодексот, а се во насока на унифицирање на веб-страниците на сите општини.

## V АКТИВНОСТИ

**5.1 Специфичната цел 1: Отвореност и транспарентност во служба на граѓаните- Зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на Општината, ќе се преземат следниве активности:**

**1. Редовно и навремено информирање на жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општина Делчево за работењето на Општината** (за тековни проекти, планови за нови проекти и политики, законски обврски на граѓаните, манифестации, законски измени, резултати од сработеното, за работата на Советот и др.) - подразбира систематизиран проток на информации до сите граѓани како корисници на услуги од локалната самоуправа, како и на медиумите како моќни алатки за пренесување на информациите. Ваквото информирање се одвива непрекинато, во текот на целата година. Исто така, ќе се практикува целосна примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**2**. **Зголемување на информираноста на мажите и жените, момчињата и девојчињата од руралните и урбаните средини преку подобрување на директната комуникација.**

- развој на постоечки и креирање нови алатки за комуникација за различни целни групи (жените и мажите, девојчињата и момчињата, возрасни групи, етнички заедници, маргинализирани групи);
- отворени денови на општината;
- испитувања на јавното мислење преку теренски и онлајн- анкети;

**3.Унапредување на формите и начините на комуникација со медиумите заради подигање на нивото на информираност**

- список со теми
- изработка на календар за брифинзи, пресови
- редовен прес- клипинг
- воспоставување контакти со нови новинари/ки и медиуми

**5.2 Специфична цел 2: Двонасочна комуникација**

1.**Вклучување на граѓаните во процеси на донесување одлуки на локално ниво**

- најава и повик за учество на жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општината на отворени и транспарентни седници на Совет;
- пренос на седниците во живо преку социјални медиуми;
- организирање родово буџетски форуми на заедниците за утврдување граѓански приоритети:
  - **Поттикнување на жените и мажите, жители на Општината за учество во креирањето на Буџетот** - значи навремено информирање, заради вклучување на јавноста во процесите на одлучување. Информациите се подеднакво значајни за сите граѓани, невладините организации, месните и урбаните заедници, бизнис-секторот, а се пласираат во фази, според календарот за буџетирање на општините.
  - **Поттикнување на поголема вклученост на жените и мажите во донесување стратешки документи** – ваквата активност дава простор за демократизација, чувство на граѓаните дека се активен сегмент во општествените процеси со право и можност да влијаат при создавањето на суштинските документи, програми, планови, одлуки и др. во кои ќе се адресираат соодветно потребите на жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општината.
- **Подигање на свеста и информирање на жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општината за даночните обврски кон Општината** – ваквата активност значи редовно информирање за начинот на остварување на сопствените приходи на Општината и мотивирање на даночните обврзници и бизнис-секторот за плаќање на обврските. Пренесувањето на овие информации ќе се врши со помош на електронските алатки и наменски информативни летоци. Во соработка со донатори, Општина Делчево планира инсталирање посебен софтвер за е-даноци со што значително ќе се зајакне даночната транспарентност.
  - Развивање механизми и алатки за двонасочна комуникација (можност за достава на граѓански иницијативи и предлози (електронски/лично);
  - Одржување информативни средби со посебни целни групи – опфаќа директни средби со одредени целни групи: бизнис-секторот, жени, лица со посебни потреби, пензионери, невработени, невладини организации и други, за што најчесто се користат настани или посебни поводи. Временската реализација се одредува по потреба, а за дел од нив е постојана – секојдневна.

**3 Специфична цел 3: Развој на капацитетите**:

1. **Редовно информирање на внатрешната јавност за случувањата во Општината.**
2. **Јакнење на капацитетите за ОЈ на релевантните лица од јавната администрација:**
    - следење иновативни решенија и трендови во областа ОЈ
    - партнерства со агенции, институции и граѓански организации
    - Изработка на Стратегија за надворешна комуникација 2027/2030

**5.4 Специфичната цел бр. 4 –Комуникација во улога на промоција**

**Оваа специфична цел** се однесува на комуникација во улога на **промоција** на Општина Делчево, односно промоција во севкупна смисла на надлежностите на ЕЛС. Целта на оваа Програма е да обезбеди плански пристап во организирањето и спроведувањето кампањи за промоција на Општина Делчево во текот на 2026 година. Секоја кампања, поради природата на проблемот или темата што ја третира, бара поинаков приод, но сите без исклучок бараат креативност со која ќе се поттикне интересот на жените и мажите, момчињата и девојчињата да дознаат нешто повеќе за Општината и услугите со кои Општината може да им помогне. Вклучувањето на промоцијата во буџетското планирање, овозможува достигнување конкретни и мерливи резултати преку активности за подготовка и издавање брошури чија цел е презентација на резултатите и стратешките заложби за развој на локалната заедница. Промоцијата, исто така, овозможува интензивна соработка и размена на идеи со жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општината, бизнис-заедницата и граѓанскиот сектор што е уште една придобивка за Општина Делчево.

1. Организирање настани, кампањи, манифестации за промоција на добра и вредности

- Подготовка и реализација на Кампања **„Се бориме за почист дом: Делчево со нула толеранција за отпад**"- Кампањата ќе се реализира во текот на целата година. Целта на оваа кампања е да се исчисти Делчево од ѓубре, граѓаните да стекнат навики да бидат поодговорни во грижата за животната средина, да се промовира индивидуалниот придонес за разубавување на градот, а Општината да го вреднува нивниот труд. Во рамките на кампањата се предвидуваат и:

  -активности за **јакнење на волонтеризмот**- како форма со која се поттикнува волонтеризмот кај младите за реализација на активности (за разубавување на градот, санирање на оштетена урбана опрема, бојадисување огради, клупи и сл.) со цел секој да

даде свој придонес во зачувување на јавното добро и да се промовира општествена одговорност.

2. Промотивни активности поврзани со работата на Општината од областа на ур**банизмот, комуналната хигиена, даноците и таксите, заштитата на животната средина, културата, природното, историското и културното наследство, образованието, работата на Советот на Општината** и сл. Активностите планирани во овој дел ќе се реализираат во текот на целата календарска година.
   - Подготовка и дистрибуција на печатен промотивен материјал за Општина Делчево /електронска верзија -извештај за работата на Општината-**транспарентност и отчетност**

   -Активности по **повод 5 Март, Ден на енергетската ефикасност** (Промоција на новата Стратегија за енергетска ефикасност, изработка видеоматеријал, пласирање информации за значењето на енергетската ефикасност, практикување енергетска ефикасност во јавните институции во Делчево).

   -Одбележување на **Светскиот ден на водите 22 Март** - Како Општина во која се спроведува големиот проект „Водоснабдување на Делчево" (проект поддржан од Швајцарската Конфедерација и Министерството за животна средина на РСМ) ќе се спроведе кампања која ќе има за цел да се истакне значењето на водата и нашата обврска за рационално користење. Се планираат неколку активности, како квиз, спортски натпревари, предавања, изработка на рекламен материјал и сл, а ќе бидат вклучени ученици од основните училишта, професори и сл.
   -Промотивни активности и екоакции: чистење диви депонии, активности поврзани со заштитата на амбиенталниот воздух и укажување на штетноста од користење разни средства и материјали како огревни средства; промотивни активности поврзани со селектирање на отпадот, организирање екоакции за собирање електронски и електричен отпад од домаќинствата и институциите и др.
   -Промотивни активности за **поголема безбедност во сообраќајот**-преку предвидени кампањи на ОСБСП Делчево. Превентивните кампањи и активности се предвидени во Годишната програма на ОСБСП Делчево, а ќе се спроведуваат во текот на целата календарска година. Планирани се соопштенија, прес-конференции, изработка на флаери и др. промотивен материјал. Целта е да се подигне јавната свест во делот на безбедното и одговорно учество во сообраќајот.
   -Организирање кампања **„Денови на хуманост**" по повод 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби. Кампањата е со цел да се подигне свеста кај граѓаните за потребите од инклузивност на лицата во општеството, но и да се

промовира филантропијата како алатка за општествената одговорност на претпријатијата. Во рамките на кампањата ќе се реализира повеќе активности со кои ќе се овозможи инклузивност на лицата со попреченост: ликовна колонија, продажна изложба, детски претставки, спортски натпревари и сл. Кампањата ќе се реализира во соработка со локалните образовни институции, НУЦК „Н. Ј. Вапцаров", ЈЛБ „Илинден", НВО-сектор и Дневниот центар за лица со посебни потреби од Делчево. За таа цел ќе се изработи промотивен материјал, а ќе се одржат и прес-конференции.

-Активности поврзани со **буџетската транспарентност-** Организација на форуми на граѓаните за изработка на Буџетот на Општина Делчево, вклучувајќи и родово одговорно буџетирање. Подготовка на пропаганден материјал, прес-конференции, соопштенија, изработка на граѓански буџет и негово популаризирање во медиумите и на општинската веб-страница. Објавување на сите буџетски документи на веб-страницата, отчети за работата и сл. Активностите ќе се реализираат во текот на целата година.

- -Промоција на активностите за **родова еднаквост на Општина Делчево.** Организирање прес-конференции, изјави, информации, соопштенија, трибини, јавни дебати, подкасти и користење други медиумски алатки со цел информирање на јавноста за значењето на родовата еднаквост. Во соработка со НВО ЖЕНА во текот на 2026 година се планира издавање на електронски квартален билтен со актуелни информации и содржини поврзани со теми за жени и девојки (застапување на политики, претприемништво и економска независност, здравје на жените, ментална хигиена...) со колумни на одредени теми. Цел: Да се зајакне информираноста и свеста на жените и девојките за важни теми, како што се: застапување политики, претприемништво, здравје и ментална хигиена, преку редовни и достапни информации што ќе го поттикнат нивното активно учество и личен развој. Билтенот ќе црпи содржина од општествениот контекст во 2026 година, законските измени поврзани со правата на жените, локалните политики поврзани со жените од руралните заедници и организациските заклучоци и препораки врз основа на проектот. Теми: Зајакнување на свеста на жените и на мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје; Промовирање на родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството, потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница; Влијанието на климатски промени и енергетската криза врз квалитетот на животот на жените и мажите; Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство; Интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти, родово одговорно буџетирање согласно со методологијата и согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите.)

-Промоција на активностите на Советот на млади на Општина Делчево.
-Промоција на работата на Младинскиот центар во Општина Делчево.

-Учество на Општина Делчево во активности и кампањи организирани од граѓанските организации.

Треба да се има предвид дека листата на активности сублимирани во поимот „промоција" зависат од многу фактори, како на пример, од видот на активноста што се промовира или целта што сакаме да ја постигнеме што оди во прилог на флексибилноста на Програмата. Овој дел од Програмата ќе се работи во партнерство со други локални институции, бзинис-секторот и НВО-секторот.

## VI ЦЕЛНИ ГРУПИ

**Општината секогаш ќе ги зема предвид спецификите на секоја од целните јавности: навиките на информирање, јазикот и начинот на обраќање, потребите и интересите и сл.**

**Целни групи:**

1. Жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на на Општина Делчево;
2. Урбани и месни заедници;
3. Медиуми (локални, регионални и национални);
4. Бизнис-заедница;
5. Општинска администрација;
6. Земјоделци;
7. Потенцијални инвеститори;
8. Туристички организации;
9. Невработени;
10. Граѓански сектор;
11. Студенти и ученици;
12. Донатори;
13. Маргинализирани групи;
14. Институции;
15. Пошироката јавност и др.

## VII КАНАЛИ И АЛАТКИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА

Со цел да оствари редовна и непречена комуникација, Општина Делчево во 2024 година, а во време на дигитална ера, ќе се фокусира на новите, современи електронски средства за информирање кои се покажуваат како моќни и поекономични алатки за пренесување на информациите. Со оглед на разновидноста на целните групи, Општина Делчево ќе ги користи и основните, веќе постојни канали за комуникација:

**1.Традиционални и нови медиуми**

Општина Делчево како свои канали за комуникација ќе ги користи локалните и регионални медиуми, дописниците на националните медиуми, медиумите што ја покриваат териоторијата на целата држава (телевизии и радиостаници со национална концесија, дневни весници, магазини и др.), информативни портали, социјални мрежи и др. Како алатки за комуникација со новинарите и медиумите ќе користи: прес-конференции, изјави, соопштенија, интервјуа и гостувања во емисии, посети на новинари, брифинзи за новинари, огласување, снимки од седниците на Советот на Општина Делчево.

**2. Печатени материјали**: општински весник, отчет, публикации, извештаи, летоци, брошури, плакати.

3. **Електронски средства**: веб-страница на Општина Делчево, фејсбук-страница и фејсбук-профил на Општината, е-пошта или е-известувања, е-изданија.

4. **Директни контакти**: средби и состаноци со градоначалникот и општинската администрација, јавни расправи, собири (преку месните и урбаните заедници), дебати, настани (свечености).

**5. Други канали**: огласна табла, сандаче за поплаки, пофалби и предлози, промотивни материјали.

За остварување на внатрешната комуникација ќе се користи:

1. **Лична комуникација:** колегиуми, состаноци на ниво на сектори и одделенија, состаноци меѓу сектори и одделенија, состаноци 'еден на еден', друштвени собири (забави, прослави, награди и признанија и сл.), состаноци на сите вработени.
2. **Писмена комуникација:** општинско гласило, огласна табла.
3. **Електронска пошта**
4. **Споделени ресурси на интерна мрежа**

## VIII Табеларен приказ на активностите и индикатори

| 1. област на делување- Отвореност и транспарентност во служба на граѓаните | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерки** | **Активности** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет и временска рамка** |
| Редовно и навремено информирање на граѓаните за работењето на Општината (за тековни проекти, планови за нови проекти и политики, законски обврски на граѓаните, манифестации, законски измени, резултати од сработеното, за работата на Советот и др. | Континуиран и систематизиран проток на информации до сите граѓани како корисници на услуги од локалната самоуправа, како и на медиумите како моќни алатки за пренесување на информациите.<br>--редовно месечно издание на општински информатор „Инфо Делчево" е-издание и печатено) | -Број на објавени објави;<br>-Број на посети на веб-страницата (Ж/М)<br>-Број на посети на фб-страницата на градоначалник (Ж/М)<br>-Број на посети на фб-страницата на Општина Делчево<br>-Број на коментари и реакции на фб страницата на градоначалник и на Општина Делчево (Ж/М);<br>--бр. на е-изданија и печатени изданија на општински информатор „Инфо Делчево" | Лице за односи со јавноста ИТ-лице | Континуирано во текот на 2026г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.Зголемување на информираноста жените/мажите од руралните и урбаните средини преку подобрување на директната комуникација | 1.развој на постоечки и креирање нови алатки за комуникација за различни целни групи; | 1.Број на развиени алатки. | ИТ-лица,<br>лице за односи со јавноста,<br>раководни лица од секторите и одделенијата на Општина Делчево | континуирано 2026 |
| | 2.отворени денови на општината; | 2. број на организирани отворени денови на општината;<br>-број на мажи и жени присутни на отворените денови | | |
| | 3.испитувања на јавното мислење преку теренски и онлајн- анкети; | 3.Бр. на организирани јавни или теренски анкети<br>-број на анкетирани граѓани-мажи и жени | | |
| 3.Унапредување на формите и начините на комуникација со медиумите заради подигање на нивото на информираност | -список со теми со кои ќе се иницираат новинарите - изработка на календар за брифинзи, пресови,-редовен прес- клипинг ,-воспоставување контакти со нови новинари и медиуми | -Бр. на теми<br>-бр на одржани брифинзи и пресови<br>-Бр. на присутни новинари/ки<br>- бр. контакти со нови медиуми и новинари | -Лице за односи со јавноста<br>-ИТ-лице | Континуирано 2026 |

## 2. Област Двонасочна комуникација

| Активност | Мерки | Индикатори | Одговорни лица | Буџет/рок на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1.Вклучување на граѓаните во процеси на донесување одлуки на локално ниво | 1.најава и повик за учество на граѓаните на седници на Совет | 1.Број на најави за седници на Совет | Раководни лица од Општина Делчево<br>-лице за од. со јавноста,ИТ-лице | 1.континуирано во текот на 2026г. |
| | 2. пренос на седниците во живо преку соц. медиуми | 2.Бр. на седници во живо | | 2.континуирано во текот на годината/ 30.000 ден за пренос на седници. |
| | 3.организирање родово буџетски форуми за утврдување граѓански приоритети. | 3.бр. на организирани форуми на заедницата<br>-бр. на мажи и жени учесници на форуми<br>-Бр. на приоритети од мажи и од жени | | Ноември 2026 |
| 2.Подигање на свеста и информирање на граѓаните за даночните обврски кон Општината | -редовно информирање за начинот на остварување на приходите на Општината и мотивирање на даночните обврзници и бизнис-секторот за плаќање на обврските.<br>-развивање механизми за двонасочна комуникација (можност за достава на граѓански | 1.Број на објавени информации<br>2.број на механизми за двонасочна комуникација<br>3. број на одржани информативни средби со посебни целни групи<br>-број на присутни мажи и жени на информативните средби | | Континуирано 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | иницијативи и предлози (електронски/лично) | | | |
| 3. Одржување информативни средби со посебни целни групи | - директни средби со одредени целни групи: бизнис-секторот, хендикепирани лица, пензионери, невработени, невладини организации и други, за што најчесто се користат настани или посебни поводи. | -Бр. на одржани информативни средби<br>-бр. на учесници-мажи/жени | Одговорни лица од општината | Континуирано 2026 |

| **3. Област-Развој на капацитетите** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерки** | **Активности** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет/временски рок** |
| 1.Редовно информирање на | -преку електронски алатки или | -Број на одржани состаноци, | Градоначалник | Континуирано во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| внатрешната јавност за случувањата во Општината. | директна комуникација и одржување стручни колегиуми. | -број на присутни-мажи/жени | секретар, раководители, | текот на 2026 г. |
| 2. Јакнење на капацитетите за ОЈ на релевантните лица од јавната администрација: | - подготовка на план за спроведување едукации/ работилници/трибини за лицата задолжени за ОЈ во општината и локалните institutции<br>-следење иновативни решенија и трендови во областа ОЈ,<br>партнерства со агенции, институции и организации. | -број на организирани обуки<br>-број на обучени административни работници-мажи/жени | -лице за односи со јавноста, лице задолжени занинформации од јавен карактер<br>-ит-лице | Континуирано во 2026 |

| **4. Област: Комуникација во улога на промоција** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерки** | **Активности** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет/ временски рок** |
| 1.Кампања „Заедно до поубаво Делчево | | | | |
| | 1.Јакнење на волонтеризмот | 2. број на вололнетри/момчиња/девојчиња<br>-бр. на активности | 2.одговорно лице од општината | 2.Континуирано 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2.организирање еколошки акции | 3.број на организирани екоакции<br>-број на учесници на акциите-м/ж<br>-број на објавени информации<br>-број на прочитани објави-м/ж | 3.одговорни лица, лице за односи со јавноста, ИТ-лице | 3.Континуирано во текот на 2026 |
| 2.Промотивни активности поврзани со работата на Општината од областа на урбанизмот, комуналната хигиена, даноците и таксите, заштитата на животната средина, културата, природното, историското и културното наследство, образованието, работата на Советот на Општината | 1.Промотивен материјал/електронска верзија извештај за работата на Општината-транспарентност и отчетност | -број на читатели(м/ж)<br>- број на коментари<br>-бр. на објави | Одговорни лица по сектори и одделенија во Општината<br>-лице за од. со јавноста;<br>-ИТ-лице во Општината | во текот на 2026/печатење промотивни материјали. |
| | 2.Промоција на Стратегијата за енергетска ефикасност на Општина Делчево по повод 5 Март-ден на енергетската ефикасност. | 2.број на објави<br>-број на прочитани објави и коментари –мажи/жени | одговорни лица за ен..ефикасностПР и ИТ | 2.Ден на ен. ефикасност/ 5 Март 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3.Светскиот ден на водите 22 Март | 3.број на објави<br>Бр.на учесници во настани (девојчиња.момчиња | 3.одговорни лица од ЈКП „Брегалница“ и Општина Делчево;лице за од.и со јавноста;ит-лице од Општината;училишта | 3.Светски ден на водите/22 Март 2026 |
| | 4.поголема безбедност во сообраќајот-преку предвидени кампањи на ОСБСП Делчево. Превентивните кампањи и активности се предвидени во Годишната програма на ОСБСП Делчево. | 4.број на организирани кампањи<br>-број на учесници во кампањите-мажи/жени<br>-број на објавени информации<br>Број на читатели-мажи/жени | 4. одговрни лица од Сектор за урбанизам и ОСБСП,лице за односи со јавноста,ИТ-лице | 4.континуирано во текот на 2026 |
| | 5.Бизнис-форум- презентација на потенцијалите за развој на Општина Делчево пред бизнис-заедницата од Делчево, но и од цела држава, како и од соседните држави, иселениците и сл. | 5.број на организирани презентации<br>-број на учесници-мажи/жени | 5.О. Делчево, НВО, | 5.јули/август 2026<br>Промотивен материјал |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 6.Кампања „Денови на хуманост“:ликовна колонија, продажна изложба, детски претстави, спортски натпревари и сл. материјал. | 6.Број на учесници на настани-мажи/жени | 6. локалните образовни институции, НУЦК „Н. Ј. Вапцаров“, ЈЛБ „Илинден“, НВО-сектор, Дневниот центар за лица со посебни потреби од Делчево, КЛУБ ИНТЕГРА, Општина Делчево | 6. Меѓународен ден на лица со попреченост-3 Декември |
| | 7.буџетската транспарентнот-буџетски форуми;<br>-граѓански буџет<br>-објавување на сите буџетски документи на веб-страницата, отчети за работата и сл. | 7.број на присутни граѓани на форумите/мажи/жени<br>-број на предложени приоритети од мажи и жени | 7.одговорни лица од Сектор за финансии, од ЛЕР, градоначалник | 7.ноември/декемвр и 2026 |
| | 8.Промоција на активностите за родова еднаквост на Општина Делчево и издавање на е-информатор | 8.број на активности/кампањи<br>-број на учесници на настани-м/ж<br>-бр на изданија на е -информатор | 8. КЕМ, координатор за еднакви можности,општ.адм., НВО-сектор | 8.континуирано во 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 9.активности поврзани со работата на Советот на млади и Младинскиот центар | 9.број на настани<br>-број на учесници-мажи/жени | 9.членови на Советот на млади,одговорно лице за млади од Општ.,лице за односи со јавноста, ит-лице | 9.континуирано 2026 |

**IX ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ И РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2026 г.**

За активностите за реализација на Програмата за промоција и комуникација во 2026 година се планирани финансиски средства од програмите во Буџетот на Општина Делчево.

За спроведување на Програмата ќе се искористат расположливите човечки и технички ресурси, средства од донатори, НВО-секторот, институции и сл. Сепак, за одредени активности во насока на унапредување на досегашната комуникација ќе биде потребно да

се алоцираат и ресурси чиј приказ е даден во продолжение:

| **Реден број** | **Активности** | **Планирани средства во денари** |
|---|---|---|
| 1. | Печатење на годишен отчет за работата на Општината и градоначалникот и други промотивни материјали | 70.000,00 |
| 3. | Договор за пренос на седници на Советот | 30.000,00 |
| **Вкупно** | | 100.000,00 |

## X ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со реализацијата на Програмата се очекува да се подобри комуникацијата со јавноста, да се подобри информираноста за работењето на Општината и сите други прашања од интерес на локалната заедница, односно жените и мажите, девојчињата и момчињата во Општина Делчево. Имплементацијата на принципите за доброто владеење: отвореност, транспарентност и отчетност, правичност и еднаквост, вклучувајќи ги механизмите за консултации и за учество, ефективни и ефикасни услуги, јасни, транспарентни и применливи закони и правила, конзистентност и кохерентност во креирањето политики, почитување на владеењето на правото и високи стандарди на етичност,  градат отворена локална власт што е пристапна, транспарентна и респонзивна.

## XI РИЗИЦИ

Ризик е кој било настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнување на стратешките цели на Програмата. Пропуштените можности се, исто така, еден вид ризик**.** Постојат многу различни дефиниции за ризикот, но она што е заедничко за сите нив е: „неизвесноста и можните загуби во услови на неизвесност.“

**Настани кои доведуваат до појава на ризици во реализацијата на Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2026 г, се:**

- ненавремено испраќање на информациите до граѓаните
-неразбирливи информации
-нередовно ажурирање на податоците во веб-страницата
-непочитување на прицилите за транспарентност, отчетност, еднаквост, добро владеење
-несоодветно користење на алатките за комуникација
-нема надградба на капацитетите на лицата задолжени за односи со јавност и ИТ-администраторите
-нарушена соработка со медиумите
-недоволна медиумска покриеност на настаните
-губење на довербата кај граѓаните (м/ж)
-незаинтересираност кај граѓаните (м/ж) за вклучување во процесите на одлучување
-оштетувања на хардверот и софтверот
-здравствена или др. вид криза

## XII СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Секоја стратегија, програма, план или политика изискува и примена на соодветни алатки/ методи на следење на реализацијата на документот. Имајќи ги предвид потребите дека мониторингот е континуиран процес на собирање и анализирање информации за да се утврди колку добро се имплементира одреден проект, програма или политика споредено со очекуваните резултати, мониторингот на Програмата за комуникација со јавноста за 2026 г. на Општина Делчево ќе се врши секој месец во текот на годината од страна на секретарот на Општина Делчево, одговорното лице за односи со јавност и ИТ-лицата (администратори) во Општината.

Со мониторингот се мери ефикасноста, искористени ресурси, активности, резултати, а извори на информација се внатрешните документи, јавно објавени докуемнти на веб-страницата

Мониторингот има за цел да обезбеди редовни повратни информации и показатели за напредок или неможноста да се постигнат посакуваните резултати. Тој, генерално, подразбира собирање и анализирање на податоците во однос на процесот на имплементација, резултатите и корективните мерки кои се препорачуваат.

Исто така, евалуацијата врз реализацијата на Програмата која е систематска и целна проценка за тековни или завршени проекти, програми или стратегија, нивната имплементација и резултати и ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста, ќе се врши еднаш годишно, на крајот на имплементацијата на Програмата.

На крајот на имплементацијата на Програмата ќе се подготви и Извештај за реализација на Програмата кој ќе биде презентиран и даден на усвојување на Советот на Општина Делчево.

**10. 1 План за мониторинг и евалуација на Програмата**

| Индикатор | Извор на податоци | Метод на собирање податоци | Алатка | Фреквенција на собирање податоци | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| **-Број на објавени информации и соопштенија<br>-Број на објавени документи<br>-број на посетители на веб-страницата<br>-број на анкетирани (мажи и жени)<br>-број на учесници ја јавни расправи и форуми (Мажи, жени)<br>-број на настани (комуникација во улога на промоција)<br>-број на кампањи,** | **-Податоци од веб-страницата<br>-листа на присутни и записници од форумите и јавните презентации и средби,<br>-извештај за резултати од анкетни прашалници<br>-аудио и видеозапис** | **Квалитативна, квантитатива и компаративна проценка на податоци.** | **Анализа на силни страни, слаби страни, можности и закани;<br>Мапирање резултати;<br>Дневна мониторинг алатка;<br>Упатство за набљудување.** | **Мониторинг-месечно<br>Евалуација-на крајот од годината** | **Раководител на Одделение,<br>ИТ-лице (администратор) и лице за односи со јавност и НВО** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **-број на директни средби со целни групи<br>-Број на објавени е-информатор „Инфо Делчево“<br>-број на објави во меидуми за Општина Делчево.** | | | | | |

**XI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-298/1**
**30.01.2026**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Николчо Стојменовски**

15.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02 и Сл.Весник на РСМ бр. 84/20, 202/24), Советот на Општина Делчево на својата 4.редовна седница, одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

I.Советот на Општина Делчево на својата 4.редовна седница одржана на 30.01.2026 година, разгледувајќи го текстот на Одлуката за формирање Комисија за унапредување за правата на пациентите донесе Заклучок истата да се врати на доработка и да се усогласи во целост со законските одредби.

II.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09 – 299/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.01.2026 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николчо Стојменовски**,с.р.

**16.** Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје („Сл.весник на РМ" бр.22/2010,136/11, 144/14, 149/15 и 37/16 и 236/22), и член 36 од Законот за локална самоуправа „Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а согласно Советот на Општина Делчево, на својата 4.редовна седница, одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за формирање на Совет за јавно здравје**
**на Општина Делчево**

Член 1

Се формира Совет за јавно здравје на Општина Делчево, составен од 5 члена, од кои 4 члена-претставници на Општината (администрација и Совет на Општина) и 1 член-претставник на Центарот за јавно здравје Кочани, РЕ Делчево.

Член 2

За членови на Советот за јавно здравје се избираат:

1. Тони Стоименовски, претставник на Општината
2. Даниела Такева , претставник на Општината
3. Д-р Адријана Илиевска Велковски , претставник на Советот на Општината
4. Билјана Тодоровска, претставник на Советот на Општината
5. Иван Никовски, претставник на Центарот за јавно здравје Кочани, РЕ Делчево

Член 3

Советот за јавно здравје на Општина Делчево има задача да ги проучува прашањата и политиките во областа на јавното здравје, да изготвува мислења, да дава иницијативи и/или предлози до органите на единиците на локалната самоуправа.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 300/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.01.2026 год. Претседател,
Д е л ч е в о Николчо Стојменовски,с.р.

**17.**Врз основа на член 175 од Законот за заштита на потрошувачите ("Сл.весник на РМ" бр. 236/22), член 56 од Статутот на Општина Делчево, („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2022), Советот на Општина Делчево, на својата 4.редовна седница одржана на ден 2026година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на Совет за заштита на потрошувачите на општина Делчево**

Член 1

Се формира Совет за заштита на потрошувачите на општина Делчево од 9 члена во следниов состав:

1. Николчо Стојменовски, претседател (Совет на Општина)
2. Исусе Десподовски, член (Совет на Општина)
3. Александра Гошевска ,член (Совет на Општина)
4.Зоран Биковски,член, Организација ЖЕНА
5.Розета Такева, член, Организација ЖЕНА
6. Виктор Колевски,член- ЈКП „Брегалница“-Делчево
7. Ванчо Цонев,член- УЗ Трети реон Реон
8. Љупчо Димитровски,член – МЗ с. Драмче
9.Наташа Никовска,член- Државна пазарна инспекција

Член 2

Членовите на советите за заштита на потрошувачите на општините, односно градот Скопје се избираат од редовите на советниците, здруженијата на потрошувачи и од други здруженија на граѓани, јавните претпријатија, стопанските комори и од државните органи на инспекцискиот надзор кои имаат надлежности поврзани со заштита на потрошувачите.

Член 3

Советот за заштита на потрошувачите има задача да предложи локални двегодишни програми за заштита на потрошувачите, во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите на Владата на РМ.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 09- 301 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
2026 год. Претседател,
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

18.Врз основа на член 5 став 2 алинеја 2 од Законот за управување со кризи („Сл.весник на РМ“ бр.29/05 и 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 83/18 и 215/2021 и 124/25), член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013), како и член член 14 став 1 од од Уредбата за

Методологија за изработка на Процената за загрозеност на безбедноста на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената („Сл.весник на РМ“ 128/2023), Советот на Општина Делчево, на својата 4.седница одржана на ден 30.12.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за отпочнување на активности за редовно ажурирање**
**на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево**
**од сите ризици и опасности**

Член 1

Се донесува Одлука за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности.

Ажурирањето се однесува на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности донесена од страна на Советот на Општината со Одлука бр. 09-1411/1 од 01.07.2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-302/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**2026 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**19.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање 09-2676/1од 24.11.2025 година, Советот на Општина Делчево на својата 4. седница, одржана на ден 30.01. 2026 година, донесе

О Д Л У К А
**за финансиска поддршка на Дарко Тасевски**

Член 1

Се одобрува финансиски средства во износ од 20.000.денари по барање na Дарко Тасевски.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за промоција на музички албум „Светлината на светот“ и обработка на стари македонски народни песни во инструментална верзија од албумот „Параходот“.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2026 година на име **Дарко Тасевски** ,на трансакциска сметка 200001522719863, Стопанска Банка АД Скопје.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 303/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.01.2026 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**20.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 4. редовна седница, одржана на ден 30.01.2026 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект станбена куќа згр. бр. 3 –по барање наСтојне Величков**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број**УП I бр. 12-2389** од **03.09.20111** година, од страна на **Стојне Величков од с.Вирче – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **3** изграден на**КП бр.2947 КО Вирче** запишана во имотен лист бр. **38** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09-304/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.01.2026 година — Претседател,
Делчево — Николчо Стојменовски,с.р.

21. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево , на својата 4. редовна седница, одржана на ден 30.01.2026 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект станбена куќа згр. бр. 2 –по барање наСтојне Величков**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број**УП I бр. 12-2389** од **03.09.20111** година, од страна на **Стојне Величков од с.Вирче – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **2** изграден на**КП бр.2947 КО Вирче** запишана во имотен лист бр. **38** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе

урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-305/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.01.2026 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

22.Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 4. редовна седница, одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

ОДЛУКА

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект со намена Ф5 – други објекти на земјоделско земјиште згр. бр. 1** –по барање на **Горанчо Иванов**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект бројУП I бр. 12-198 од **29.06.2018** година, од страна на **Горанчо Иванов од ул.„Вељко Влаховиќ" бр.43 – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект со намена Ф5 – други објекти на земјоделско земјиште –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на**КП бр.1745/1 КО Делчево** запишана во имотен лист бр. **11715** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-306/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.01.2026 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**23.** Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Република Македонија" бр.5/2002), член 18 став 5 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл Весник на Република Северна Македонија" бр.10/2020), член 22 и член 64 став 5 од Статутот на Општина Делчево („Сл. Гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 4 седница, одржана на ден 30.01.2026 година,донесе

О Д Л У К А

**за верификација на мандати на членови на Локален младински совет**

Член 1

Советот на Општина Делчево донесува Одлука за верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет при Општина Делчево и тоа:

1. Искра Георгиевска - Тернипе МК (Ромски културен и едукативен центар) Делчево
2. Ивана Пејчиновска- КУД "Гоце Делчев" Делчево
3. Павел Салтировски - СОУ. М.М.Брицо Делчево
4. Ангела Велковски -"Црвен крст" Делчево
5. Ања Димитровска - СОУ.М.М.Брицо Делчево

Член 2

Мандатот на членовите на Локалниот младински совет на Општина Делчево трае 2 години со право на уште еден избор.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила во рок од 8 дена од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Број 09-307/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.01.2026** **Претседател**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

24. Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 22 од Статутот на Општината Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" бр 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а во врска со Законот за Младинско учество и младински политики (Сл.Весник на РСМ 10/20) и Правилникот за стандарди на квалитет на младинските центри бр.12-923/1 од 07.04.2021 година на Агенција за млади и спорт, Советот на општина Делчево на 4. седница одржана на ден 30.01.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишната програма за работа на Младински центар Делчево за 2026 година**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Годишната програма за работа на Младински центар Делчево за 2025 година поднесена од Здружението Организација ЖЕНА Делчево.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Годишната програма за работа на Младински центар Делчево за 2026 година поднесена од Здружението Организација ЖЕНА Делчево.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09- 308/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.01.2026 година** **Претседател**
**Делчево** **Николчо Стојменовски** ,с.р.

**25.**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање бр.21-161/1 од 20.01.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 4. седница, одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по барање бр.21-161/1 од 20.01.2026 година**

Член 1

Се одобрува парична помош во износ од 45.000 денари на Ловечко здружение „ОСТРЕЦ" Делчево.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за обезбедување на главната награда за Традиционалната ловечка вечер, ловечка пушка марка Baykal калибар 12.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Делчево на име Ловечко здружение „ОСТРЕЦ“ Делчево, на жиро-сметка 200000001990238.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –309/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.01.2026 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**26.**Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020, бр.111/2023 и бр.171/24) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, број 5/2002), Советот на Општина Делчево на 4.седница одржана на ден 30.01.2026 год. донесе:

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за изработка на урбанистички планови на подрачјето**
**на Општина Делчево за 2026 година**

**А. Урбанистички планови за град Делчево:**

1. Генерален урбанистички план за град Делчево
2. Детален урбанистички план- Лесна индустрија и сервиси на м.в. ,,Стар монопол,, Делчево- дел од блок 2,6 ,урбана единица 2- со граници:
   - По осовина на улица Новопроектирана (Крушевска) – североисточна страна
   - По осовина на ул.Маршал Тито – југозападна страна
   - По граници на КП 8761/4, КП8761/2, КП 8764, КП8766 – југоисточна страна

3, Детален урбанистички план за урбана единица 2 , дел од блок 2,7 – ,, Централно градско подрачје,, со граници:
   - Североисточна страна –граничи со река ,,Брегалница,,со спој со ендек
   - Југоисточна страна по оската на водотек на канал
   - Југозападна граница по оска на ул. М тито,, и дел од ,, Солунска,,
   - Северозапад ,северозападна граница на 7561/1 , до ул М Тито ,продолжува по ул.,, ММ Брицо до река Брегалница и се по река до појдовна точка на опфат

4. Детален урбанистички план за Модул М-2 дел од населба Пролет 1 Делчево, урбана единица 1 блок 1,4 со граници:
   - северозападна страна по осовина на улица бр,1
   - југозападна страна по осовина на улица М М Брицо
   - североисточна страна по осовина на улица бр,5 ,по осовина на пешачка патека која излегува на улица бр.2

- југоисток по осовина на улица бр. 2 до спој со пешачка улица

5. Урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М5 Делчево – Македонска Каменица со граници
- североисток: дел од јужна меѓа на к.п. бр. 1136 , к.п. бр.1137 , к.п. бр.1138, к.п. бр.1130, к.п. бр.1129, к.п. бр.1128, к.п. бр.1127, западна мега на к.п. бр. 1103 и к.п. бр. 1102 до пат М5

- југ : Магистрален пат М5 (според нова категоризација А3М)

6. Измена и дополна на Детален урбанистички план за УЕ 3 дел од Блок 3,6 со следниве граници:
- Североисток, од спој на осовина на ендек со осовина на улица Маршал Тито до спој со осовина на ендек (кп 8663 ) кон исток ; од спојот на осовина на улица Маршал Тито со ендек па по осовина на ендек ( кп. 8989/1) кон југ до спој со граница на Генерален урбанистички план (ГУП); од спој со граница на ГУП по западна граница на ГУП до спој со осовина на ендек на запад (кп 8663 );од спој со ендек по течение- осовина на ендек кон север до спој со осовина на улица Маршал Тито

7. Изработка на Детален урбанистички план – Сервисна зона (Исток) Урбана единица 3, дел од Блок 3.1.

8. ДУП за Индустриска зона, УЕ 1 дел од блок 1.2, локалитет Север 1 – Општина Делчево –во прекин

9. Измена и дополнување на детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од Блок 2.2 Кожара ( кп 6017) град Делчево со следниве граници :
   - Одсевер, северозападпоминуванизКП5973/3, КП 5972/3, КП 9008, КП 5983, КП 5984, КП 5985, КП 6016/2, КП 6013, КП 9009, КП 6089, КП 8978/1
   - Одјуг, југоистокпоминуванизКП 8978/1, КП 9009, КП 6042/1, аграничисоКП 6042/5, КП 6041/6, КП 6023, КП 6022/1, КП 6018, КП 9008
   - ОдјугозападпоминуванизКП8978/1
   - Одисток, североистокпоминуванизКП 9008, КП 5970, КП 5971/3, КП 5973/3

10. Детален урбанистички план за УЕ 3 дел од Блок 3,6 –Стара касарна
11. Детален урбанистички план за Спортско рекреативен цента,, Пијанец,, УЕ 2- Блок 2,4–
12. Урбанистички план за село Габрово
13. Урбанистички план за село Град
14. Урбанистички план за село Трaботивиште
15. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО за изградба на објекти со намена А4 – Времен престој и Е1 – Сообраќајни, линиски, површински соларни и фотоволтаични електрани и други инфраструктури КО Вирче, Општина Делчево. (КП бр.227/1, 228, 238, 240, 241, 242, 243 и 5548/2 КО Вирче).

В. Останато

Б. Урбанистички проекти

10 . Донесување - одобрување на Урбанистички проекти согласно член 58 од Законот за урбанистичко планирање

10.1 Урбанистички проект вон опфт на урбанистички план со намена Е1.6 – канализациони инфраструктури, за фекална канализација со пречистителна станица во КО Стамер, Општина Делчево;

10.2 УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГП1 ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВРШИНСКА СОЛАРНА И ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО МОЌНОСТ ДО 0,99MW на дел од КП број: 1392, 1395, 1400, 1403, 1405 и 1408, КО ОЧИПАЛА, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО;

10.3 УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГП1 ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВРШИНСКА СОЛАРНА И ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО

МОЌНОСТ ДО 0,99MW на дел од КП број: 1410, 1411, 1412, 1413, 1417, 1418, 1419 и 1420 КО ОЧИПАЛА, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО.
10.4 УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГП 1 ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВРШИНСКА СОЛАРНА И ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО МОЌНОСТ ДО 0,99MW (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП број: 1390, 1391, 1392, 1393, 1395, 1400 и 1401, КО ОЧИПАЛА, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО;
10.5 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8- инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на нов подземен 10 (20) kv вод и нова бетонско столбна трафостаница 10 (20)/0.4 kv /50kva КО Драмче и КО Бигла, Општина Делчево;
10.6 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани до 1MW на КП 960, КП 961, КП 965, КП 967 и КП 968 КО Очипала, Општина Делчево;
10.7 УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.5- ИЗНФРАСТРУКТУРИ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕТО - ВОДОВОДНА МРЕЖА СО ЦЕВКОВОД ЗА ТРАНСПОРТ НА ВОДА ВО ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ ГОЛАК , КО ДЕЛЧЕВО , КО ТРАБОТИВИШТЕ И КО ВИРЧЕ, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО;
10.8 Урбанистички проект за инфраструктурна градба со намена Е1.5 – Вододни мрежи во населени места и цевководи за транспорт на вода за населено место Вирче, КО Вирче, Општина Делчево;
10.9 Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија - Каблирање со 10(20)кВ кабел, делница ТС 10/0,4 кВ Ѕвегор 2–ТС 10/0,4 кВ Ѕвегор 1 Општина Делчево;
10.11 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е-1.13)- фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1,4 MW на КП 4815, КП 4826 и КП 4829- КО Габрово вонград, Општина Делчево;
10.12 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е-1.13)- фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 2 MW на дел од КП 1736 и дел од КП 1739- КО Делчево, Општина Делчево;

10.13 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е-1.13)- Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 0,3 MW на КП 4453, КП 4461 и КП 4462- КО Ветрен, Општина Делчево
10.14 УРБАНИСТИЧКИ проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е-1.13)- Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1,1 MW на КП 1834/1 и КП 1834/4- КО Делчево, Општина Делчево
10.15 УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (Е-1.13)- Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 0,6 MW на дел од КП 1753/1- КО Делчево, Општина Делчево;
10.16 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во, Општина Делчево
10.17 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за подземен кабел 10/20 kV од КП 1302/2 КО Работивиште до ТС Обел Градба КО Град- Општина Делчево.
10.18 ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ

ЕЛЕКТРАНИ СО МОЌНОСТ ДО 1 MW НА КП 1298 И ДЕЛ ОД КП 1267 КО ТРАБОТИВИШТЕ, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

10. 20 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на ГП 1 за изградба на површинска соларна и фотоволтаична електрана со моќност до 0,99MW на дел од КП број: 1390, 1395, 1398, 1424 и 1425, КО Очипала, Општина Делчево

10.21 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на ГП 1 за изградба на површинска соларна и фотоволтаична електрана со моќност до 0,99MW на дел од КП број: 1417, 1420 и 1423, КО Очипала, Општина Делчево

10.22 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на ГП 1 за изградба на површинска соларна и фотоволтаична електрана со моќност до 0,99MW на дел од КП број: 1395, 1398, 1399, 1400, 1403, 1405, 1410, 1417, 1420 и 1424, КО Очипала, Општина Делчево

10.23 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на ГП 1 за изградба на површинска соларна и фотоволтаична електрана со моќност до 0,99MW на дел од КП број: 1390, 1391, 1392, 1393, 1394, 1395, 1400, 1401, 1402, 1403 и 1405, КО Очипала, Општина Делчево

В. Останато

11. Довршување на постапките за проекти за инфраструктура започнати според Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Службен весник на Република Македонија бр 19/14,44/15,19/15,31/16,163/6,64/18 и 168/18)

12. По покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се донесуваат урбанистички планови опфатени во член 10 од Законот за урбанистичко планирање, во опфат на Генералниот урбанистички план , надвор од опфат катастерските општини на градот сите села во општината.

13. Донесување на Одлуки на Совет за утврдување на потреба од изработка, дополнување на Годишна програма, усвојување Урбанистички планови , Урбанистички проекти и друг вид Урбанистичка документација согласно Законот за урбанистичко планирање

14. Финансирањето урбанистичката документација за потребите на општината го врши Општината од средства предвидени со Буџетот на Општината Делчево додека финансирањето на урбанистичка планска-проектна документација на заинтересирани правни и физички лица ке биде на нивни трошок , согласно законската регулатива.

Број 09- 310/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.01.2026 Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

27.Врз основа на член 94, 95, 96, 97 и 98 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ 15/2015, 98/15, 193/15, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и Службен весник на РСМ 275/2019, 90/2020), а во врска со член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево 15/2013), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на ден 30.01.2026 година, ја донесе следната

## ПРОГРАМА
## за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2026 година

1. ВОВЕД

1.1 Појдовна основа на Програмата

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2026 година претставува основа по која ќе се врши уредувањето на градежното земјиште во општината во тековната година. Во оваа програма се опфатени активностите преку кои ќе се овозможи реализација на утврдените градежни парцели согласно планската документација и искористување на потенцијалот на општината во делот на инвестиции во недвижности и градење, преку што се овозможува и развој на општината.

Реализацијата на оваа Програма ќе донесе системско и планско решавање на актуелните проблеми во патната инфраструктура и уредувањето на градежното земјиште во општина Делчево, а со тоа и одговор на барањата на жителите (жени и мажи) во општина Делчево.

### 1.2 Законска основа

Законска основа за изработката на Програмата за уредување на градежното земјиштена подрачјето на општина Делчево за 2026 година е следнава:

- Врз основа на член 94, 95, 96, 97 и 98 од **Законот за градежно земјиште**(„Службен весник на РМ 15/2015, 98/15, 193/15, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и Службен весник на РСМ 275/2019, 90/2020);

- Член 36 од **Законот за локална самоуправа** (Службен весник на РМ бр.5/2002) ичлен 22 став 1 точка 9 од **Статутот на Општина Делчево** (Службен гласник на Општина Делчево 15/2013);
- **Законот за еднакви можности на жените и мажите** („Службен весник на РМ“ бр.201/2015) и Законот за изменување на законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РСМ“ бр.53/2021) преку кој се воспоставуваат еднаквите можности на жените и мажите во областите утврдени во самиот Закон од страна на субјектите кои имаат обврска да ги воспостават, помеѓу кои и единиците на локална самоуправа.

## 2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено. Изградено градежно земјиште е градежното земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште претставува дејност од јавен интерес.Уредување на градежно земјиште е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост на земјиштето со објекти на комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок и понизок од основниот степен на уреденост.

Од податоците за комуналната инфраструктура на подрачјето на општина Делчево се достапни следните:

- Водоводна инфраструктура

Водоснабдувањето за градот Делчево и за селата Тработивиште, Вирче, Град, Стамер и Полето се врши од општинскиот систем за водоснабдување кој се состои од:

- Акумулација Лошана со акумулационен простор 1 500 000 m3, камено насипана брана со екран од геотекстил H = 41метар;
- Довод од зафатна градба во акумулацијата Лошана до филтер станицата во с.Трaботивиште;
- Филтер станица во с. Трaботивиште со проектиран капацитет од 60 1/sек, а сегашен работен капацитет 27 1/sек;
- Бунари и пумпни постројки во с. Трaботивиште и градот Делчево (две пумпни постројки)
- Резервоарски простор 1100 m3. Едниот во Старо Делчево, 300 m3 и другиот во атарот на с.Звегор, 800 m3;
- Должина на главни цевководи во системот 21,99 км од кои 35% азбестно-цементна
- Должина на разводна мрежа во градот 57,44 км
- Број на куќни приклучоци – 5180
- Каптажа - резервоар и разводна мрежа - 136,95км
- Главен колектор+канализациона мрежа- 69,20 км
- Атмосферска канализација- 1,94 км
- Дистрибутивна мрежа- 50% од цевководната мрежа е азбестно-цементна.

Останатите рурални населени места се снабдуваат со вода за пиење преку локални водоводни системи и чешми.

Табела 1: Должина на главни цевководи во системот

| Реден | Профил | Полиетиленска | PVC | Салонит | Челик | Вкупно м |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 200 | 203 | | 428 | 80 | 711 |
| 2 | 225 | 1015 | 1761 | | | 2776 |
| 3 | 300 | | 4600 | 3100 | | 7700 |
| 4 | 315 | | 2350 | | | 2350 |
| 5 | 400 | | 5270 | 1370 | | 6640 |
| 6 | 450 | | | 1810 | | 1810 |
| Вкупно: | | | | | | **21987** |

***Извор:** ЕЛС Делчево, 2022 год.*

Табела2: Должина на разводна мрежа во градот Делчево

| Ред. број | Профил мм | Поцинкувана | PVC | Салонит | ПЕ | Вкупно м' |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 50 | | 438 | | | 438 |
| 2 | 63 | 380 | 90 | | 5580 | 6050 |
| 3 | 65 | | 121,50 | | | 121,50 |
| 4 | 80 | | | 9800 | | 9800 |
| 5 | 90 | | 6811 | | 3611 | 10422 |
| 6 | 100 | | | 16600 | | 16600 |
| 7 | 110 | | 2807 | | 9587 | 12394 |
| 8 | 140 | | | | 511 | 511 |
| 9 | 150 | | | 650 | | 650 |
| 10 | 160 | | | | 310 | 310 |
| 11 | 200 | | 3620 | 1710 | 1120 | 6450 |
| 12 | 225 | | 75 | | 431 | 506 |
| | Вкупно: | **380** | **13962,5** | **28760** | **21150** | **64252,5** |
| | | | | Број на куќни приклучоци: | | **5180** |

***Извор:**ЕЛС Делчево, 2022 год.*

Табела3: Водоводна мрежа во населените места во општина Делчево

| Реден број | Населено место | Должина од каптажа до резервоар (км) | Должина на разводна мрежа (км) |
|---|---|---|---|
| 1 | с. Звегор | 3,50 | 2,70 |
| 2 | с. Габрово | 0,90 | 3,46 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | с. Стамер | 1,62 | 2,15 |
| 4 | с. Град | 2,16 | 4,59 |
| 5 | с. Вирче | 0,86 | 2,76 |
| 6 | с. Нов Иcтeвник | 3,20 | 2,20 |
| 7 | с. Стар Истевник | 2,50 | 1,80 |
| 8 | с. Разловци | 1,81 | 1,71 |
| 9 | с.Чифлик | 0,75 | 0,82 |
| 10 | с.Ветрен | 2,20 | 1,50 |
| 11 | с.Киселица | 2,50 | 1,60 |
| 12 | с. Очипала | 3,20 | 3,70 |
| 13 | с. Селник | 2,70 | 3,50 |
| 14 | с. Драмче | 5,60 | 28,00 |
| 15 | с. Вратиславци | 1,80 | 1,20 |
| 16 | с. Тработивиште | 4,00 | 8,00 |
| 17 | с.Бигла 1,11, HI, IV | 15,20 | 4,00 |
| 18 | с. Илиово | 3,90 | 1,50 |
| 19 | CPU, "Голак" | 1,90 | 1,50 |
| | ВКУПНО: | 56,92 | 76,69 |
| | СЕ ВКУПНО: | Каптажа - резервоар и разводна мрежа 136,99 км | |

***Извор:*** *ЈПКД Брегалница и ЕЛС Делчево, Одделение за урбанизам, заштита на животната средина.*
*комунални дејности и сообраќај 2022 година*

- Фекална и атмосферска канализација

Во градот Делчево одведувањето на комуналните отпадни води во голем дел се врши заедно со атмосферските води преку постојната канализациска мрежа која во градот Делчево е изградена 92%, додека покриеноста со канализациската мрежа во општината изнесува 68%.

Канализационата мрежа е проектирана со две изливни места лоцирани на колекторите покрај реките Брегалница и Габровчица, а краен реципиент е река Брегалница.

**Табела 4:** Канализациона мрежа во градот Делчево и населените места

| Р. број | Населено место | Должина на главен колектор(км) | Должина на канализациска мрежа(км) | Дијаметар (мм) | Вид на цевка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Делчево | | 20,00 | Ø200 | Бетонски Полиетиленски |
| | | | 2,07 | Ø250 | |
| | | | 2,92 | Ø300 | |
| | | | 7,75 | Ø400 | |
| | | | 2,16 | Ø500 | |
| | | | 0,4 | Ø600 | |
| 2 | Делчево | 0,80 | | Ø300 | Бетонски Полиетиленски |
| | | 0,70 | | Ø400 | |
| | | 0,60 | | Ø500 | |
| | | 2,30 | | Ø600 | |
| | | 0,30 | | Ø800 | |
| | | 1,80 | | Ø1000 | |
| 3 | Село Разловци | | 0,07 | Ø100 | Бетонски |
| | | | 1,63 | Ø200 | Полиетиленски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1,02 | Ø300 | |
| 4 | Село Звегор | 1,20 | 0,95 | Ø200 | Бетонски |
| | | | 0,6 | Ø600 | Полиетиленски |
| 5 | Село Тработивиште | | 2,0 | Ø200 | Полиетиленски |
| | | | 2,0 | Ø250 | |
| | | | 0,25 | Ø350 | |
| 6 | Село Габрово | | 3,84 | Ø250 | Полиетиленски |
| | | 2,40 | | Ø300 | |
| 7 | Село Град | | 5,6 | Ø250 | Полиетиленски |
| 8 | Село Вирче | | 3,95 | Ø250 | Полиетиленски |
| 9 | Село Стамер | 0,23 | | Ø250 | Полиетиленска |
| 10 | Село Полето | | 0,32 | Ø200 | Полиетиленска коругирана |
| | | | 1,78 | Ø250 | |
| | | 0,44 | | Ø315 | |
| | ВКУПНО | 10,77 | 59,23 | | |
| Се вкупно: главен колектор+канализациона мрежа 70 км | | | | | |

***Извор:*** *ЈКПД Брегалница и ЕЛС Делчево, Одделение за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај 2022 година*

Атмосферска канализација во градот Делчево со вкупна должина од 4,17 км е изградена на четири места и тоа еден дел во населба Велко Влаховиќ (Милково брдо) со изливно место во река Габровчица, уште еден дел во населба Милково Брдо – дел 2 со одделување на фекалната од атмосферската канализација која се поврзува со делот од централното градско подрачје на ул. Светозар Марковиќ со изливно место во река Брегалница и еден дел во населба Басарица.

**Табела 5:** Атмосферската канализација во градот Делчево

| Р. број | Населено место | Должина на атмосферска канализација во км | Дијаметар/димензија (мм) | Вид на цевка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Делчево – Милково брдосо дел- 2 | 0,09 | Ø200 | Полиетиленски |
| | | 0,58 | Ø250 | |
| | | 0,45 | Ø315 | |
| | | 0,22 | Ø400 | |
| | | 0,72 | Ø500 | |
| | | 0,20 | 0,400 x 0,300 | АБ канал |
| 2 | Делчево – ул. Светозар Марковиќ | 0,07 | Ø300 | Полиетиленски |
| | | 0,6 | Ø400 | |
| | | 0,14 | Ø500 | |
| 3 | Делчево- Басарица | 1,10 | Ø250 | Полиетиленска коругирана |
| ВКУПНО | | 4,17 | | |

***Извор:*** *Одделение за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај, ЕЛС Делчево, 2022*

Од достапните податоци за уличната мрежа во општина Делчево се врши редовно ажурирање на податоците кои се однесуваат на должината на улици во општина Делчево, при што во 2025 година должината на улици со коловоз од асфалт изнесува 54,72 км, од бехатон 3,38 км и земјен 7,46 км.

## 3. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Целта на оваaa Програма е уредување на градежното земјиште со основен степен на уреденост и ги опфаќа активностите преку кои се овозможува реализација на следнитеактивности и тоа:

1. Просторот-локалитетите кои се предмет на уредувањето со оваа Програма
2. Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште
3. Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура
4. Извори на финансирање на Програмата
5. Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба
6. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии)
7. Динамика на извршување на Програмата
8. Останати активности

**1. Просторот – локалитетите кои се предмет на уредувањето со оваа Програма**

Во текот на 2026 година во градот Делчево ќе се врши уредување на градежното земјиште со делумно уредување – основен степен на уредување под кој се подразбира: непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), улично осветлување, изградба, доградба и реконструкција на водоводна и мрежа за фекална и атмосферска канализација, а на следните локалитети:

а) Населба „Милково Брдо“
б) Населба „Ново Делчево“
в) Локалитет „Шумски расадник“
г) Населба „Станбена зона“ до Спортско рекреативен центар
д) Населба „Звегорска река“
ѓ) Локалитет „Стрелиште“ и „Стар монопол“
е) Локалитет „Стара партизанка“ и „Пекара“
ж) Населба „Старо Делчево“
з) Населба „Стар расадник“ и „Д2“
ѕ) Населба „Басарица“
и) Населба „Пролет“
ј) Локалитет „Индустриска зона“ и „Сервисна зона“
к) Локалитет „Стопански комплекс“
л) Населба „Грамадна“
љ) Централно градско подрачје и урбана единица „2„-дел од блок 2.2
м) Туристичко рекреативен центар Голак
н) Локалитети и селски населби надвор од плански опфат
њ) Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 1207, КО Ѕвегор, Општина Делчево
о) Урбанистички план вон опфат за хотелски комплекси м.в.Стублето, Општина Делчево

**2. Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште**

Како подготвителни работи за уредување и опремување на градежното земјиште се сметаат следните работи: изработка на урбанистичко-планска и техничка документација предвидена со закон и решавање на имотно – правните односи со сопствениците на имотот – експропријација.

Расчистување на градежно земјиште ќе се врши при изградба на основна линиска

инфраструктура.

Степенот на уредувањето на градежното земјиште ќе се врши со основен степен на уредување со изведување на следните работи и по локалитети: изградба на објекти на инфраструктурата заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари без асфалт), изведување на водоводна, атмосферска и канализациона мрежа и улично осветлување, за приклучоци до градежната парцела (не подалеку од 30 м1 од најблискиот дел од објектот).

**3. Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура**

а) Населба **„Милково брдо“** во Делчево

Во текот на 2026 година на локалитетот „Милково Брдо“ предвидено е да се работат следните активности:

1. Крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.
2. Реконструкција на дел од водоводна мрежа
3. Изградба на пристапни патеки и партерно уредување на локации со пристап на улица Питу Гули и локација со пристап на улица Пере Тошев;
4. Изградба на регулација на дел од корито на река Габровчица;
5. Уредување и одржување на паркови и зеленила
6. Јавно осветлување на дел од улица Булевар Македонија
7. Осветлување на паркингот кај Здравствен дом Гоце Делчев;
8. Реконструкција на улица Пере Тошев и дел од Македонска
9. Изградба на атмосферска канализација
10. Изградба на јавен паркинг покрај Булевар Македонија
11. Опремување на детски паркчиња

б)Населба**„Ново Делчево“** во Делчево

Во текот на 2026 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Доградба на улично осветлување
- Крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.
- Реконструкција на дел од водоводната мрежа на ул.„19 Октомври“
- Уредување и одржување на паркови и зеленила
- Регулација на корито на река Брегалница во ЦГП на град Делчево возводно од регулираното корито во должина од 620 м
- Изградба на скејт парк
- Обнова на детското паркче
- Реконструкција и одржување на тениското игралиште

в)Локалитет**„Шумски расадник“** во Делчево

Во текот на 2026 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Изградба на дел од улица Орце Николов;

г)Населба **“Станбена зона“** до Спортско Рекреативен Центар

Во текот на 2026 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Изградба на улици
- Дорадба на водоводна мрежа
- Доградба на фекална канализациона мрежа
- Доградба на атмосферската канализација
- Изградба на улично осветлување

д)Населба**„Звегорска река“**

Во текот на 2026 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Довршување на канализација покрај рег.пат Делчево-Берово
- Изградба на улици во населба Звегорска река

- Редовно одржување на уличното осветлување

ѓ)Населба „Стар Монопол“ и „Стрелиште“

Во текот на 2026 година на овие локалитети ќе се работи на следните активности:

- Доградба на канализациона мрежа
- Доградба на осветлување (улица Маршал Тито и др.)
- Изградба на тротоар на улица Маршал Тито кон Чифлички пат
- Изградба на ул.Петрашевска
- Доизградба на улица „Чифличка“
- Реконструкција на мост на ул.„Маршал Тито“ помеѓу Таушанско маало и Стрелиште;

е)Населба„Стара Партизанка“ и „Пекара“

Во текот на 2026 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Доградба на водоводна линија
- Доградба на фекална канализација

ж)Спортско рекреативен центар Голак

Во текот на 2026 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Реконструкција и изградба на мрежа за водоснабдување
- Поставување на урбана опрема

з)Населба „Старо Делчево“(I, II и III-ти реон) во Делчево

Во текот на 2026 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Изградба на улица Разловечка лев крак
- Изградба на канализациони линии
- Поставување на огради и ракофати на скали и други места каде ќе се јави потреба, како и поправка на скали;
- Канализирање на Пустевски ендек и редовно прочистување;
- Редовно прочистување на Чамлачки ендек;
- Крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.
- Канал за одведување на атмосферска вода од ул.Илинденска во Пустевски андак
- Изградба дел од улица „Брегалничка“ заради пристап на итните служби до станбени куќи покрај Пустевски андак;
- Уредување на простори за детски и спортски игралишта
- Поправка на коловоз од бекатон на улица Брегалничка
- Реконструкција на дел од главен доводен цевковод;
- Дополнување на уличното осветлување (ул.Маршал Тито кон Стрелиште и неколку локации во први реон)
- Нивелирање на шахти и сливни решетки за атмосферска канализација
- Реконструкција на водоводна мрежа со промена на азбестните цевки
- Поставување на решетки за прибирање на атмосферски води
- Појачување на притисокот на водатавопрви реон;
- Поставување на канализациона мрежа на дел од ул.Острец и Влаинска во населба III Реон;
- Уредување на јавната површина покрај Кеј на Брегалница;
- Изградба на кејот на река Брегалница;
- Подобрување на уличното осветлување во Трети реон;
- Изградба на ул.„Влаинска“;
- Изградба на потпорен ѕид на ул.„Индустриска“ заради заштита од поплави;

ѕ)Населба **„Стар расадник“**

Во текот на 2026 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Изградба на улица „Видое Смилевски Бато“ со потпорен ѕид
- Изградба на улица „Грозданец“
- Изградба и доградба на фекална канализација
- Изградба на инфраструктура на улица „Грозданец“
- Осветлување на темните места во Стар расадник и крак од ул.Мито Хаџивасилев Јасмин , улица Маршал Титодо градските гробишта;
- Опремување на детска градинка;
- Изградба на паркинг во парцела на новата градинка;
- Изградба на јавен паркинг покрај локацијата на новата детска градинка

и)Населба **„Басарица“** во Делчево

Во текот на 2026 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Изградба на улици
- Доградба на водоводна мрежа
- Доградба на фекална канализација
- Изградба на дел од атмосферска канализација со колектор кон река Брегалница
- Изградба на спортско игралиште
- Партерно уредување и поставување на урбана опрема
- Изградба на ул.„Ветренска“, „Драмчека“ и „Света троица“
- Обезбедување на приклучок кон постоечката улична мрежа со тротоар и улично осветлување

ј)Населба **„Пролет“** во Делчево

Во текот на 2026 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Изградба на улици
- Изградба на дел од водоводна мрежа
- Доградба на фекална канализација
- Доградба на мрежа за улично осветлување
- Тампонирање на улици
- Изградба на регулација на дел од корито на река Габровчица;
- Изградба на атмосферска канализација за дел од населба Пролет;
- Изградба на посебна улица за единствен пристап до Итната медициска служба во Здравствен дом Делчево;

к)**„Индустиска и сервисна зона“** и **„Сервисна зона“** во Делчево

Во текот на 2026 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Изградба на дел од улична мрежа
- Доградба на водоводна мрежа
- Доградба на фекална канализација
- Доградба на мрежа за улично осветлување
- Дислокација на електричен кабел од 10Кв
- Реконструкција на ул.„Индустриска“

л)Населба **„Грамадна“**

Во текот на 2026 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Доградба на водоводна мрежа
- Доградба на канализациона мрежа
- Изградба на дел од атмосферска канализација

љ) Централно градско подрачје и урбана единица „2“- дел од блок 2.2

Во текот на 2026 година во овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Изградба на мрежа за улично осветлување и поставување на осветлување;
- Изградба на водовод и канализација
- Изградба на дел од атмосферска канализација
- Регулација на корито на река Брегалница во ЦГП на град Делчево низводно од регулираното корито во должина од 500.32 м;
- Изградба на улици Дислокација на електричен кабел од 10Кв
- Партерно уредување и поставување на урбана опрема

м) Урбанистички план вон опфат за хотелски комплекси м.в.Стублето, Општина Делчево

Во текот на 2026 година во овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Изградба на водоводна мрежа

н)Локалитети вон градежен реон и селски населби

Активности кои се планираат за 2026 година во овие населби се во останати активности:

- Довршување на канализација во с.Ѕвегор;
- Доизградба на улично осветлување во с.Ѕвегор;
- Реконструкција на улица со краци во с.Звегор;
- Довршување на реконструкцијата на спомен дом Разловечко востание во с.Разловци;
- Изградба на улица во с.Разловци;
- Реконструкција на улица во с.Стамер;
- Реконструкција на улица во с.Габрово;
- Реконструкција на селските водоводи во с.Бигла;
- Продолжување на колекторот за фекална канализација во с.Град;
- Доградба на мрежа за улично осветлување во с.Бигла;
- Довршување на канализацијата во с.Габрово;
- Доградба на мрежата за улично осветлување во с.Габрово;
- Реконструкција на водоводна мрежа во с.Вирче;
- Реконструкција на улица во с.Вирче;
- Реконструкција на дел од водоводна линија во с.Стар Истевник;
- Довршување на фекална канализација во с.Полето;
- Реконструкција на водовод во Црнгалска маала во с.Турија;
- Реконструкција на водовод во Ридирска маала во с.Турија;
- Реконструкција на селскиот водовод и зголемување на капацитетот на водата (појачување) во с.Ветрен;
- Изградба на фекална канализација во с.Стамер со пречистителна станица за отпадни води;
- Осветлување на влезот во с.Тработивиште;
- Поставување на улично осветлување во Ќеловска и Тузлучка маала во с.Бигла;
- Реконструкција на водоводната мрежа (замена на азбестни цевки) и надградба на оваа мрежа и на ул.Димитрија Беровски во с.Тработивиште;
- Поставување на урбана опрема во с.Тработивиште;
- Редовно менување на прегорени светилки од улично осветлување и надградба на истото во с.Тработивиште, с.Стамер;
- Чистење на речното корито на река Желевица во с.Тработивиште;
- Реконструкција и доградба на водоснабдителен систем во с.Разловци.
- Реконструкција на ООУ „Св.Климент Охридски“ – подрачно училиште во с.Тработивиште (врати и прозори);
- Реконструкција на училишно игралиште во с.Тработивиште;

- Прочистување на селските ендеци и кејот на Габровска река во селото Габрово;
- Реконструкција на селската чешма во с.Габрово;
- Надоградување на уличното осветлување во с.Габрово и покрај патот кон Делчево;
- Изградба на детски парк со фонтана во с.Габрово;
- Чистење на водотеци во с.Турија;
- Поставување на ограда на мостот во с.Бигла;
- Поставување на канализација во маала Бумбарци во с.Бигла;
- Подобрување на водоводот во с.Вратиславци;
- Чистење на водовод во с.Нов Истевник;
- Редовна замена на светилки во с.Нов Истевник;
- Чистење на резервоар за водаи селските чешмиво с.Стар истевник;
- Подобрување на уличното осветлување во с.Разловци;
- Реконструкција на старата училишна зграда на ООУ „Св.Климент Охридски“ во с.Разловци.

Извори на финансирање

Очекуван прилив на средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште (комуналии) во текот на 2026 година

4.1 Населба Милково Брдо

- инд.станбени згради
- доградби на инд.стан згр. 2 x 7.000,00 = 14.000,00 ден
- деловни објекти

4.2 Населба „Станбена зона“

- изградба на инд.станбени згр. 2 x 180.000,00 ден = 360.000,00 ден

4.3 Населба Ново Делчево

- доградби на инд.стан згр. 2 x 40.000,00 = 80.000,00

4.4 Населба Старо Делчево

- инд.станбени згради
- доградба 2 x 40.000,00 ден = 80.000,00 ден

4.5 Населба Басарица

- инд. станбени згради 3 x 160.000,00 ден = 480.000,00 ден

4.6 Индустриска и Сервисна зона

- Инд. и деловен објект 1x 60.000,00 ден =60.000,00 ден

- 4.7Населба „Стрелиште“
- изградба на инд.стан.згр. 1 x 180.000,00 ден = 180.000,00 ден

4.8 Населба „Пролет“

- изградба на инд.стан. згр. 7 x 220.000,00 ден =1.540.000,00 ден

4.9 Централно градско подрачје

- деловни објекти 1 x 2.000.000,00 ден =2.000.000,00 ден
- станбени згради 2 x 4.000.000,00 дена = 8.000.000,00 ден

4.10 Населба „Звегорска река“

- станбени згради 1 x 120.000,00 дена = 120.000,00 ден

4.11 Надоместок од објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2.000.000,00 ден

4.12 Овозможувањена правен статусна бесправно изградени објекти на подрачјето на

општината . . . . . . . . . . . . . . . . . . 174.850,40 ден

4.13 Урбанистички план вон опфат за хотелски комплекси м.в.Стублето, Општина Делчево . . . . . . . . . . . . . . . . 1 x 2.000.000,00

4.14 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 1207, КО Ѕвегор, Општина Делчево . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1 x 150.000,00

Вкупно:17.238.850,40 ден

Очекувани се и средства кои ќе бидат доделени по поднесени барања (по Огласи, Програми, Конкурси, Повици и др.) од страна на Владата на Република Северна Македонија и други донатори.

5.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба

а)Населба„Милково Брдо“

- геодетски работи 15.00
- урбанистички планови и проекти 100.00
- пробивање на улици 290.00
- водовод 290.00
- канализација 240.00
- улично осветлување 460.00

Вкупно: 1.395,00 ден/м2

б)Населба„Ново Делчево“

- геодетски работи 30.00
- урбанистички планови и проекти 100.00
- пробивање на улици 230.00
- водовод 240.00
- канализација 300.00
- улично осветлување 650.00

Вкупно: 1.550,00 ден/м2

в)Неселба„Шумски расадник“ во Делчево

- геодетски работи 15.00
- урбанистички планови и проекти 55.00
- пробивање на улици 230.00
- водовод 310.00
- канализација 290.00
- улично осветлување 650.00

Вкупно: 1.550,00 ден/м2

г)Населба„Станбена зона“ во Спортско рекреативен центар

- геодетски работи 35.00
- урбанистички планови и проекти 90.00
- пробивање на улици 250.00
- водовод 230.00
- канализација 295.00

- улично осветлување 650.00

Вкупно: 1.550,00 ден/м2

д)Населба**„Ѕвегорска река“** во Делчево

- геодетски работи 32.00
- урбанистички планови и проекти 64.00
- проектирање (улици, водовод,
канализација и електрика) 100.00
- пробивање на улици 250.00
- водовод 180.00
- канализација 362.00
- улично осветлување 420.00

Вкупно: 1.408,00 ден/м2

ѓ) Населба **„Стар Монопол“** и**„Стрелиште“** во Делчево

- геодетски работи 15.00
- урбанистички планови и проекти 55.00
- пробивање на улици 300.00
- водовод 240.00
- канализација 270.00
- улично осветлување 460.00

Вкупно: 1.340,00 ден/м2

е)Населба „**Стара Партизанка**“ и „**Пекара**“ во Делчево

- геодетски работи 15.00
- урбанистички планови и проекти 100.00
- пробивање на улици 290.00
- водовод 290.00
- канализација 240.00
- улично осветлување 615.00

Вкупно: 1.550,00 ден/м2

ж)Населба „**Старо Делчево“** во Делчево

- геодетски работи 15.00
- урбанистички планови и проекти 55.00
- реконструкција на улици 360.00
- водовод 240.00
- канализација 210.00
- улично осветлување 460.00

Вкупно: 1.340,00 ден/м2

з)Населба „**Стар Расадник**“ и „**Д-2**“ во Делчево

- геодетски работи 15.00
- урбанистички планови и проекти 45.00
- пробивање на улици 250.00
- водовод 220.00

- канализација 230.00
- улично осветлување 510.00

Вкупно: 1.270,00 ден/м2

ѕ)Населба**„Басарица“** во Делчево

- геодетски работи 32.00
- урбанистички планови и проекти 64.00
- пробивање на улици 250.00
- водовод 200.00
- канализација 340.00
- улично осветлување 522.00

Вкупно: 1.408,00 ден/м2

и)Населба „**Пролет**“ во Делчево

- геодетски работи 35.00
- урбанистички планови и проекти 65.00
- пробивање на улици 200.00
- водовод 440.00
- канализација 400.00
- улично осветлување 750.00

Вкупно: 1.890,00 ден/м2

ј)Населба **„Индустриска и сервисна зона“**, **„Сервисна зона“„Грамадна“**, локалитет вон градежен реон и селски населби и сите зони со намена **Г1, Г2, Г3 и Г4**

- геодетски работи 750.00
- урбанистички планови и проекти 1,250.00
- пробивање на улици 1,650.00
- водовод 850.00
- канализација 850.00
- улично осветлување 650.00

Вкупно: 6000,00 ден/м2

к)**Централно градско подрачје и урбана единица „2„- дел од блок 2.2**

- геодетски работи 40.00
- урбанистички планови и проекти 60.00
- пробивање на улици 300.00
- водовод 450.00
- канализација 400.00
- улично осветлување 800.00

Вкупно: 2.050,00 ден/м2

л)Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловни објекти и простории по населби

- Населба „Милково Брдо“ во Делчево..................................1.674,00 ден/м2
- Населба „Ново Делчево“ во Делчево..................................1.860,00 ден/м2
- Локалитет „Шумски расадник“ во Делчево...........................1.860,00 ден/м2

- Локалитет „Станбена зона“ до СРЦ во Делчево.................1.860,00 дем/м2
- Населба „Звегорска река“ во Делчево.................................1.690,00 ден/м2
- Локалитет „Стрелиште“ и „Стар монопол“...........................1.608,00 ден/м2
- Локалитет „Стара партизанка“ и „Пекара“............................1.860,00 ден/м2
- Населба „Старо Делчево“ во Делчево.................................1.608,00 ден/м2
- Деловни објекти и простории на ул.„М. Тито“

до почеток на локалитетот „Стрелиште“ во Делчево................1.860,00 ден/м2
- Населба „Стар расадник“ во Делчево..................................1.524,00 ден/м2
- Населба „Басарица“ во Делчево............................................1.690,00 ден/м2
- Населба „Пролет“ во Делчево..............................................2.190,00 ден/м2
- Населба „Грамадна“ ............................................................1.690,00 ден/м2
- Деловни објекти и простории

вон градежен реон и во селските населби.................................260,00 ден/м2
- Централно градско подрачје (ММ Брицо) и
- урбана единица „2“- дел од блок 2.2....................................2.250,00 ден/м2
- Во сите зони со намена Г компатибилна
  намена на делот со намена Б .............................................1.860,00 ден/м2
- Сервисна зона со намена Б ..............................................1.860,00 ден/м2

љ) За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 8000ден/м$^2$ за градежна парцела помножена со утврден коефициент.

м) За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 5000ден/м$^2$ помножена со утврден коефициент и утврден попуст даден во проценти.

н) За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 600 000 денари за една ветерница.

њ) Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за сите објекти во локалитетот „Голак“ ќе се утврди и пресметува во висина од максимално инвестираните средства за изградба на инфраструктурни објекти од страна на Општина Делчево сукцесивно распределени по м2 корисна станбена површина. Пресметка за надомест ќе се врши согласно Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост. Доколку Општината изгради комунална инфраструктура Инвеститорот ќе може да ја користи со Анекс на Договорот.

о) Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за објектите предвидени согласно „Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 1207, КО Ѕвегор, општина Делчево“ ќе се пресметува во висина од максимално инвестираните средства за изградба на инфраструктурни објекти од страна на Општина Делчево и изнесува 15 300 денари по м2 корисна станбена површина за понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура, кој опфаќа непречен пристап до градежните парцели преку изградена патна инфраструктура во рамки на ДУП Пролет, а останатата комунална инфраструктура инвеститорот сам ќе ја обезбеди согласно одобреното Урбанистичкото решение. Пресметка за надомест ќе се врши согласно Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост.

п) Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за објектите предвидени согласно „Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Б5.1 –

Хотелски комплекси на дел од КП 2097, КП 2098 , КП 2105 и КП 2106 КО Делчево, општина Делчево“ ќе се пресметува во висина од максимално инвестираните средства за изградба на инфраструктурни објекти од страна на Општина Делчево и изнесува 20.000 денари по м2 корисна станбена површина за понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура, кој опфаќа обезбедување на водоводна мрежа за приклучок на објектите, а останатата комунална инфраструктура инвеститорот сам ќе ја обезбеди во обем кој му е потребен за функционалност на објектот и фекалната канализација која сам ја изградил ќе ја отстапи на општина Делчево. Пресметка за надомест ќе се врши согласно Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост.

6.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии)

6.1.Надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба до 20% од постојниот габарит на објектот изнесува 50% од цената во зависност од населбата и зоната каде се наоѓа објектот.

6.2.Доколку со изградбата на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметување на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотен лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.

6.3 Во случаите од точка 6.2 површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

6.4.Трошоците за уредување на градежно земјиште се пресметуваат врз основа на корисната површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверената проектна документација, помножени со следните коефициенти

6.4.1 Станбени објекти

- станбени простории 1,00
- станбени простории со висина до 2,50 м1, подпокривен простор 0,20
- лоѓија затворена од три страни 0,40
- подлогија затворена од две страни 0,30
- балкони, тераси 0,20
- заеднички проодни тераси, пасажи 0,20
- помошни простории, остави за гориво, котлара, визба 0,30
- трафостаница од 35 КВ во објект и надвор од објект 0,30
- скалишен простор и заеднички комуникации 0,30
- стражарници, управител, простории за домар 0,50
- Паркиралишта и гаражи 0,10

6.4.2.Деловни објекти, јавни и производствени објекти

- простории 1,00
- магацини 0,50
- Помошни простории, остави за гориво, котлара 0,30
- Трафостаница до 35 КВ во објект и надвор од објект 0,40
- Скалишен простор и заеднички комуникации 0,50
- Паркиралишта и гаражи 0,10
- Логија затворена од три страни 0,50

-  Подлогија затворена од две страни 0,40
-  балкони, тераси 0,30
-  отворен наткриен простор 0,30

6.4.3.За други објекти

-  Катни гаражи 0,05
-  Спортски покриени објекти 0,50
-  Спортски откриени објекти 0,30
-  Гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата 1,0
-  Отворени пазаришта – за 30% од површината на локацијата 1,0
-  Базени 0,20
-  Трафостаници над 35 КВ 1,0

6.4.4.За објектите од група на класи на намена Г-производство, дистрибуција и сервиси:

-  Г1 тешка и загадувачка индустрија 0,05
-  Г2 лесна и незагадувачка индустрија 0,01
-  Г3 сервиси 0,01
-  Г4 стоваришта 0,01

6.4.5.За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетирии и ресторани, авто салони, помошни простории):

-  продажни простории на бензински пумпни станици 1,0
-  услужни простории на бензиски пумпни станици 1,0

6.4.6.За објектите од група на класи на намена Б5- угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта, и за објектите од група на класи на намена А4-хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом:

-  сите простории 0,05

6.4.7.За агроберзи, откупни дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина.

6.4.8.Во корисна површина не се пресметува површината на ѕидовите и други конструктивни елементи, инсталациони канали, окна за лифтови, окна за врати и отворени паркиралишта, подземни резервоари и објекти заштитени како културно наследство.

6.4.9.За објекти за високо образование

-  сите простории 0,5

6.4.10.За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица

-  сите простории 0,05

6.4.11. За линиски инфраструктурни објекти – државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво над 35 кв како и брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа,и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината односно советот на град Скопје согласно член 67-а став (1) од Законот за градење, а инвеститор е општината, општината во градот Скопје односно градот Скопје не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

6.4.12.За објекти за култура:

-  сите простории 0,01

6.4.13.За објекти за терцијална здравствена заштита:

-  сите простории 0,05

6.4.14. За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво,

биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) се утврдува коефициент

0,01

6.4.15. За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) за 50% од површината на градежната парцела се утврдува коефициент

0,01

Коефициентите се земени од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошиците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ“ број 193/2016, 72/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.16/2022).

**До колку дојде до измена на Правилникот во коефициентите за пресметување, пресметувањето ќе се врши со применување на новите коефициенти.**

6.5 При плаќање на комуналии за изградба на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) и објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија, Општина Делчево се обврзува да обезбеди понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура односно обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран пат.

6.6.Плаќањето на комуналиите инвеститорот го плаќа врз основа на заверен основен проект во текот на постапката до поднесување на барање за издавање на Одобрение за градење. Без платен надомест органот не може да издаде Одобрение за градење.

6.7.Плаќањето на приклучок за водовод, канализација, електрична мрежа, такси и сл. паѓа на товар на корисникот на локацијата.

6.8.Трошоците за пристап до дворно место, потпорни ѕидови и слично паѓаат на товар на корисникот на локацијата.

6.9.Трошоците за куќните приклучоци за водовод и канализација од главната градска мрежа до најблискиот дел на објектот на растојани до 30 м1 паѓаат на терет на корисникот на локацијата.

6.10.Трошоците за прекопување на улици за приклучок на градската водоводна и канализациона мрежа и доведување на прекопот во првобитната состојба паѓа на терет на корисникот на локацијата.

6.11.Трошоците за дислокација на водовод, канализација, електрична и ПТТ мрежа за изградба на објекти: доградби, надградби и нови локации во дворни места, паѓаат на товар на корисникот на локацијата.

6.12.Уплатата на средствата ќе се врши на жиро сметка на трезорска сметка на Општина Делчево и Договори за уредување на градежно земјиште со корисниците ќе склучува Општина Делчево.

7.Динамика за извршување на Програмата

Изградата на објекти по оваа Програма ќе биде во согласност од обемот на одобрени и приберени средства. Во текот на годината можат да се градат и други инфраструктурни објекти во колку се одобрат и преведат средства за изградба на истите.

Програмата треба да претставува ориентација за одвивање на дејноста на уредувањето на градежното земјиште, а износите на средствата треба да се земат како ориентациони бидејќи приливот на истите зависи од повеќе фактори.

Приоритет ќе имаат сите започнати објекти а незавршени во претходната година, како и уредување на градежното земјиште во населби каде наплатата на надоместокот за уредување на градежно земјиште е поголем.

8.Останати активности во Општината

- Уредување на паркови и други зелени површини;
- Изградба и одржување на улично осветлување;
- Изработка на проекти за дислокација и доградба на колектор за отпадни води за град

Делчево;

- Поставување и одржување на сообраќајна сигнализација и опрема;
- Реконструкција на објекти во сопственост на Општина Делчево;
- Заштита, уредување и чистење на речни корита во општина Делчево;
- Поставување и обновување на пропусти на патишта;
- Изработка на Програма и поставување на урбана опрема во општина Делчево;
- Поставување и одржување на детски паркчиња;
- Обезбедување на приклучок за вода и водоводна линија од с.Габрово кон ТИРЗ Делчево;
- Изградба, реконструкција, доградба и санација на нова или веќе постоечка инфраструктура на сите места каде погоре не е споменато, а се наложи потреба во тековната година;
- Поправка на селските чемши во населените места во општината;

## 4. ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2026

Финансиските средства за организација и реализација на активностите од Годишната програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2026 година е самата локална самоуправа Општина Делчево и тоа преку наплаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште со основен степен на уреденост и истата е изготвена како резултат на предвидувањата и можностите за прилив на средства кои можат да се приберат по основ уредување на градежно земјиште за 2026 год, од одобрени средства од Влада на Република Северна Македонија (по огласи, конкурси, повици и др.) за 2026 година како и од домашни и странски донатори.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Преку реализацијата на оваа Програма се овозможува остварување на погоре наведените цели и се очекуваат следниве резултати:

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари со или без асфалт), пешачки патеки и други површини согласно ДУП;
- функционална водоводна, атмосферска и фекална канализациона мрежа; и
- функционално улично осветлување преку доизградба на мрежата и редовно одржување (посебно на темни точки низ градот и населените места) каде жителите, а посебно жените и децата би се чувствувале побезбедно.

Преку изградбата на инфраструктурите и уредувањето на градежно земјиште се обезбедуваат подобри услови за секојдневното живеење на жителите (жени и мажи) во градот и населените места преку што се подобрува и самиот квалитетот на живот во општината.

## 5. ПРОЦЕНЕТИ РИЗИЦИ

Проценетите ризици кои (доколку е можно) со време ќе се управуваат како не би го нарушиле континуираниот тек на имплементацијата на Програмата. Ризиците кои е можно да се појават се следниве:

- Непостојаност во финансирањето (ограниченост на финансиски средства, инвестиции);
- Технички проблеми;
- Зависност од претходна изработка на ГУП, ДУП, УПВНМ, Урбанистички проекти за инфраструктура, Урбанистички проекти итн.;
- Климатски фактори (поплави, невремиња).

## 6. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Следењето на целиот процес за уредување на градежно земјиште односно мониторингот е многу важен сегмент од програмата и истиот ќе биде извршен од страна на Одделението за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности и сообраќајпри Општина Делчево.

Број 09-312/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30.01.2026

Претседател,
Николчо Стојменовски

АКЦИСКИ ПЛАН

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2026 година**

Буџетска програма и конто 1 **ЦЕЛ:** Целта на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево е делумно уредување на градежното земјиште на подрачјето на општината односно уредување со основен степен на уреденост под кој се подразбира: непречен пристап до градежната парцела од јавен пат или улица со тротоари, улично осветлување, изградба, доградба и реконструкција на водоводна и мрежа за фекална и атмосферска канализација.

| Задача/Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕТО** | Во текот на 2026 година ќе се врши уредување на градежното земјиште со основен степен на уредување во локалитетите наведени во точка 1 од Програмата | Јануари-Декември 2026 | Уредено градежно змејиште за изградба на објекти и уредување на јавни површини согласно потребите на жителите (жени и мажи) во општината | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |
| **2.ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ** | 2.1 Како подготвителни работи за уредување и опремување на градежното земјиште се сметаат следните:<br>- изработка на урбанистичко-планска и техничка документација предвидена со закон;<br>- решавање на имотно - правните односи со | Јануари – Декември 2026 | Обезбедена урбанистичко-планска и проектна документација, решена експропријација, обезбеден основен степен на уреденост на градежното земјиште согласно потребите на жителите (жени и мажи) во општината | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | сопствениците на имотот - експропријација.<br>2.2 Расчистување на градежно земјиште ќе се врши при изградба на основна линиска инфраструктура.<br>2.3 Степенот на уредувањето на градежното земјиште ќе се врши со основен степен на уредување | | | | |
| **3.ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА ИНФРАСТРУКТУРА** | Во оваа точка 3 детално се дефинирани работите кои ќе се извршуваат по локалитети, а се однесуваат на уредувањето на градежното земјиште со основен степен на уреденост | Јануари – Декември 2026 | Уредено градежно земјиште со основен степен на уреденост согласно потребите на жителите (жени и мажи) на општина Делчево | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |
| **4.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА** | 1.Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии);<br>2.Надоместок од утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти (легализација)<br>3.Трансфери и фдинансиска поддршка од | Јануари – Декември 2026 | Обезбедени финансиски средства за реализација на програмата во интерес на потребите на граѓаните (на жените и на мажите подеднакво) во општина Делчево | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Владата (Министерства и институции)<br>4.Средства од меѓународни фондови и проекти | | | Раководител на Сектор | |
| **5.ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА** | Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се утврдува со пресметка по локалитети за станбени и деловни објекти | Јануари – Декември 2026 | Утврдена постапка и критериум за пресметка | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |
| **6.ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КОМУНАЛИИ)** | Пресметката на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии) се врши врз основа на коефициентите за пресметка согласно со Правилникот донесен од страна на Министерството за транспорт и врски | Јануари – Декември 2026 | Применети поволни коефициенти во насока на поголем интерес за изградба на индивидуални и деловни објекти, како и останати објекти согласно потребите на жителите (жани и мажи) во општината | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |
| **7.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА** | Реализација на Програмата | Јануари – Декември 2026 | Динамиката за иврршување на Програмата директно зависи од обезбедувањето (приливот) на финансиски | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | средства, временски услови и тн. | дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |
| **8.ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ** | Како останати активности во Програмата се дефинирани следните:<br>▪ Уредување на паркови и други зелени површини;<br>▪ Изградба и одржување на улично осветлување;<br>▪ Изработка на проекти за дислокација и доградба на колектор за отпадни води за град Делчево;<br>▪ Поставување и одржување на сообраќајна сигнализација и опрема;<br>▪ Реконструкција на објекти во сопственост на Општина Делчево;<br>▪ Заштита, уредување и чистење на речни корита во општина Делчево;<br>▪ Поставување и обновување на пропусти на патишта;<br>▪ Изработка на Програма и поставување на урбана опрема во општина Делчево; | Јануари – Декември 2026 | Уредено градежно земјиште со основен степен на уреденост согласно потребите на жителите (жени и мажи) на општина Делчево | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ▪ Поставување и одржување на детски паркчиња;<br>▪ Обезбедување на приклучок за вода и водоводна линија од с.Габрово кон ТИРЗ Делчево;<br>▪ Изградба, реконструкција, доградба и санација на нова или веќе постоечка инфраструктура на сите места каде погоре не е споменато, а се наложи потреба во тековната година;<br>▪ Поправка на селските чемши во населените места во општината | | | | |

Број 09-311/1
30.01.2026
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски

**28.** Врз основа на член 14 став 4 и член 60 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ" бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15,150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на РСМ" бр.174/21), Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19), Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), член 22 став 1 точка 4 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Делчево (Сл. гласник на Општина Делчево бр.15/2013), Советот на Општина Делчево на седницата одржана на ден 30.01.2026 година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А
## за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2026 година

## 7. ВОВЕД

### 7.1 Појдовна основа на Програмата

Со донесувањето на системските закони за локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините покрај останите добиваат и надлежност која се однесува на изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта и улици. Преку активностите дефинирани во оваа Програма се овозможува надградување и осовременување на постоечката сообраќајна инфраструктура, но и зачувување на нејзината употребна вредност преку редовно и интервентно одржување и заштита. Реализацијата на оваа Програма ќе донесе системско и планско решавање на актуелните проблеми во патната инфраструктура во општина Делчево, а со тоа и одговор на барањата на жителите (жени и мажи) во општината и чекор повеќе во насока на осовременување на патната инфраструктура, подобра сообраќајна комуникација и побезбеден сообраќај за сите учесници во сообраќајот, посебно на пешаците: мажите, жените и децата, но и лицата со попреченост.

Приоритетите се одредуваат аналитички врз основа на предлозите од граѓаните на Буџетски форум, предлози од месните и урбаните заедници, граѓанскиот и бизнис сектор, достапни податоци итн. каде подеднакво се земаат предвид потребите на жените и мажите во општина Делчево.

### 7.2 Законска основа

Законска основа за изработката на Програмата за изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта и улици е следнава законска регулатива, како и подзаконските акти на истата:

- Член 14 и 60 од **Законот за јавните патишта**(Сл.Весник на РМ бр.бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15,150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на РСМ" бр.174/21);

- **Законот за градежно земјиште** ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19);

- **Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата** („Службен весник на Република Македонија" бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) и **Стратегија за безбедност на патиштата и акциски план за Општина Делчево 2023-2027**;

- Член 22 и член 36 од **Законот за локална самоуправа** (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 15 од **Статутот на Општина Делчево** (Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013);

- **Законот за еднакви можности на жените и мажите** („Службен весник на РМ“ бр.201/2015) и **Законот за изменување на законот за еднакви можности на жените и мажите** („Службен весник на РСМ“ бр.53/2021) преку кој се воспоставуваат еднаквите можности на жените и мажите во областите утврдени во самиот Закон од страна на субјектите кои имаат обврска да ги воспостават, помеѓу кои и единиците на локална самоуправа.

Согласно погоре наведеното, со оваа Програма се опфатени мерки и активности со планирано финансирање, преку кои се очекуваат следните ефекти, а кои се однесуваат подеднакво на сите 13 585 жители, односно и на жените (6 779) и на мажите (6 806)во Општина Делчево:

- зголемување на должината на патната и улична мрежа со современ коловоз;
- удобност при патување, превозливост и поврзување со останатата сообраќајна мрежа (општинска или државна);
- зголемување на безбедноста во сообраќајот преку утврдување на режими на сообраќај и поставување на сообраќајна сигнализација и опрема на патишата и улиците;
- подобрување на условите за движење на пешаците преку изградба, реконструкција или одржување на тротоарите и пешачките патеки;
- функционална состојба на сообраќајната инфраструктура преку периодично, редовно и интервентно одржување.

## 8. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Патната инфраструктура во Општина Делчево се состои од магистрални, регионални и локални (општински) патишта, од кои приближно 57% од вкупната должина на сите патишта припаѓа на општинските. Магистралните и регионални патишта се под ингеренција на институциите и претпријатијата на национално ниво, додека за сообраќајната инфраструктура од локално значење каде припаѓаат и општинските патишта надлежноста ја имаат единиците на локална самоуправа.

Општина Делчево ја сочинуваат градот Делчево и уште 21 населено место. Голем дел од овие населени места се доста оддалечени од градот, а од кои повеќето се села од разбиен тип со одделни маала до кои се обезбедува пристап преку земјени патиштакои не се категоризирани, од што може да се заклучи дека Општината располага со долга мрежа на општински (локални) патишта преку која овие населени места се поврзуваат со градот Делчево, но и со останатите населени места во општината.

Во изминатите години постојано се инвестира во изградба и реконструкција на локалната патна мрежа, но сепак потребни се многу повеќе средства за подобрување на состојбата на општинско ниво.

Категоризацијата на општинските патишта се врши врз основа на Одлука за утврдување на локални патишта донесена од Советот на Општината. Локалната патна мрежа на територијата на Општина Делчево е прикажана во следната табела од која може да се забележи дека на територијата на општина Делчево има 145,82 километри категоризирани општински патишта, од кои околу 52% се асфалтирани патишта (75,93).

Општинската (локална) патна мрежа во километри во 2023 година на територијата на општина Делчево изнесува:

| Општински патишта | 2023 |
|---|---|
| Асфалт | 75,93 |

| | |
|---|---|
| Коцка | 1,00 |
| Макадам | 4,00 |
| Земјани | 58,89 |
| Непробиен | 6,00 |
| Воцелост км | 145,82 |

Извор: Одделение за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај

Во текот на 2024 година во Општина Делчево се изградени нови улици во градот Делчево во три населби, Милково Брдо, Пролет и Шумски расадник, со вкупна должина од околу 1 км. Реализацијата на проектите е со поддршка од Министерството за транспорт и врски на повикот од 2023 и кофинансирање од Општина Делчево.

Во текот на 2024 година во рамки на Проектот за поврзување на локални патишта кој се спроведува преку ЕИП на Министерството за транспорт, беше изработена Контролна листа на план за управување со животната средина и социјалните аспекти при изградба на дел од улицата „Орце Николов“ во локалитетот Шумски расадник, каде градежните работи се планирани и во 2026 година, во која се анализирани и обработени потенцијалните ризици и влијанија врз локалното население (жени и мажи) со акцент на заштитата на животната средина, безбедноста во сообраќајот, пристап до семејни домувања долж улицата итн.. Документот (Контролна листа на ПУЖССА) претставува „прагматична добра практика“ и ќе помогне во оценувањето на потенцијалните влијанија врз животната средина поврзани со утврдувањето на потенцијалните можности за подобрување на животната средина и во препорачување на мерки за превенција, сведување на минимум и ублажување на неповолните еколошки и социјални влијанија каде се вклучени и влијанијата од сообраќајот.

Во 2025 година претежно се работеше на реконструкција на асфалтните коловози на постоечки улиции тоа: „Велко Влаховиќ“, „Благој Стојменов“, „Лика Чопова“, „Ленинова“, „Трст“, „Загребачка“, „Охридска“, „Осоговска“, „Пијанечка“, „19 Октомври“, „Пиринска“, „Солунска“ и „Гоце Делчев“, а изграден беше крак 1 на ул.„Плачковица“ во должина од 90 метри. Од достапните податоци за уличната мрежа во општина Делчево се врши редовно ажурирање на податоците кои се однесуваат на должината на улици во општина Делчево, при што во 2025 година должината на улици со коловоз од асфалт изнесува 54,72 км, од бехатон 3,38 км и земјен 7,46 км.

## 9. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

ОсновнацелнаПрограматазаизградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштитанаопштинскитепатишта и улицивоопштинаДелчево е надградување и осовременувањенапостоечкатасообраќајнаинфраструктура, но и зачувувањенанејзинатаупотребнавредностпрекуредовно и интервентноодржување и заштита.

ОваaПрограмагиопфаќаактивноститепрекукоисеовозможуваатпогоренаведените ефекти распределенивонеколкугрупи и тоа:

*Група А)* Изградба, реконструкцијаилирехабилитацијанаопштинскипатиштакадеседефиниранiактивноститекоисеоднесуваатнаопштинскитепатиштаопределенисоОдлукаодстрананаСоветотнаопштината и пристапни патишта до маалите во населените места во општината;

*Група Б)*Изградба и реконструкцијанаулици, пешачкипатеки и тротоарикадеседефиниранiактивноститекоисеоднесуваатнаулици, пешачкипатеки и

тротоаринаподрачјетонаопштината. Воовaагрупа Б има и подгрупа вокојаседефиниранилокациитезакои е потребнодабидеизработенатехничкадокументација;
*Група В)*Редовноодржувањенаопштинскипатишта, зимско и интервентноодржувањенапатишта и улици.

- *Група А) Изградба, реконструкција или рехабилитација на општински патишта каде се дефинирани активностите кои се однесуваат на општинските патишта определени со Одлука од страна на Советот на општината и пристапни патишта до маалите во населените места во општината*

1. Изградба на дел од локален пат Л-7 Делчево- Косово дабје- Бигла- Турија (стар пат М-27) во должина од 3 км;
2. Довршување (изградба) на крак од општински пат Л-9 кон Димовска маала, с.Драмче;
3. Реконструкција на општински пат Л-18 кон с.Нов Истевник делница Пасјак;
4. Довршување на дел од општински пат Л-13 Габрово -Звегор – Стамер – Град – Вирче – Стар Истевник;
5. Изградба на дел од општински пат Л-18 (отклон од пат Р1302 - Пасјак - Балабанци) делница Пасјак – Балабанци; и
6. Тампонирање на општински пат Л-12 во с.Косово Дабје во должина од околу 0,41км.
7. Асфалтирање на патот кон Филиска маала с.Драмче -4км;
8. Тампонирање на патот кон црквата Св.Петка во с.Селник во должина од 300 м;
9. Тампонирање на патот кон школото во с.Селник во должина од 500 м;
10. Тампонирање на пат во с.Турија;
11. Асфалтирање на пат кон маала Бумбарци и Стефанска маала во с.Бигла во должина од 700м;
12. Тампонирање на патот кон селските гробишта во с.Бигла;
13. Изградба на пристапен пат (крак од ЛП Л-10 А3 – илиово - Турија) кон Витанскаа маала во с.Илиово;
14. Реконструкција на пристапен пат (крак од ЛП Л-2 Делчево – Киселица);

- *Група Б) Изградба и реконструкција на улици, пешачки патеки и тротоари каде се дефинирани активностите кои се однесуваат на улици, пешачки патеки и тротоари на подрачјето на општината. Во оваа група Б има и подгрупа во која се дефинирани активностите и финансирањето кои се потребни за да биде изработена техничка документација*

1. Изградба на улици во Централно градско подрачје;
2. Реконструкција на улица „Мито Хаџивасилев Јасмин“, улицата покрај муслиманските гробишта, проширување на ул.Борис Кидрич и тампонирање во Карачка маала во нас.Стар расадник;
3. Довршување на ул.Чифличка;
4. Изградба на ул.„Ветренска“, „Драмечка“ и крак од ул.„Драмечка“ и довршување на ул.„Св.Троица“ во населба Басарица;
5. Изградба на дел од ул.„Орце Николов“ во локалитет Шумски расадник;
6. Изградба на улици во населба Станбена зона - СРЦ;
7. Изградба на улици во населба Пролет;
8. Реконструкција на улица „Малешевска“;
9. Реконструкција на улица „Индустриска“;
10. Изградба на дел од улица „Видое Смилевски Бато“ со потпорен ѕид;
11. Реконструкција на улица „Пере Тошев“;
12. Изградба на улица во с.Вирче;
13. Реконструкција на ул.Даме Груев и два крака во с.Тработивиште;

14. Реконструкција на три улици во с.Стамер;
15. Изградба на улица „Разловечка“ – лев крак;
16. Изградба на улица во с.Разловци (кај чешмата „Буда“ 100м);
17. Реконструкција на улици во с.Габрово;
18. Изградба на улица во с.Град;
19. Изградба на улица „Голачка“;
20. Довршување на велосипедска патка „Илин камен“;
21. Реконструкција на улици во село Звегор;
22. Изградба на паркинг за новата Детска градинка во населба Стар расадник;
23. Изградба на нов јавен паркинг во населба Стар Расадник;
24. Изградба на улица „Петрашевска“;
25. Реконструкција на улица „Кочо Рацин“;
26. Изградба на кружна крстосница помеѓу улиците „Скопска“, „Методи Митевски Брицо“ и „Булевар Македонија“;
27. Изградба на кружна крстосница помеѓу улиците „Методи Митевски Брицо“ и „Булевар Македонија“;
28. Изградба на кружна крстосница помеѓу улиците „Индустриска“, „Македонска“ и „Булевар Македонија“;
29. Изградба на улица за единствен пристап до Итната медициска служба во Здравстен дом Делчево;
30. Асфалтирање на крак од ул.Влаинска;
31. Изградба на крак на ул.Плачковица;
32. Надградба и подобрување на постоечката пешачка инфраструктура низ градот Делчево (со посебен акцент кон училишта, детски градинки, игралишта итн.);
33. Изградба на јавен паркинг покрај Булевар Македонија;
34. Изградба на улици во населба Звегорска река.

- Во оваа програма се предвидува и изработка на техничка документација за следниве:

- Изработка на проекти за улици, патишта, кружни крстосници, јавни паркиралишта, мостови (пешачки или патни) и објекти на јавен пат за кои не е изработена проектна документација;
- Изработка на основни сообраќајни проекти за улици и патишта и организирано паркирање во општина Делчево.

- *Група В) Редовно одржување на општински патишта, зимско и интервентно одржување на патишта и улици.*

Во оваа Програма се предвидува редовно одржување на општински патишта, зимско и интервентно одржување на патишта и улици:

1. Зимско и интервентно одржување на улиците и патиштата согласно Планот за зимско и интервентно одржување во должина од 169.95 км;
2. Редовно одржување на улици и патишта во должина од 143.0 км
3. Хоризонтална и вертикална сигнализацијаи сообраќајна опрема на улиците и општинските патишта во општина Делчево;
4. Одржување на семафори;
5. Ископ на патни канавки на општински патишта во должина од 15 км;
6. Поставување на пристапни рампи за олеснување на движењето на пешаци, ракофати, огради и настрешници во функција на рампите или скалите, како и санација на скали;
7. Поставување и обновување на пропусти на патишта;
8. Подигање (нивелирање) на пропаднати шахти;
9. Подигнување на решетки или сливници за атмосферска вода;

10. Спуштање на рабниците со нивелација кон пешачките премини во ЦГП;
11. Прочистување на маалски патишта во селата со банкини: чистење на гранките и канавките на патот Очипала-Драмче во с.Драмче, патиштата во с.Селник и пробивање на пат од Караула до Букарска маала во должина од 200м, с.Бигла, чистење на патот со машина во долж.500м во с.Косово дабје; патиштата во с.Турија со ископ на канавки, патиштата во с.Бигла, патиштата во с.Вратиславци чистење со канавки; патиштата во с.Нов Истевник со канавки; патиштата во с.Стар Истевник и патиштата во с.Разловци;
12. Поправка на пат во с.Турија (прелом); и
13. Поправка на слегнување на коловоз на ул.„Ѓорче Петров“ во населба Милково брдо.

## 10. ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2026

Финансиските средства за организација и реализација на активностите од Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево за 2026 година, ќе бидат финансирани, односно обезбедени од страна на:

- Буџет на Општина Делчево;
- Јавно претпријатие за државни патишта;
- Министерство за локална самоуправа преку Бирото за регионален развој;
- Влада на Република Македонија (преку Министерствата и други извори);
- Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој;
- Центар за развој на источен плански регион;
- Проекти за меѓугранична соработка;
- Надоместок за прекопување на општински патишта, улици и тротоари на подрачјето на општина Делчево;
- други приходи.

## 11. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од приливот на финансиски средства во буџетот на Општината, како и обезбедените средства од домашни и странски финансиски институции.

## 12. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Преку реализацијата на оваа Програма се овозможува остварување на погоре наведените цели и се очекуваат следниве резултати:

- Зголемување на должината на патната и улична мрежа со современ коловоз со што се овозможува удобност при патување, превозливост и поврзување со останатата сообраќајна мрежа (општинска или државна);
- Зголемување на безбедноста преку утврдување на режими на сообраќај и поставување на сообраќајна сигнализација и опрема на патишата и улиците;
- Подобрување на условите за движење на пешаците (жени и мажи) преку изградба, реконструкција или одржување на тртоарите и пешачките патеки;
- Функционална состојба на сообраќајната инфраструктура преку периодично, редовно и интервентно одржување.

## 13. ПРОЦЕНЕТИ РИЗИЦИ

Проценетите ризици кои (доколку е можно) со време ќе се управуваат како не би го нарушиле континуираниот тек на имплементацијата на Програмата. Ризиците кои е можно да се појават се следниве:

- Непостојаноствофинансирањето (ограниченостнафинансискисредства, инвестиции);
- Техничкипроблеми;
- Зависностодпретходнаизработкана ГУП, ДУП, УПВНМ, Урбанистичкипроектизаинфраструктура, Урбанистички проекти итн.;
- Климатски фактори (поплави, невремиња).

## 14. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Со оглед на тоа дека мониторингот е континуиран процес на собирање и анализирање информации за да се утврди колку добро се имплементира одреден проект, програма или политика споредено со очекуваните резултати, мониторингот на оваа Програма за 2026 г. на Општина Делчево ќе се врши во текот на годината од страна на Одделението за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај.

Со мониторингот се мери ефикасноста, искористени ресурси, активности, резултати, а извори на информација се внатрешните документи, јавно објавени документи на веб-страницата и други. Мониторингот има за цел да обезбеди редовни повратни информации и показатели за напредок или неможноста да се постигнат посакуваните резултати. Тој, генерално, подразбира собирање и анализирање на податоците во однос на процесот на имплементација, резултатите и корективните мерки кои се препорачуваат.

Евалуацијата која претставува систематска и цела проценка за тековни и завршени проекти или програми, нивната имплементација и резултати и ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста ќе се врши еднаш годишно, на крајот на имплементацијата на Програмата. При тоа согласно член 60 од Законот за јавни патишта ќе биде изработен Извештај за реализација на доделените средства кој ќе биде проследен до Јавното претпријатие за државни патишта.

АКЦИСКИ ПЛАН

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2026 година**

| Буџетска програма и конто | 1 | **ЦЕЛ:** Целта на Програмата е надградување и осовременување на постоечката сообраќајна инфраструктура, но и зачувување на нејзината употребна вредност преку редовно и интервентно одржување и заштита | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача/Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Забелешка** |
| | Вовед<br>Работите на изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици ги вршат општините | - Изработка на техничка документација<br>- Изградба и реконструкција<br>- Одржување и заштита на локалната патна мрежа | континуирано | - зголемување на должината на патната и улична мрежа со современ коловоз за 3%;<br>- зголемување на безбедноста во сообраќајот преку утврдување на режими на сообраќај и поставување на сообраќајна сигнализација (намален број на СН за 5%);<br>- подобрување на условите за движење на пешаците преку изградба, реконструкција или одржување на тротоарите и пешачките патеки; | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | - функционална состојба на сообраќајната инфраструктура преку периодично, редовно и интервентно одржување. | | |
| | **Група А) Изградба, реконструкција или рехабилитација на општински патишта** | Изградба, реконструкција или рехабилитација на општински патиштадо маалите во населените места во општината детално наведени во група А | Јануари – Декември 2026 | Изградени и реконструирани патни правци согласно планот кои ги користат сите жители (жени и мажи) во општина Делчево | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |
| | **Група Б)Изградба и реконструкција на улици, пешачки патеки и тротоари** | Изградба и реконструкција на улиците, пристапните и пешачки патеки, паркиралишта и крстосници наведени детално во група Б | Јануари – Декември 2026 | Изградени и реконструирани улици согласно планот кои ги користат сите жители (жени и мажи) во општина Делчево | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |
| | **Група Б) Изработка на техничка документација** | | Јануари – Декември 2026 | Подготвена техничка документација и | Сектор за урбанизам, | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | - Изработка на проекти за улици, патишта, кружни крстосници, јавни паркиралишта, мостови (пешачки или моторни) и објекти на јавен пат за кои не е изработена проектна документација;<br>- Изработка на сообраќајни проекти за улици и патишта и организирано паркирање во општина Делчево. | | одобренија водејќи сметка за интересот и приоритетите на граѓаните (на жените и на мажите подеднакво) | заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |
| | **Група В) Редовно одржување на општински патишта, зимско и интервентно одржување на патишта и улици** | 1. Зимско и интервентно одржување на улиците и патиштата согласно Планот за зимско и интервентно одржување во должина од 169.95 км;<br>2. Редовно одржување на улици и патишта во должина од 143.0 км<br>3. Хоризонтална и вертикална сигнализација и | Јануари – Декември 2026 | Подобрена, одржана и побезбедна општинска патна мрежа за сите жители но и посетители на општина Делчево (и жени и мажи поеднакво) | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | сообраќајна опрема на улиците и општинските патишта во општина Делчево;<br>4. Одржување на семафори;<br>5. Ископ на патни канавки на општински патишта во должина од 15 км;<br>6. Поставување на пристапни рампи за олеснување на движењето на пешаци, ракофати, огради и настрешници во функција на рампите или скалите, како и санација на скали;<br>7. Поставување и обновување на пропусти на патишта;<br>8. Подигање (нивелирање) на пропаднати шахти;<br>9. Подигнување на решетки или сливници за атмосферска вода;<br>10. Спуштање на рабниците со нивелација кон | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | пешачките премини во ЦГП;<br>11. Прочистување на земјоделски патишта во с.Стамер;<br>12. Прочистување на маалски патишта во селата со банкини: чистење на гранките и канавките на патот Очипала-Драмче во с.Драмче, патиштата во с.Селник и пробивање на пат од Караула до Букарска маала во должина од 200м, с.Бигла, чистење на патот со машина во долж.500м во с.Косово дабје; патиштата во с.Турија со ископ на канавки, патиштата во с.Бигла, патиштата во с.Вратиславци чистење со канавки; | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | патиштата во с.Нов Истевник со канавки; патиштата во с.Стар Истевник и<br><br>патиштата во с.Разловци; и<br>13. Поправка на пат во с.Турија (прелом).<br>14. Поправка на слегнување на коловоз на ул.„Ѓорче Петров“ во населба<br><br>Милково брдо; | | | | |

Бр. 09-312/1

Совет на Општина Делчево

30.01.2026

Претседател

Делчево

Николчо Стојменовски,с.р.

29. Врз основа на чл.75 од Законот за заштита и спасување(Сл.Весник на РМ бр.93/12), член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ бр.5/12),Законот за пожарникарство на РМ(Сл.Весник бр.168(пречистен текст) од 2017 година и член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести(Сл.Весник на РМ 66/2004;139/2008 и 99/2009), Советот на општина Делчево, на својата 4.седница, одржана на ден 30.01.2026 донесе

ПРОГРАМА

за активностите на Општина Делчево од областа на превенција, заштита и спасување од елементарни и други непогоди за 2026 година

1.Вовед

Секторот за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР, Одделение за локален економски развој, превенција, заштита и спасување, за 2026 година ќе спроведува мерки и активности согласно законските норми предвидени за сегментите кои се од областа на превенција, заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од елементарни и други непогоди, како и мерки и активности кои редовно се спроведуваат, а со цел превентивно делување заради заштита на животот и здравјето на населението на територијата на Општината. Во оваа Програма се опфатени мерките и активностите кои во соработка со другите надлежни субјекти ќе ги спроведе Општината (Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2026 година, доставена од ЈЗУ ,,Центар за јавно здравје Кочани,), како и финансиската рамка која е потребна за остварување на истите мерки за 2026 година, согласно Законот за заштита и спасување(”Сл.весник на Р.Македонија” бр.36/04 од10.06.2004 година”), како и” Процена на загрозеност од сите ризици” .

2.Мерки и активности по проблематики со финансиска рамка

а) Заштита и справување со пожари

Во насока на превенција заштита и справување од пожари првично дејствува ТППЕ Делчево, кое нешто е регулирано во Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникари на РСМ.

Во тек е процес за редовно ажурирање на ,,Просторните сили,, при општина Делчево, кои како единица се регулирани во Законот за заштита и спасување и мометално броји 20 припадници. За доопособување и обновување на овие сили и нивно ставање во потполна функција, потребно е превземање на неколку мерки и активности за кои се потребни материјално-финансиски средства од Буџетот на општина Делчево.

<u>Финансиска рамка за,,просторни сили,,:</u>

- -10 работни одела, 1500ден.по 1 комплет(вкупно 15000)
- - Продолжување на ПП посебна дообука во ТППЕ Делчево за 25 лица, по 2 наставни часа за 1 лице 300 денари,или (вкупно 5000 денари)

- -4 напртњачи за гаснење на пожар,1 број е 6000 ден.(вкупно 24.000)
- Предвидливите трошоци се во висина од 44.000денари.
- За следниве ставки се предвидени останатите 106 000денари.
- -Исплата за ангажирање на лице од Просторни сили при ЕЛС Делчево;
  -Снабдување со храна и вода за пиење на ангажирани лица од Просторни сили;
- -Непредвидени трошоци.
- Вкупната варијабилна сума е 150.000 денари, кои сепотребни да бидат предвидени во Буџетот за 2026 година, за ,,просторните сили на ЕЛС Делчево.
- - Рок: Јануари-Ноември 2026 година

б) Заштита и справување со поплави:

За справување со овој вид на елементарна непогода, а со цел заштита на животот и здравјето на граѓаните на Општината и нивните материјални добра, Општината има изготвено соодветен ,,Оперативен план за заштита од поплави,, со кој се предвидени, целите, мерките и активностите, критичните точки, ресурсите, како и потребните буџетски средства за остварување на Програмата во овој дел.

| Р.бр. | Активност | Период на спроведување | Буџет во МКД | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Таргетирање на нови критични точки и постапување согласно тригодишниот акциски план за заштита од поплави | Јануари-Декември 2026 | 10 000,00 | |
| 2 | Постапување по акцискиот план | Јануари-Декември 2026 | 100 000,00 | |
| 3 | Обука на просторните сили за справување со поплави | Јануари-Декември 2026 | 7 500,00 | |
| 4 | Поставување на вреќи со песок на критичните точки | Јануари-Декември 2026 | 30 000,00 | Транспорт и дневни трошици |
| 5 | Известување на населението кое е изложено на директен удар на поплавниот бран | Јануари-Декември 2026 | 12 000,00 | |
| 6 | Набавка на неопходна опрема(вреќи, песок, лопати,моторни пили) | Јануари- Декември 2026 | 15 000,00 | |
| 7 | Извлекување и спасување на луѓе, стока и други добра | Јануари-2026 Декември 2026 | 100 000,00 | |
| 8 | Асанација на теренот | Јануари- | 60 000,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Декември 2026 | | |
| 9 | Дезинфекција и дератизација | Јануари-<br>Декември 2026 | 50 000,00 | |
| **10** | **ВКУПНО** | **2026** | **534,500,00** | |

в) Општи мерки за заштита на населението од заразни болести:

За спроведување на овие мерки ЈЗУ,,Центар за јавно здравје Кочани,, преку ПЕ Делчево изработува Програма(Стручен Елаборат), во која се опфатени следните општи мерки за заштита на населението од заразни болести:
1.Обезбедување на безбедна вода за пиење
2.Обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби
3.Обезбедување на санитарно-хигиенски услови во објектите за храна
4.Обезбедување на санитарно-хигиенски услови во училиштата и предучилишните установи
5.Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин на кој ќе се овозможи заштита на човековата околина од загадување
6.Вршење на превентивна дезифекција, дезинсекција и дератизација во населените места и други јавни површини

7.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

**Мерките се спроведуваат етапно, во текот на целата календарска година и според утврдената динамика, а финансирањето е со средства од Буџетот на општина Делчево.**

**а) Следење на квалитетот и здравствената исправност на водите за пиење од селски водоводи и други алтернативни јавни водоснабдителни објекти**

*Хемиски и бактериолошки анализи...........108 000 денари
**б) Загаденост на р.Брегалница од градската канализација и процена на ризик**
*Хемиски и бактериолошки анализи................6x2000=**12 000** денари
**в) Надзор над детската градинка во општина Делчево**
*Теренски увиди со анкета и изготвување на Извештај........**4 500** денари
**г) Превентивна дезинсекција(Уништување на комарци)**
- Три теристички третирања на комарци =**120 000** денари
- Авионско третирање на комарци на 1000 хектари =203 **900** денари

**д) Дератизација на градска канализација и депонија за комунален отпад = 69 600** денари

(80кг препарат за канализација и 7кг за депонија=87кг.x800ден=**69 600** ден)

| **Вид на активности** | **Цена на активност во МКД** |
|---|---|
| Вода за пиење | 120 000 |

| | |
|---|---|
| р.Брегалница | 12 000 |
| Надзор над градинка | 4 500 |
| Третирање на комарци | 120 000 |
| Општа дератизација | 69 600 |
| ВКУПНО | 325 500 |

Вкупната сума за спроведување на предложената Програма за 2026 година ќе чини 967 500 денари, а доколку се прифати и авионско прскање против комарци (300 000), спроведувањето на Програмата ке ја чини Општината 1,266 *600* ден.

Според дадената проекција, за спроведување на предвидената Програма за 2026 година ќе бидат потребни 1,266 600 *д*енари.

Давањето услуги на Општина Делчево на релација-оценка на кавалитет и здравствената исправност на водата од селските водоводи и јавните природни извори на вода, загаденоста на р.Брегалница, надзор во градинката и општата дезинсекција и дератизација ќе се регулира со посебен договор, склучен помеѓу Општина Делчево и овластените институции во државата.

Број 09-313/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.01.2026 Претседател,
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

30. Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) ичлен 114 став 8, 16 и 17 од Законот за заштита на децата – КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ 2022, како и член 28 од Статутот на ОЈУДГ „Весели Цветови",Советот на Општина Делчево на својата 4. седница, одржана на ден 30.01.2026 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца- Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ"**
**Делчево**

**Член 1**

За членови на Управниот одбор на Општинска јавнаустанова за деца - Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ"Делчево, СЕ ИМЕНУВААТ:

**Како претставници од Совет на родители се именуваат:**

1. Влатко Цинцовски;
2. Кристина С.Цинцовски.

Како претставник од стручниот совет на установата се именува:

1. Снежа Ѓеоргиевска;

Член 2

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09- 314/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.01.2026 година Претседател,
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

31.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/2002), член 6 од Законот за финансирањето на единиците на локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 10 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности(„Службен Весник на Република Македонија" број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15 и 209/18 и „Службен Весник на РСМ" број 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) Советот на Општина Делчево на својата четврта седница одржана на ден 30.01.2026 година, донесе

ОДЛУКА
за прифаќање донација од Друштвото за трговија и услуги „М-Д РЕНТАЛС" ДООЕЛ Скопје на нова вакумска метларка (машина за чистење на улици)

Член 1

Со оваа Одлука Општина Делчево во својство на прималел на донацијата ја прифаќа донацијата од Друштвото за трговија и услуги „М-Д РЕНТАЛС" ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. „ Борис Трајковски" бр.5 во Скопје на нова вакумска метларка (машина за чистење на улици) во вредност од 399.992,00 денари со вклучен ДДВ.

Член 2

Донацијата не создава никаква корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

Член 3

Се задолжува Одделението за правни работи во Општина Делчево да изготви Договор за прифаќање на донацијата со давателот на донацијата и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните државни органи, а Градоначалникот на Општина Делчево да го потпише договорот во име на Општина Делчево како примател на донацијата.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

Бр. 09- 315/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.01.2026 година Претседател,
Делчево Николчо Стојменовски,с р.

32

Врз основа на член 26 став 6 од Законот за експропријација (“Службен весник на Република Македонија” бр.95/12, 131/12, 24/13,27/14, 104/15, 192/15, 23/16, бр.178/16и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.122/21, 111/23 и 208/24), Советот на Општина Делчево, на 4-та седница одржана на 30.01.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за резервирани средства за надомест за одземен имот**
**во Буџетот на Општина Делчево за 2026 година**

**Член 1**

Советот на општина Делчево донесува Одлука за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на Општина Делчево за 2026 година во износ од **4.000.000 денари.** Средствата се планирани во буџетската програма ЈД0-Изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови, расходно конто 485- Вложувања и нефинансиски средства.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09- 316/1**
**30.01.2026 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Николчо Стојменовски,с р.**

– ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО –
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Ул."Светозар Марковиќ" бр.1, 2320 Делчево,
Република Северна Македонија
Тел/фах: 033/411-550, E-mail: info@delcevo.gov.mk
Web: www.delcevo.gov.mk

Република Северна Македонија
Бр, 12 3027/2 од 13.01.2025 г
Општина Делчево

До

Одделение за правни работи

ПРЕДМЕТ: Барање објава во службен гласник на општина Делчево

Почитувани

Бараме од Вас да бидат објавени следниве акти кои ви ги доставуваме во хартија и во дигитална форма ( на маил) – во ПДФ формат

Решение за одобрување на и заверен УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (Е-1.13) - Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1,3 MW на КП 4183 КО Ветрен, Општина Делчево тех.бр. 018/02/23 од декември 2024 г - изработен од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје – Лиценца бр.0018 издадена на 14.01.2019 г. . постапка во систем – 60331

Прилог :
Решение УП1 бр 08-6 од 24.11.2025 г

Изработил: ,

Горан Петровски

Раководител
Тони Ванѓеловски

--ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО--
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Ул. "Светозар Марковиќ" бр.1, 2320 Делчево,
Република Северна Македонија
Тел/факс: 033/411-550, E-mail: info@delcevo.gov.mk
Web: www.delcevo.gov.mk

Република Северна Македонија
Бр, 12-3026/2 од 13.01.2025 г
Општина Делчево

До

Одделение за правни работи

ПРЕДМЕТ: Барање објава во службен гласник на општина Делчево

Почитувани

Бараме од Вас да бидат објавени следниве акти кои ви ги доставуваме во хартија и во дигитална форма ( на маил) – во ПДФ формат

Решение за одобрување на и заверен Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е-1.13) - Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1.3 MW на КП 4832, и КП 5403 - КО Габрово вонград, Општина Делчево тех.бр. 021/02/23 од ноември 2024 г. изработена од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје. Лиценца бр.0018 издадена на 14.01.2019 г . постапка во систем – 61359

Прилог :
Решение УПI бр 08-8 од 18.11,2025 г

Изработил: ,

Горан Петровски

Раководител
Тони Вангеловски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр.08-13/15
14/01/2026 година
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 141 од Статутот на Општината (Службен гласник на Општина Делчево број 15/2013,2/2019 и 1/2021) а во врска со Одлуката за распишување на избор на членови на Совет на месните и урбаните заедници на подрачјето на Општина Делчево број 08-2698/1 од 26.11.2025 година и Одлуката за распишување на избор на членови на Совет на урбаната заедница во Втори реон број 08-13/14 од 14.01.2026 година,Градоначалникот на Општина Делчево објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**За свикување на собир на граѓани за избор на членови на Совет на урбана заедница на Втори реон,Делчево**

1.Градоначалникот на општина Делчево ги поканува жителите на урбаната заедница Втори реон да земат учество на собирот на граѓани за избор на членови на Советот на урбана заедница Втори реон ,Делчево.

2.Изборот на членови на Советот на урбаната заедница на Втори реон ,Делчево ќе се спроведе на ден 22.01.2026 година (среда),со почеток во 16.30 часот,во просториите на Мултифункционалниот Центар во Спомен домот АСНОМ,Делчево.

3.Постапката за предлагање,утврдување и избор на членови на Советите на месните заедници ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапка за избор на членови на Советите на месните и урбаните заедници формирана од страна на Градоначалникот на општина Делчево.

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник**
**Иван Гоцевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО